# Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје

## Ф и л о з о ф с к и ф а к у л т е т

### Институт за педагогија

\- постдипломски студии по менаџмент во образование -


# Планирање и организација на вонnаставни активности по физичко воспитување

**-магистерски труд -**


**Ментор:** **Кандидат:**

**проф.д-р Наташа Ангелоска–Галевска** **Тасевски Горан**


**Скопје, април 2012**

# Содржина:

**Вовед................................................................................................................5**

**I – Теоретски пристап кон предметот на истражување.........................9**

**1. Физичка култура...........................................................................................9**

**1.1. Физичко образование и воспитание........................................................10**

**1.2. Спортска рекреација..................................................................................13**

**1.3. Спорт..............................................................................................................14**

**1.4. Кинезитерапија.............................................................................................16**

**1.5. Поврзаноста на физичкото воспитание со други видови воспитанија.......................................................................................................17**

**2. Физичка култура во основно и средно образование..............................20**

**2.1. Физичко воспитание во основно училиште..............................................20**

**2.2. Спорт и спортски активности во средно образование.............................22**

**3. Вонраставни и слободни активности во системот на образование...........................................................................................................24**

**3.1. Организација на вонраставни активности во основно и средно образование.............................................................................................................30**

**3.1.1. Организација на вонраставни активности во основно осумгодишно образование.............................................................................................................31**

**3.1.2. Организација на вонраставни активности во основно деветгодишно образование.............................................................................................................37**

**3.1.3. Организација на вонраставни активности во средно образование.............................................................................................................39**

**3.2. Задачи и цели на вонnаставните активности.........................................42**

**3.2.1. Задачи на вонnаставните активности во основно образование..........43**

**3.2.2. Задачи на вонnаставните активности во средно образование...........44**

**3.3. Значењето на организирање вонnаставни активности ..............................45**

**3.3.1. Значењето на организирање вонnаставни активности во основните и средните училишта.............................................................................45**

**3.3.2. Значењето на организирање вонnаставни активности по физичко воспитување во основните и средните училишта...........................................47**

**3.4. Воспитната работа во вонnаставните активности.........................................48**

**3.5. Следење на воспитно - образовната работа во вонnаставните подрачја од дејноста...............................................................................................52**

**3.6. Унапредување на вонnаставните подрачја од воспитно – образовната дејност на училиштето..............................................................................53**

**3.7. Законски одредби кои се однесуваат на планирање и реализирање на вонnаставни активности.........................................................................54**

**3.8. Релевантни истражувања............................................................................56**

**4. Планирање и организирање во образованието.................................................. 58**

**4.1.Планирање во образованието.........................................................................58**

**4.2. Организација во образованието.....................................................................60**

**4.3. Планирање и организација на вонnаставни активности…..........................62**

**5. Вонnаставни активности во физичката култура.................................................64**

**5.1. Планирање на вонnаставни активности по физичко воспитување................................................................................................65**

**5.2. Улогата на наставникот и учениците во планирање и организација на вонnаставните активности по физичко воспитување.........................................66**

**5.3. Соработка на училиштето со локалната заедница во реализација на вонnаставните активности по физичко воспитување.........................................68**

**5.4. Евидентирање на вонnаставните активности по физичко воспитување…………………………………………….........................................68**

**5.5. Материјални услови за планирање и организација на воннаставните активности по физичко воспитување......69**

**5.6. Потешкотии кои се јавуваат при реализација на воннаставните активности во основно и средно образование......72**

## II – Методологија на истражувањето......75

**1. Дефинирање на проблемот и основни поими......75**

**1.1. Воннаставни активности по физичко воспитување......75**

**1.2. Дефинирање на основни поими......76**

**2. Предмет на истражување......78**

**3. Цел и задачи на истражувањето......80**

**4. Хипотези......81**

**5. Варијабли......83**

**6. Методи, техники и инструменти на истражувањето......84**

**7. Примерок на истражување......86**

**8. Статистичка обработка на податоци од истражувањето ......88**

**9. Организација и тек на истражувањето......89**

## III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето......90

**1.Интерпретација на резултати добиени од наставници и учениците во основните и средните училишта......90**

## IV. Заклучни согледувања и предлози......127

## V. Користена литература......132

## VI. Прилози......139

# Вовед

Воспитанието и образованието на учениците во основните и средните училишта не може да ги оствари своите цели само во рамките на редовните наставни часови. Затоа во училиштето постојат низа активности кои се организираат во слободното време на учениците, а сепак во рамките на училиштето. Тоа се воннаставните активности.

Воннаставната воспитно-образовна дејност во основното и средното училиште претставува интегрално и мошне значајно подрачје во вкупната воспитно образовна дејност на училиштето, а по својата вредност не заостанува од наставната работа. Подрачјето на воннаставната активност е проткаено со содржини и активности што се реализираат надвор од наставата, а според план и програма за воннаставните ученички активности. Содржините на ова подрачје кое нема третман на настава, поаѓа од општите цели, задачи, принципи и содржини за организирање на воспитно-образовна дејност на училиштето.

Воннаставните активности кои училиштата во Р. Македонија ги реализираат во рамките на повеќе наставни предмети е со цел за подигнување на индивидуалните афинитети, развивање на колективната свест, збогатување на општествениот живот и за осмислување на слободното време на учениците. Воннаставните активности доведуваат до развивање на другарство и натпреварувачки дух, креативно исполнување на слободното време, развивање на способности и афинитети на учениците, афирмирање на училиштето, наставниците и учениците.

Преку воннаставните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и слабости на учениците. При реализирањето на воннаставните активности, учениците спонтано се изразуваат според своите желби и потреби и внесуваат поголема флексибилност, оригиналност, нови идеи и правилно го искористуваат слободното време со кое располагаат. Воннаставните активности

имаат за цел да го збогатат образовниот живот на учениците, да го исполнат нивното слободно време, притоа оневозможувајќи го нивното девијантно однесување. Тие впрочем имаат за цел да ги развиваат конативните и когнитивните способности на учениците, социјализација на личноста, придонесувајќи за нивниот целосен психофизички развој на здрава и способна личност која полесно ќе се интегрира во современите општествени токови.

Вонннаставните активности се важен сегмент за животот и работата во училиштето и се основно обележје на современото училиште. Склоноста на детето, неговите афинитети спрема одредена област можат многу полесно да се препознаат низ овие слободни активности отколку за време на редовната настава.

Конкретно се определивме да го истражуваме планирањето и организирањето на воннаставните активности по предметот физичко воспитување. Интересот на проучување произлезе од тоа што училишната популација се повеќе го поминува времето во седечка положба, па воннаставните активности по физичко воспитување би биле соодветено средство во борба против хипокинезата на училишната популација, а со тоа создавање на здрава и работоспособна младина. Планирањето и организирањето на воннаставни активности по предметот физичко воспитување во училиштето, овозможува да се опфатат сите ученици кои покажуваат интерес за одредена спортска активност без разлика на нивниот социјален статус, додека во спортските школи и клубови потребно е да се одвојат дополнителни материјални средства.

Преку организираните спортски активности надвор од редовната настава, учениците имаат можност да одберат спортска активност спрема своите интереси, афинитети, индивидуални предиспозиции и физички способности. Посетата на воннаставните спортски активности ја намалува можноста за девијантно однесување, а со тоа сите добиваат (училиштата, учениците, родителите и општеството), бидејќи корисно го исполнуваат слободното време на учениците. Во рамките на воннаставните активности со учеството во спортските натпревари, учениците ја јакнат самодовербата и волјата, победничкиот дух, чувството за колегијалност и тимска работа, а сето ова ќе им помогне полесно да се интегрираат во општествениот живот. Гледано од повеќе аспекти, несомнено е огромното значење

за планирање и организирање на вонnаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта, па оттука, произлегува изборот да го истражуваме овој проблем со цел да се утврди дали се планираат и организираат вонnаставни активности по физичко воспитување во основните и средните училишта, кои спортски активности се највеќе застапени, дали наставниците се доволно мотивирани за планирање и организирање на вонnаставни спортски активности, да се види колкав е интересот на учениците за посета на вонnаставните активности по физичко воспитување, како и условите со кои располагаат училиштата за да може непречено да се планираат, организираат и реализираат вонnаставните спортски активности.

Трудот е структуиран во четири глобални дела: Теоретски дел, Методологија на истражување, Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето и Заклучни согледувања и предлози.

Во првата глава од теоретскиот дел елабориран е поимот физичка култура и неговите компоненти како што се : физичкото образование и воспитание, спортската рекреација, спортот, кинезитерапијата како и поврзаноста на физичкото воспитание со другите видови воспитанија. Даден е детален опис на поимите од овие области, како и нивното огромно значење во формирањето на психофизички здрава и работоспособна личност. Во втората глава е опфатен поимот физичка култура во основното и средното образование. Третата глава се однесува на вонnаставните и слободните активности во системот на образование, притоа опфатени се организацијата на вонnаставните активности во образовниот систем, задачите, целите и значењето на вонnаставните активности, воспитната работа, како и нејзиното следење и унапредување во вонnаставните подрачја, законските одредби коишто се однесуваат на планирањето и реализирањето на вонnаставните активности и релевантните истражувања од ова подрачје. Четвртата глава е посветена на планирањето и организирањето во образованието, како и планирање и организирање на вонnаставни активности. Петтата и последна глава се однесува на вонnаставните активности во физичката култура, нивното планирање, улогата на наставникот и учениците во планирањето и организирањето на овие активности, соработката на училиштата со локалната заедница во реализирањето на вонnаставните активности, нивното евидентирање и материјалните услови потребни

за нивна реализација, но и потешкотиите кои се јавуваат при реализацијата на вонnаставните активности во основното и средното образование.

Во вториот дел од трудот прикажана е методологијата на истражување со сите нејзини составни делови: проблемот на истражување, целта, поставените хипотези, примерокот, методите, техниките и инструментите на истражувањето.

Во третиот дел следи анализата и интерпретацијата на резултатите, а во четвртиот заклучните согледувања од резултатите.

Целта на овој труд е да помогне на наставниците во делот на планирањето и организирањето на вонnаставните активности по физичко воспитување.

# I – Теоретски пристап кон предметот на истражување

## 1. Физичка култура

Современите цивилизациски придобивки од аспект на сé понагласената автоматизација и урбаниот начин на живеење, на човекот му го олеснуваат животот, го прават поконфорен, полн со информации, но истовремено (од аспект на мускулни напрегања), поедноличен и физички неактивен. Хипокинезијата е присутна секаде, особено кај училишната популација која голем дел од денот го поминува во седечка положба. На ваквиот начин на живеење, ако се придодадат лошата исхрана и нарушениот биоритам, неминовно е негативно одразување врз здравјето и работниот потенцијал на младиот човек. Во една ваква ситуација со која се соочува општеството и младите, секако дека, физичката култура има свое место и значење како одговор на хипокинезијата, присутна кај училишната младина. Основната алатка на физичката култура е телесната вежба. Секоја осмислена телесна активност, доколку правилно, систематски и стручно се организира, пред се, во училиштата, но и во спортот, спортската рекреација и кинезитерапијата, а притоа се води сметка за интензитетот, возраста, полот и индивидулните способности, може да биде во функција на здравиот и правилен психофизички развој на младината. Фундамент на физичката култура во суштина е правилно и систематски организираната настава по физичко воспитување во училиштата. Останатите подрачја на физичката култура се спортот, спортската рекреација и кинезитерапијата.

Зборот култура е од латинско потекло и во најширока смисла го означува развитокот и усовршувањето на сите видови на човековата дејност, односно збир на сите придобивки на човекот (материјални, духовни и општествени). Полиќ Ф. го објаснува поимот „физичка култура", така што зборот "физичка" треба да не потсетува на материјалната природа на човекот чиешто тело и движење стануваат средство и објект на своевидна физичка активност, додека зборот "култура" ни укажува на човекот како на општествено и хумано суштество кое е субјект и цел на сопственото творечко ангажирање во таа активност."[1]

[1] Polič, F.(1980), *Fizička kultura u samoupravnom socijalističkom društvu*", Beograd: Fizička kultura, str.11.

Поимот физичка култура ги опфаќа термините: физичко образование и воспитание, спортска рекреација, спорт и кинезитерапија. Во поново време термините кои ги опфаќа физичката култура се во континуирана измена и се испреплетуваат, така што најчесто се користат: физичко воспитување, физичко и здравствено воспитување, физичко образование, спорт, телесен одгој, спорт и спортски активности, а во повеќето земји од екс југословенските простори го користат терминот "кинезиологија" што значи наука за движењето на човекот.

Физичката култура е таков облик на култура која ја означува целовитоста на материјалните и културните вредности кои се остваруваат со слободни моторни активности во играта, танците и спортот, кои придонесуваат за задоволување на природните и културните потреби на човекот. Физичката култура е дел од општата култура на човекот, поточно претставува надградба на општата култура.

Спортот и физичкото воспитание во училиштата се составни делови на физичката култура кои не само што позитивно делуваат на психофизичкото здравје на учениците, туку и позитивно делуваат врз целокупниот развој на ученикот. "Физичката култура треба да биде така поставена за да го помага нормалниот физички развој на учениците и да делува на јакнење на телото, на неговата отпорност, на правилниот функционален развој на органите, како и правилен раст и развој на единката. За да се реализира сето ова, треба да се организира еден целовит систем на воспитно-образовна работа, кој не би се ограничил само на наставата, туку и на воннаставните активности."[2]

## 1.1. Физичко образование и воспитание

Физичкото образование и воспитание претставува интегрален дел на целиот воспитно-образовен процес во училиштата. Фактот дека физичкото образование и воспитание е застапено од предучилишните установи, до првите студиски години на сите факултети во Р. Македонија, говори за неговото круцијално значење. Неговото значење не треба посебно да се докажува, бидејќи се повеќе се наметнува како

[2] Cenič, S., Dedič, F., Petrov,N. (2002), *Uvod u Pedagogiju*, Vranje:Aurora, str.140.

потреба, не само од билошки аспект, туку и како активен чинител во развивањето и афирмирањето на интелктуалните и творечки способности на учениците. Неговата примарна функција, доколку е правилно и систематски организирана, како во редовната настава, така и во рамките на воннаставните активности, во голема мерка може позитивно да влијае врз развојот и одржувањето на антропометриските, биомоторичките и функционалните способности на учениците. Денес, тоа треба да претставува рамнотежа меѓу интелектуалните и физичките способности на учениците, само што на сметка на развој на интелектуалните, се занемаруваат физичките способности.

Во литературата, за поимот физичко воспитание постојат голем број на дефиниции кои го објаснуваат поимот од повеќе аспекти, а со тоа и негово полесно и поточно разбирање. Зборот физичко е од старогрчко потекло “физикос“ што значи телесно, а зборот “физис“ – природа, особина, битие.

За зборот воспитание се вели дека е многу сложена, комплексна и повеќеслојна општествена дејност. „Воспитанието е систематско и трајно влијание за формирање на личноста, со однапред определена цел, задачи, содржини и методи, односно може да се каже дека воспитанието е процес на формирање на човекот во физичка, општествена, интелектуална, морална, естетска и работна смисла.“[3]

Познатиот американски теоретичар Л.Брус за физичкото воспитание вели дека е еден аспект на воспитание кое има за цел преку физички активности како што се играта, танцот, спортот и други активности, да даде максимален придонес во оптималниот развоен потенцијал кај одредена индивидуа.[4]

Физичкото воспитание е дел од општото воспитание, односно негова компонента која не може од него да се издвои, бидејќи сите видови на општото воспитание меѓусебно се поврзани, влијаат еден на друг и зависат еден од друг.[5] Така терминот компаративно физичко воспитание го воведува и во својата студија “Компаративно физичко воспитание и спорт“ ги доведува во нераскинлива врска физичкото и културното воспитание.

---

[3]Đorđevič,J., Potkonjak,N., (1986), *Pedagogija*, Beograd: Naučna knjiga, str. 3-4.
[4] Bruce, L. (1961), *Comparative physical education*, New York, SU, str.13.
[5] Митрески, Ѓ. (2002), *Физичко воспитание*, Скопје: Работнички Универзитет “Кочо Рацин“, стр.24.

Д. Антини смета дека спортот и физичкото воспитание се средства на естетското воспитание, притоа тој наведува дека естетското чувство мора да биде слободно поттикнато и тоа не е природна компонента на физичките активности.[6]

Во дидактичка смисла, вежбањето е процес на развивање вештини, навики и работни способности. Според, Михајловски Б. "Физичкото вежбање е процес на развивање на вештини и работни способности со помош на моторните активности кои се причина за одредени промени кај човекот, но во тој процес се остваруваат и други есенцијални потреби на човекот."[7]

Физичкото образование и воспитание претставува интегрален дел на целиот воспитно–образовен процес во училиштата. Фактот што е застапен од предучилишните установи, па се до првите студиски години, говори за неговото значење. Негова примарна функција, доколку е правилно поставено и методски коректно изведено, поточно систематски организирано во рамките на редовната настава, но и во рамките на воннаставните активности, во голема мера може позитивно да влијае врз растот и развојот на антропометриските, биомоторичките и функционалните способности, одржувањето и унапредувањето на здравјето на учениците.

Според А. Атанасовски „тоа е процес кој овозможува човекот рационално и целисходно да управува со сите движења, да знае 'што, како и кога' да ги примени тие движења и при тоа да се менува себеси."[8] Првенствено е насочено кон усвојување и усовршување на моториката со цел да се обезбеди стекнување на потребните моторни умеења, вештини и навики, како и стекнување на одреден квантум на теоретско знаење кое овозможува нивно разбирање и самостојна примена во животот.

Физичкото образование и воспитание не е изолирана педагошка категорија и не може да се сведува само на моторни активности, туку тоа е застапено скоро во сите други облици на човековата активност: трансформациона, сознајна, комуникативна и др., како и тоа дека е тесно поврзано со други видови на воспитание.

---

[6] Antini, D. (1971), *Sport and physical education*, London: Kogan page, str.34.
[7] Михајловски,Б. (2001), *Методика на наставата со основите на физичкото и здравственото образование и воспитание*, Скопје:Педагошки факултет "Св. Климент Охридски", стр.27.
[8] Атанасовски,А. (1990), *Методика на физичко воспитание*, Скопје: Просветно дело, стр.18.

Поврзаноста и меѓусебната условеност на физичкиот и психичкиот развој ја потврдуваат и многубројните истражувања кои укажуваат на некои релации меѓу физичките и психичките способности или физичкиот развој и некои карактеристики на личноста (когнитивни, конативни и др.).

"Земено во целина, се чини дека неспорен е фактот што физичкото образование и воспитание е во позитивна корелација со интелектуалното воспитание, интелектуалниот развој и способности. Како што е наведено во трудот на Ѓ. Митревски „степенот на нивната поврзаност во голем дел зависи од тоа колку процесот на физичкото образование и воспитание е насочен кон јакнење на овие врски, односно во колкава мера се активирани интелектуалните потенцијали кај ученикот."[9]

Физичкото образование и воспитание е органски поврзано со интелектуалната дејност, непосредната условеност меѓу физичката и интелектуалната дејност меѓу централниот нервен систем и локомоторниот апарат притоа создава одлични услови за попродуктивна работа и активен одмор после интелектуалното напрегање.

## 1.2. Спортска рекреација

Поимот рекреација има латинско потекло **"recreatio"** што буквално значи повторно создавање. Во поширока смисла овој термин значи опоравување, освежување, чување на здравјето, активен одмор, забава и рекреација на луѓето.

Според авторите Петровиќ и Стефановиќ рекреацијата како посебно и специфично подрачје на физичката култура има за цел „зачувување на биолошката и социо–психолошката рамнотежа на современиот човек. Таа придонесува за јакнење на здравјето, за зголемување на функционалните и моторичките способности и за формирање стабилни личности во психолошка смисла."[10]

[9] Митревски, Ѓ. (2002), *Физичко воспитание*, Скопје: Работнички Универзитет "Кочо Рацин", стр.113.
[10] Petrovič, D.,Stefanovič, V., (1981), *Problemi teorije i metodologije fizičke kulture*, Beograd: Fizička kultura, str.14.

Спортската рекреација претставува дел од целокупната дејност на човекот надвор од професионалната работа насочена на примена на средствата од подрачјето на физичката култура со цел одржување и унапредување на здравјето, психичко растоварување и активен одмор.[11]

Средствата на физичката култура се применуваат без принуда и обврска, според потребите и интересите на поединецот за зголемување на општите, функционалните и одбрамбените способности на организмот, развиток на човековата личност, задоволување и развивање на неговото творештво како и содржинско искористување на времето надвор од работата.

Спортската рекреација има за цел да ги задоволува секојдневните основни потреби, желби и интереси за активен одмор и корисно исполнето слободно време. Таа се манифестира преку регенерирање, очувување и јакнење на организмот, како и преку зголемување на степенот на физичката способност, издржливост, очувување на здравјето и целосен психофизички развој. Покрај забавата и разонодата, спортската рекреација помага не само за одржување, туку и за подигање на физичката подготвеност и кондиција на луѓето, на повисоко ниво.

Спортската рекреација тежнее кон поврзување на целокупниот развој на личноста: интелектуален, телесен, социјален, морален, здравствен и афективен. Таа претставува важен дел од физичката култура и важен дел на курикулумот во училиштето, како и важен дел за поврзување и надополнување со другите наставни предмети.

## 1.3. Спорт

Спортот како поим означува одредена специфична манифестација на човечкиот живот. Многу теоретичари го третираат како вид, страна, појавна форма на физичкото воспитание. Спортот настанал од играта, тој самиот по себе е еден вид игра, забава и разонода. Латинскиот збор "**disport** " или староанглискиот "**desport**" означуваат нешто што е слично на играта и забавата, но и активност во смисла на

[11]*Sportski leksikon*, (1984), Zagreb: Školska knjiga, str.427.

телесно вежбање. Најчесто спортот се поврзува со натпреварувањето, со борбата во чија основа е настојувањето да го надмине веќе постигнатото, т.е. како што вели Р. Божовиќ "да ги допре, надмине или оспори границите на физичките можности."[12]

Под терминот спорт како појавен облик на физичкото воспитание, ја подразбираме секоја физичка активност која има карактер на игра, а во која има борба со самиот себе и натпревар со други.[13]

Спортот доколку правилно, систематски и стручно е добро организиран, притоа водејќи сметка за интензитетот, возраста, полот и индивидуалните специфичности, позитивно влијае врз здравјето и способноста на учениците. Постојаното и континуирано вежбање на одреден спорт придонесува подобра кондициона состојба, развивање на моторната интелигенција, подобар емоционален живот, зајакнување на имунитетот на организмот, активен одмор после интелектуален замор, социјализација на личноста, јакнење на самодовербата, подобрување на моралноволевите квалитети на личноста итн.

"Спортот е таков вид на физичко воспитание и образование кој се карактеризира со разновидни доживувања на благородна борба која човекот ја води за постигнување на подобри резултати. Главна карактеристика на спортот е натпреварувањето на поединецот или екипата сама со себе и со противникот, со цел постигнување подобри резултати."[14]

Преку натпреварите учениците учат да победуваат, но и да губат, притоа развивајќи ги своите карактерни црти, ја градат својата личност, учат да ги контролираат емоциите и вишокот енергија позитивно да ја канализираат. Спортот како дел од физичката култура и часот по физичко воспитување претставува социјална и културна активност темелена на доброволен избор кој овозможува контакти и ги зајакнува врските меѓу учениците, развивање на свеста, тимско дејствување и остварување на заеднички цели. Поради многубројните позитивни страни на спортот, наставниците по физичко воспитување потребно е почесто да организираат натпревари по редовната настава, на кои учениците ќе ги покажуваат

---

[12] Božovič, R.(nepoznato), *Ka fenomenologiju takmičenja*, Novi Sad: Polja, str.82.
[13] Митревски, Ѓ. (2002), *Физичко воспитание*, Скопје: Работнички Универзитет "Кочо Рацин", стр. 48.
[14] Ibid, стр.63.

своите способности и ќе бидат повеќе мотивирани за постигнување на подобри резултати.

## 1.4.Кинезитерапија

Кинезитерапијата како подрачје на физичката култура, заедно со медицинските науки се занимава со прашања кои се однесуваат на превенцијата и корекцијата на лошото држење на телото и телесните деформитети на децата и младината, во рамките на физичкото и здравствено воспитание и образование од предучилишните установи, па сé до факултетското образование. Како едно од подрачјата на физичката култура, според Шуков Ј. кинезитерапијата претставува „плански и систематски организирано телесно вежбање – активност, кое има за цел да дејствува превентивно, корективно и куративно во однос на одделни аномалии, повреди и заболувања на локомоторниот апарат.“[15]

Од овие причини, примената на кинезитерапијата има свое посебно место во секое подрачје на физичката култура. Користењето на телесната вежба–активност како алатка на кинезитерапијата на часот по физичко воспитување е многу значајна пред сé во превенцијата на учениците од разни деформитети, а потоа и во правец на корекција и куратива. Имено, во раната училишна возраст, а подоцна и во пубертетот поради недоволната активност на учениците, неправилното и долго седење во клупите, тешките ученички чанти и др., придонесуваат за појава на одредени деформитети на локомоторниот апарат. Затоа покрај редовните часови по физичко воспитување потребно е вакви активности (вежби) да се организираат и после наставата како вонннаставни активности со што би се намалила значително појавата на одредени деформитети кај учениците.

[15] Шуков, Ј. (2001), *Основи на кинезитерапијата*, Скопје: Факултет за физичка култура, стр.13-14.

## 1.5. Поврзаноста на физичкото воспитание со други видови воспитанија

Воспитниот процес мора да ги опфаќа сите особини (биолошки, психички, социјални итн.) и мора да тежнее кон хармоничен развој на личноста. Физичкото воспитание е темел на оваа концепција, бидејќи со негова концепција се негува, развива и унапредува физичката конституција, правилно се развива психофизичката способност и здравјето, и заедно со интелектуалното, естетското, моралното и работното воспитание претставува фундамент без кој не би имало хармоничен развој на личноста.

Улогата на физичкото воспитание кај сите педагошки класици високо е вреднувана во однос на оформување на здрава и интегрална личност. Теоретската основа на физичкото воспитание прв пат е изнесена во делото на Платон, "Држава" каде се вели: "Физичките вежби треба да се составен дел на воспитанието, само гимнастиката претставува варварство, а само активноста на духот не е доволна за развој. Оној кој се занимава со наука или друга интелектуална работа мора да биде физички активен."[16]

Гераманскиот педагог Дистервег дава посебен придонес во развојот на теоријата за физичко воспитание, посебно нагласувајќи дека принципот за хармонично воспитание бара потполн развој на телото и духот. Затоа во неговото дело "Раководство за учителите", Дистервег на прво место го става физичкото воспитание сметајќи го за најважен дел на воспитанието.[17]

Џ. Лок, во своето дело "Мисли за воспитанието", вели дека „Најсреќен е оној човек кој има здрав дух и здраво тело, и доколку едно од ова му недостасува тоа не ќе може со ништо да го надомести."[18]

Ж.Ж. Русо во своето дело "Емил" ги изнесува своите мисли за физичкото воспитание. Според него, „телото е основа за интелектуална способност и затоа мора да биде јако и здраво." [19]

---

[16] Гоговска,Л. (1994), *Педагогија*, Скопје: Звезда, стр.82.
[17] Попова-Коскарева, Р. (2004), *Вовед во Педагогија*, Скопје: Графиќ, стр.151.
[18] Копровски,Љ., Петровски,Б. (1986), *Педагогија,* Скопје: Просветно дело, стр. 82.

Физичкото воспитание не е изолирана педагошка категорија и погрешно е ако тоа се изедначува само со изведување на моторни активности или повторување на одредени физички вежби или активности. Тоа е тесно поврзано со сите други видови воспитанија и невозможно е било каква психичка активност да се одвојува од физичката активност и обратно, тие несомнено интегрално дејствуваат. Поврзаноста и меѓусебната условеност на физичкото и другите видови воспитанија е резултат на неколку фактори:

- единство на целта на сите видови воспитанија и воспитанието во целина;

- дијалектика на самиот воспитен процес, по правило не се вклучени одредени елементи на личноста, туку личноста во целина;

- постоење општа основа врз која се заснова воспитанието, т.е активноста.[20]

Голем број истражувања укажуваат на релациите меѓу физичките способности со интелектуалните способности што укажува дека при изведување на било каква моторна задача учествуваат и интелектуалните компоненти на човекот.

Според В. М. Видрин, "усвојувањето и усовршувањето на моторните знаења и навики поминува низ три карактеристични форми на поврзаност на мисловната и моторната активност:

- интелектуалната активност се одвива паралелно со моторната активност;

- мислењето му претходи на практичното изведување и учествува во планирањето и непосредната организација на моторниот акт; и

- мислењето учествува во анализата и оценувањето на извршениот моторен акт."[21]

Некои истражувања покажуваат дека кај луѓето со добра физичка кондиција, интелектуалната работна способност при подолга работа подобро се одржува од оние со послаба кондиција. Оттука, можеме да кажеме дека физичкото воспитание

---

[19] Kragujevič, G., (1991), *Metodika fizičkog vaspitanja*, Beograd: Zavod za udbenike i nastavna sredstva, str.15.

[20] Berkovič, L., (1983), *Povezanost i međusebna uslovljenost fizičkog i drugih vidova vaspitanja*, Zbornik radova, Aranđelovac: SDPFKS, str.19.

[21] Vidrin, B.M.(1980), *Спорт в savremenom obshtestve*, Москва:Физический и спортивные,страницы 36.

има голема важност во развојот на интелектуалното воспитание со сите негови компоненти бидејќи го поттикнува правилниот развој на набљудувањето, го развива вниманието, помнењето, стекнување навики и вештини.

Поврзаноста на физичкото воспитание со моралното, исто така, е неопходна врска во развојот и формирањето на личноста. Рудик П.А. воспитните задачи најчесто ги поврзува со високо ниво на морално-волеви, интелектуални и работни навики, а задачите на моралното воспитание ги ставаат во тесна врска со формирањето на сознанија, чувства, поведение, морално–насочени волеви црти на личноста, поточно давање на знаења за нормите и правилата на поведението во животот и општеството, на моралните постапки и навики.[22] Најдиректно поврзано е со моралното воспитание и позитивно делува за изградување на морално–волеви навики, директно влијае на примерното поведение, формирање на позитивни морални квалитети, критички и самокритички став, позитивни навики, постапки и здобивање со доблести.

Физичкото воспитание, е во функција и на развојот на естетското воспитание на личноста. Руските автори, Б.И. Столјаров и М.Ј. Сараф естетските појави ги поделиле во три групи. Според нив, првата група ги содржи оние кои се однесуваат на неговата содржина, определени како естетска вредност. Втората група ги вклучува чувствата, вкусовите, потребите, идеалите, погледите за теориите, формирајќи го сознанието за спортот и третата група се поврзува со дејноста на човекот во таа област.[23]

На секого му е познато со каква емоционалност е поврзана практиката на физичкото воспитание. За време на наставата по физичко воспитание истовремено доаѓа до развој на естетските навики, развој на естетските доживувања, оформување на чувството за убаво, естетско држење на телото, естетска работа, прецизност и одмереност. Благодарение на таквата емоционална состојба можат да се развијат способности не само за естетски доживувања, туку и за формирање на општ интерес кон учењето.

---

[22] Рудик П.А. (1976), *Психологически основи на физическото възпитание на децата от предучилищна възраст,* София, УИ "Климент Охридски" стр.71.

[23]Столяров, В.И., Сараф, М. J. (1982), *Эстетические проблемы в спорте*, Москва.: Гимнастические и спортивные, str.117.

Една од задачите на воспитанието е да формира позитивен однос кон работата. Создавањето на работните навики може да се одвива паралелно со интелектуалното, моралното и физичкото воспитание. Тоа претставува подлога за здобивање на работни навики и одговорности кон извршување на некоја работна активност. Физичките способности и кондицијата на човекот му овозможуваат со леснотија, побрзо и поголема прецизност да ги изведува своите работни задачи. Учениците треба да разберат и да знаат, колкав труд е потребен за еден спортист да го достигне спортското мајсторство и дека утре таквиот спортист би бил исто така добар во извршување на своите работни обврски.

## 2. Физичката култура во основно и средно образование

### 2.1. Физичкото воспитание во основно училиште

Врз основа на аргументирани научно-теориски сознанија за придонесот што може да го даде физичкото воспитание за вкупниот развој на личноста на ученикот, особено во периодот на неговото основно и средно образование, се донесени и соодветни практични решенија за застапеноста на овој предмет во наставни планови и пошироко во глобалната структура и содржина за одделни степени од образованието.

Промените на воспитно–образовниот систем во последните години, дејствуваа врз промените на физичкото образование, со тенденција да стане суштина на целокупната воспитно–образовна работа. Меѓутоа овие промени се условени од повеќе фактори кои можат да бидат од внатрешен и надворешен карактер.

Како внатрешни фактори можеме да ги наведеме: состојбата на училишната зграда, училишниот двор, опременоста на училиштето со фискултурни сали, отворени спортски терени, училишен стручен кадар, курикулумот и друго.

Надворешните фактори се: влијание на локалната заедница врз развојот и усовршување на физичкото воспитание, општествено–економски односи во државата, итн.

Основното училиште од аспект на физичката култура, претставува појдовна и основна трасирана, планирана и програмирана патека по која ученикот го увежбува, организира, развива и усовршува својот психофизички развој. Имајќи го предвид фактот на современиот начин на живеење, кој на денешните деца им нуди се поголемо седење во училиште и дома со разни теоретски предавања, а слободното време, исто така, е резервирано за новата технологија, (компјутери, видео игри, прекумерно гледање телевизија), улогата на организирана и плански поставена физичка активност на наставен час е од голема важност како за поединецот така и за општеството воопшто. Наставата по физичко воспитување не треба да се гледа од аспект на обука, туку тој процес мора да се продлабочи и прошири за да го опфати целокупниот развој на личноста. Преку предметот физичко воспитување, ученикот од основно училиште би требало да го зацврсти своето здравје, да знае како да се организира, да се социјализира, другарува, самостојно учи, креира и твори, изведува одредени физички вежби, развива чувство за спортски игри и учество во нив. Во контекст на горенаведеното, покрај редовните часови по физичко воспитување потребно е да се планираат и организираат воннаставни активности на кои учениците дополнително ќе се активираат за време на нивното слободно време по наставата. Исто така, со воннаставните активности ќе им се овозможи на учениците да ја збогатуваат својата моторна интелигенција, да ги подобруваат и усовршуваат моторните движења кои ги поседуваат, а притоа се социјализираат, ги јакнат своите карактерни црти, го зајакнуваат своето здравје, го поминуваат корисно слободното време односно пасивниот одмор го заменуваат со активен одмор.

Преку часот по физичко воспитување и воннаставните активности по физичко воспитување учениците изведуваат одредени физички вежби како што се: трчање, скокање, фаќање, превртување, протнување, прескокнување како и развивање на чувство за спортски игри и учество во нив (одбојка, фудбал, кошарка, ракомет и др.). Со воннаставните активности се планираат и организираат часови по пливање, скијање, крос, прошетки во природа итн. Низ низата задачи кои се предвидени на часовите и воннаставните активности по физичко воспитување се остваруваат целите на наставата, а истовремено наставникот може да ги препознае физичките предиспозиции на идните потенцијални спортисти и правовремено да ги насочи и да го стимулира нивниот талент за одреден спорт.

## 2.2. Спорт и спортски активности во средно образование

Како и во другите области на образование, така и во областа на физичкото образование, во последно време се бараат нови и поквалитетни концепции. Предметот спорт и спортски активности во средното образование има огромно значење кое најдобро се гледа преку неговата примарна цел. Имено, целта на наставата по спорт и спортски активности е развивањето лепеза на способности од сите три сфери од развојот на личноста: когнитивната, психомоторната и афективната. Според Наставната програма (2001), во рамките на вака дефинираната цел се содржани три барања, посебно за секоја сфера и тоа:

- развој на когнитивните способности, дефинирани како простор што ги опфаќа перцепцијата, мислењето и помнењето;

- развој на психомоторната сфера што ги опфаќа способностите од моторичкиот, функционалниот и морфолошкиот статус;

- развој на афективната сфера што ги покрива карактеристиките дефинирани во форма на однесување на ученикот во процесот на наставата по спортување.[24]

Оттука, произлегуваат и задачите на современата настава по спорт и спортски активности која воглавно треба да биде насочена кон: одржување и подобрување на физичките способности, симетрично развивање и формирање на телото, развивање на функционалните капацитети, активен одмор, социјализација на личноста, фер плеј однесување и почитување, афирмирање на личноста итн.

Реализирањето на наставата, како и суштинските преобразби не се кријат во наставните програми, туку во неговиот идејно-теоретски пристап и практичната реализација. Доскорешните наставни програми по овој предмет, воглавно се однесуваа за реализирање на целите и задачите разработени низ програмата од овој предмет, како и реализирањето и организацијата на наставниот процес по веќе истрасиран пат, занемарувајќи ги индивидуалните карактеристики на учениците. Новиот концепт на оваа настава, како главен фактор го зема ученикот и неговата индивидуалност во склад со неговите способности, желби, интереси, интелектуален

---

[24] *Наставна програма по спорт и спортски активности*, (2001), Скопје, Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието, стр.326.

капацитет и можност за развивање на неговите моторни способности како основна компонента на физичкото образование.

Во правец на индивидуализацијата на наставата, конкретно по физичко воспитување односно спорт и спортски активности потребно е покрај редовната настава да се планираат и организираат воннаставни активности. Преку ваквите форми на организација и понудата на различни содржини, учениците спрема своите афинитети и предиспозиции ќе се определат за одредена активност која нема да им биде наметната од страна на наставникот.

Физичкото образование во средните училишта треба да има посовремен методски пристап во процесот на наставата, каде што правовремено ќе се респектираат индивидуалните разлики на учениците и ќе се влијае врз оспособување на учениците за квалитетен и психофизички здрав живот. Во наставата по спорт и спортски активности, треба да се побуди интерес на учениците за спорт како гранка на физичката култура, позитивен став кон физичките активности, спортската рекреација итн.

Новиот концепт на оваа настава, како главен фактор го зема ученикот и неговата индивидуалност, од неговите потреби и можности и на нив да ги гради програмите за работа. Реализацијата на целите и задачите на наставата треба да се насочат во однос на способностите, интересот, желбите, потенцијалните можности, здравствени, моторни и интелектуални разлики на учениците. Неминовно е почитувањето на индивидуалните способности и можности на учениците. Само така конципираната настава ќе овозможи ученикот да се трансформира во творечка личност и ќе доведе до самообразование и самореализација на реалните, а не наметнатите потреби и можности на ученикот. Затоа, потребно е често да се организираат воннаставни активности со што наставникот ќе побуди интерес кај учениците за одредена активност. По можност потребно е да се планираат и организираат различни содржини со што би се опфатило што е можно поголем број на ученици. Преку организирањето на натпревари, кампувања, логорувања, кросеви, планинарски тури и сл., кај учениците би придонело за формирање на позитивен став кон физичката активност, што е приоритет на предметот спорт и спортски активности во средните училишта. Учениците на средношколска возраст имаат

потреба од дружење во поголеми групи, па од причина за избегнување на деструктивни групи и девијации, физичкото воспитување има големо значење кај учениците, правилно да ги насочи нивните предиспозиции, преку организација на турнири, натпревари и други форми на активност од страна на наставникот по физичко воспитување.

## 3. Вонаставни и слободни активности во системот на образование

*"Слободното време претставува вид на егзистенција, која е доброволно одбрана како најдобар начин на човековата самореализација."*

Р.Божовиќ[25]

Градење на култура за правилна организација на слободното време од педагошки аспект го поставува барањето за организирано воспитно делување уште во предучилишното образование како потсистем на образовниот систем. Уште во овој период секоја индивидуа се насочува за успешно организирање на своето слободно време. Колку секоја индивидуа ќе биде во можност успешно да го организира своето слободно време, многу ќе зависи од самата индивидуа.

Со законскиот акт од 1959 година, направен е чекор напред со што е дадена можност за организирање на други форми на предучилишно воспитание со што се создаваат и услови децата слободно да бираат, играат и разонодуваат, спонтано развивајќи ги особините, способностите и знаењата.

Од предвидените задачи како посебно значајни за слободното време Камберски ги издвојува следниве: „Да организираат за децата културна забава, игра и заеднички живот и со тоа да создаваат основи за натамошно правилно физичко, умствено, морално и естетско воспитание, и да ги поттикнуваат и помагаат во

[25] Божовиќ, Р.( 1975), *Искушенија на слободното време*, Белград: Култура, стр.67.

средината во која делуваат други форми за собирање и воспитување на децата и да соработуваат со општествените организации што се грижат за воспитанието на децата.“[26]

Според Патаки: „Во потсистемот основно образование, вонучилишната работа ја сочинуваат сите трудови и активности на ученикот во училишниот живот, кои се вршат под раководство на управата на училиштето и наставникот, со цел воспитание и образование на учениците надвор од распоредот на наставните часови и со програмата предвидените форми на работа за поедини наставни предмети.“[27]

Во однос на значењето на вонучилишното воспитание Баракоска А. се повикува на „Брошурата од резолуцијата на Пленумот II дел, 1950, стр.48“ каде што се вели дека тоа е двојно: „тоа дава елементи на воспитание, кое училиштето воопшто не може да ги даде во полна мерка (на пр. спорт, забава, колективност, сестрано развивање, индивидуални особини, склоности и етички вредности), а вонучилишното воспитание исто така непосредно ги поврзува со општествената стварност.[28]

Годините карактеристични за училишната реформа од 1959-1960 година носат и промени по однос на терминот и поимот вонучилишно воспитание и вонннаставни активности. Овој поим полека се губи и сѐ повеќе се употребува поимот “слободни активности“ на учениците. Меѓутоа терминот воннаставни активности сеуште е популарен во педагошките кругови и пошироката јавност. Севкупната досегашна литература, како и непосредната педагошка пракса утврдила два основни поима за оваа активност:

- слободна активност на учениците;
- воннаставна активност на учениците.

Прашање е на критериумот која од овие две активности се зема како појдовна основа за одредување на поимот. Во првиот случај се смета дека битна одредба на овие активности е да се изведуваат според слободното определување на

[26] Камберски, К. (1994), *Од буквар до Универзитет*, Скопје: Просветно дело, стр.133-134.
[27] Pataki, S.(1951),*Opća pedagogija*, Zagreb:Pedagoško-književni zbor, стр.379.
[28] Баракоска, А. (2003), *Педагогија на слободно време*, Скопје: Доминант, стр. 189.

учениците. Вториот пристап зборува за тоа дека тоа се активности кои се изведуваат на вонредовната настава на учениците. И во првиот, и во вториот случај поимовното и критериумското одредување е непотполно. Слободните активности на учениците, не се неконтролирани и не се независни од активноста на наставникот, туку, тоа се активности за кои учениците се определуваат според слободниот избор. Од друга страна воннаставните активности на учениците се активности кои не се независни од наставниот процес, туку активности кои се со нив во дијалектичко единство, (но се изведуваат надвор од редовниот час), а тоа значи во подруга организациска форма.

За да се најде компромисно решение, некои автори се обиделе со спојување на овие два појма, да добијат сложенка која што ги решава наведените противречности. Така настанал и поимот: воннаставни слободни ученички активности (М. Ј. Јањушевиќ 1964).

Судејќи според ова, терминот "воннаставни активности" настанал како спротивност на сé она што се изведува на вон-редновните часови по физичко воспитување (а не воннаставата воопшто). Оттука, правото име би бил оној термин кој би зборувал дека тука се работи за активности од вон-редовните часови, но сеуште во рамките на наставата, т.е. на вон-часовната наставна активност на учениците.

Практичната реализација на слободните активности кои требале да бидат во функција на исполнување на слободното време на учениците биле само формално слободни и доброволни, а во суштина спротивно, имале образовен карактер (биле дополнување на наставата), а работата со учениците во слободното време бидејќи не била законски задолжителна се сведувала на сопствената проценка и желба на наставникот.

Извршената оценка во овој период по однос на некои проблеми во реализацијата на слободните активности укажуваат и на тоа дека слободните активности според бројот и формите, често не се сообразени со објективните услови и можности на училиштето. Тргнувајќи од некои недостатоци по однос на некои прашања на реализацијата на концепцијата на основното образование во 1966 година извршена е ревизија на наставните планови и програми од 1959 година.

Концепцијата на слободното време во оваа етапа е детерминирана од општата воспитна цел во која е определена важноста на сите воспитни подрачја во развитокот на личноста. Оттука, Баракоска А. забележува поголема издиференцираност на видовите слободни активности кои ги покриваат воспитните подрачја на интелектуалното, физичкото, естетското и работно–техничкото подрачје.[29]

Со донесувањето на актуелниот Закон за основно образование во 1995 година започнува нова етапа од развојот на концепцијата на слободното време. Слободните ученички активности во актуелниот програмски документ имаат статус на вонпаставни активности преку кои се создаваат претпоставки за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. За таа цел, зависно од развиеноста на училиштето се организираат повеќе видови активности, меѓу кои: слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни наставни предмети, културно уметнички, работно-производни, слободно–технички и слободно–спортски активности.

Во рамките на секој вид слободни активности се организираат поголем број разновидни секции и други интересни групи. Одделни секции и групи се обединувааат во поголеми ученички асоцијации - друштва, клубови, задруги и сл., а дел од нив се поврзуваат и со соодветни асоцијации во локалната средина. Во работата на слободните активности, учениците се вклучуваат доброволно според своите желби и интереси.[30]

Во потсистемот средно образование, организацијата на слободните ученички активности со *План и програм за заеднички воспитно-образовни основи на насоченото средно образование* од 1982 се предвидува зголемување на индивидуализацијата на воспитно-образовниот процес. При рамковното определување на содржините, на слободните ученички активности во средно образование се поаѓало од фактот дека способностите на учениците не се еднакви, дека интересите на учениците по правило се различно насочени, така што во

[29] Баракоска, А.(2003), *Педагогија на слободно време,* Скопје: Доминант, стр. 192.
[30] Камберски, К. (ред), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),*Скопје: Филозофски факултет, Институт за педагогија стр.73.

слободните ученички активности треба да се создаваат услови натаму да се развиваат изразените способности и интереси на подобрите ученици, но и да се изврши соодветно ангажирање на оние ученици што потешко напредуваат во наставата, кои имаат интереси и способности за определени видови на слободни активности.[31]

Баракоска, понатаму, укажува дека опфатот на сите ученици со слободни активности не е задолжителен, но организацијата за средно образование треба да води долгорочна политика за обезбедување на соодветни просторни, кадровски и материјално-технички услови за задоволување на интересите на учениците за определени слободни активности.[32]

Карактеристично за овој период е тоа што се пристапило кон квантитативно определување на слободните активности во годишните програми со што биле предвидени 70 часови годишно за секоја група на слободни активности.

Слободните ученички активности во документите од 1989 година имаат третман на воннаставна дејност. Нив ги организираат ученичките организации, а се реализираат во слободното време на учениците, по завршувањето на наставата или по завршувањето на работната недела (сабота). Степенот на поврзаноста на програмите за слободните активности со редовните наставни програми зависи од интересите на учениците и од содржините на програмите во одделни струки.[33]

Специфично за овој период е тоа што, иако слободните активности имаат статус на воннаставна дејност сепак се акцентира нивната важност како значајна компонента на воспитно-образовниот процес преку која се реализираат специфични задачи на воспитанието и образованието и се рамноправни со наставата. Овој концепциски документ определува повеќе видови на слободни активности и тоа: "слободни уметнички активности со научно-истражувачки карактер, културно–

[31] План и програм за заедничките воспитно - образовни основи на насоченото средно образование, (1982), Републичка заедница за насочено образование и Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, стр. 7.
[32] Баракоска, А. (2003), *Педагогија на слободно време*, Скопје: Доминант, стр. 201.
[33] Ibid, стр. 202.

уметнички слободни активности, (слободни активности од јазично уметничко подрачје, слободни музички активности и слободни ликовни активности), слободни технички и работно-производни активности и слободни спортски активности.[34]

Од учебната 2001 година во гимназиите почнува да се реализира концептот на новата гимназија каде што има нов пристап во воспитанието на личноста за слободното време. Во овој концепт има вградено нови елементи кои се карактеристични за земјите од Западна Европа. Во досегашната практика слободните активности имаа факултативен карактер за учениците. Поради тоа често се случувало учениците да не покажуваат интерес или да не учествуваат континуирано во некоја активност. Тоа имало недоволно влијание врз нивниот развој. Карактеристично за новиот концепт е тоа што слободните активности имаат статус на задолжителни изборни содржини и активности. Земено во целост слободното време треба да биде организирано, но истовремено да се оствари поширок простор за слободен личен избор и иницијатива. Треба да се внимава до кој степен и на каков начин може да се влијае на динамиката на слободното време, а при тоа да не се повреди автономијата на поединецот, неговото чувство на слобода и задоволство. Броциќ вели: „Педагогијата веќе одамна утврдила дека активностите во кој степенот за задолжителност и принуда е помал, даваат далеку поголеми можности за воспитни влијанија отколку во спротивен случај."[35]

Во училиштето и надвор од него мораме да настојуваме да ги поттикнеме разновидните интереси на младите, желбите за осознавање, откривање, истражување на разновидните подрачја и аспекти на општествено и културно живеење, а колку поголем избор се нуди, толку повеќе младите се ставаат во ситуација да одлучуваат. Со тоа добиваме увид во кој правец или кон што се ориентира нивното право на слободен избор.

---

[34] Средно образование, концепциски основи, образовни профили, наставни планови за III и IV степен на стручна подготовка, (1989), СИЗ за насоченото образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, стр.35 – 37.

[35]Brocič,Lj.,(1968), *Slobodno vreme i formiranje mlade ličnosti*, Beograd: Radnički univerzitet Đuro Salaj, str.19.

## 3.1. Организација на воннаставни активности во основно и средно образование

Воннаставните активности на учениците во училиштето претставуваат значајно подрачје во структурата на воспитно-образовната дејност. Тие значително придонесуваат на развојот и формирањето на личноста на учениците. Подрачјето на воннаставна активност е проткаено со содржини и активности што се реализираат надвор од наставата.

Организираните воннаставни активности не само што се насочени кон проширување и збогатување на знаењето на учениците, не само што помагаат во правилното формирање на погледите и убедувањата, карактерните црти и квалитети, како и моралните правила кај нив, туку тие исто така неизоставно посветуваат внимание на мотивите, склоностите и интересите на ученикот, како внатрешни претпоставки за развој на способностите. Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес за задоволување и негувањето на индивидуалните интереси и способности на учениците.[36]

Во програмите за работа на училиштето се застапуваат оние секции и се земаат оние содржини чие реализирање е можно во конкретни услови. Доколку во училиштето постојат обејктивни услови може да се застапуваат и други секции или да се реализираат и други содржини, но тие треба да бидат насочени кон остварување на општите цели на воспитанието и образованието и задачите на воннаставните активности.

[36] Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, Скопје: Педагошки завод на Македонија, 1998, стр.43.

### 3.1.1. Организација на вonнаставни активности во основно осумгодишно образование

Основна организациска форма на работа на воннаставните активности е часот бидејќи така е определено со планот за застапеност на воннаставните активности. Меѓутоа, овде часот ги нема дидактичките карактеристики како во наставата, туку работата се одвива низ поизразити интеракциски односи, рамноправност, самоиницијатива, заедничка одговорност, самодисциплина и сл. Има разлика и во методите на работа затоа што овде попродуктивни и поадекватни се илустративно-демонстративните, лабораториско-експерименталните или, пак, од вербално-текстовната група разговори, панел-дискусијата, тандемот и др.

Одделни секции или групи што се организирани за воннаставни (слободни активности) можат да се обединуваат според содржината и карактерот на активностите во поголеми ученички асоцијации, како што се: литературни дружини, ученички задруги, спортски друштва, технички клубови, културно-уметнички друштва и др. Покрај ова, воннаставните ученички активности од основните училишта може да се поврзат на ниво на општината со слични интересни организации како што се планинарски друштва, еколошки друштва, Црвен крст, Детска организација итн. За поуспешна организација и реализација на работата за секоја воннаставна (слободна) активност учениците избираат свое раководство.

Реализацијата на воннаставните (слободни) активности е поделена во две фази. Првата ги опфаќа оние активности кои се наменети за учениците од I до IV одделение, додека втората фаза ги определува активностите за учениците од предметната настава, односно за учениците од V до VIII одделение.[37]

[37] Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, Скопје: Педагошки завод на Македонија, 1998, стр.9.

**А. Воннаставни (слободни) активности за учениците од одделенска настава:**

Во оваа група на воннаставните (слободни) активности спаѓаат активностите со кои се прошируваат знаењата по одделни предмети. Ваквите активности се реализираат во склоп на разни секции кои имаат тесна врска со одредени предмети како што се: литературна, математичка, ботаничарска, драмска, ликовна, спортска и сл.

Културно уметничките воннаставни (слободни) активности се реализираат преку драмската, музичката, ликовната, фолклорната, спортската и други секции кои припаѓаат во ова подрачје. Зависно од возраста на учениците и од условите кои ги има во училиштето, треба да се определуваат и соодветни содржини за активност во постоечките секции. Училиштето преку овие секции треба да им овозможи на учениците да ги презентираат своите постигања преку разни манифестации со кои училиштето се поврзува со средината.

Со воннаставните (слободни) технички активности учениците од одделенска настава технички се насочуваат со цел да можат подоцна да се вклучат во соодветни секции. Предвидено е учениците организирано да ги посетуваат изложбите, натпреварите и другите манифестации што се организираат со повозрасните ученици (членови) на овие секции. Различните презентации и демонстрации за време на изложбите, натпреварите и сл., кај учениците треба да побудат интерес уште од најраната училишна возраст за нивно понатамошно вклучување во секциите.

Организациската форма на работно-производствената воннаставна (слободна) активност зависи од условите и развиеноста на училиштето, од возраста на учениците, па според тоа може да се организираат како секции, групи или на ниво на одделение. Во подрачните училишта коишто се оддалечени од централните, може да се организираат на ниво на одделение, така што сите ученици од одделението се: овоштари, градинари и сл. Подобра организациска форма е организирањето на учениците во секции, што значи дека секоја секција има определена активност. Во централните или самостојните основни училишта, учениците се делат во групи каде што ги реализираат работно–производствените активности заедно со учениците од предметната настава.

Слободните спортски активности во овој период од училишната возраст се организираат за учениците кои покажуваат одредени предиспозиции и заинтересираност за одредена спортска активност. Ваквата рана спортска ориентација на учениците може да помогне во понатамошната селекција на успешни спортисти кои подоцна активно би биле вклучени во тренажниот процес. Најпрво тоа би се направило преку училишните спортски секции, а потоа и со вклучување во спортските клубови надвор од училиштето. Покрај раната спортска ориентација и селекција, учениците може активно да се вклучат во спортските секции поради забава и рекреација, исполнувајќи го корисно своето слободно време, а при тоа да се развиваат правилно. Во „Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници“ изработено од Педагошкиот завод на Македонија се предвидува: “во одделенската настава за III одделение, спортувањето поради забава и рекреација потребно е да се организира со секоја паралелка и тоа најчесто низ натпревари, елементарни и штафетни игри, игри без граници каде преовладуваат елементите од наставната програма, образовните стандарди, правилно одење, правилно трчање, качување, висење, провлекување и др.“[38]

Во IV одделение се применуваат основните спортско-технички елементи низ игра. Спортувањето на оваа возраст е застапено преку игри со кои секогаш се обезбедуваат позитивни психофизички ефекти. Во игрите пожелно е да се користи музиката, а особено се применуват народните ора, игри и ритмичките содржини.

**Б. Воннаставни (слободни) активности за учениците од предметна настава:**

Различните содржини на воннаставните (слободни) активности за проширување на знаењата по одделни предмети, во зависност од интересите и потребите на учениците, но и можностите на училиштето се реализираат во склоп на повеќе секции како што се: литературна секција, еколошка секција, новинарска секција, библиотекарско–медијатекарска секција, јазична секција, секција за млади математичари, хемичари, географи, биолози, физичари, информатичари и сл.

---

[38] Ibid, стр.12

Културно–уметничките воннаставни (слободни) активности подразбираат формирање на секции како што се: драмска секција, филмска секција, секција на млади композитори, секција на млади музичари, ликовни активности и др. Талентот, знаењата и своите способности учениците ги презентираат со учество на манифестации, приредби и свечености кои што најчесто ги реализира училиштето, но може да бидат и организирани на барање од страна на локалната заедница, окружувањето, родителите и сл.

Во делот на работно–производствени воннаставни (слободни) активности предвидени за учениците од предметната настава, спаѓаат воннаставни (слободни) активности од земјоделско-сточарски тип (цвеќарска, овоштарска, градинарска секција и др.) и работно-производствените воннаставни (слободни) активности од занаетчиско-индустриски тип (изработка на сувенири, украсни, предмети, ткаење, везење итн.). Преку организацијата и реализацијата на ваквите активности, учениците покрај проширувањето на знаењата имаат можност и практично да ги применат своите знаења од овие области.

Со организацијата и реализацијата на техничките воннаставни (слободни) активности се развиваат креативноста и инвентивноста кај учениците на оваа возраст. Исто така, целта на ваквите активности е полека професионално да ги насочува учениците кои преку работата во одередени секции ќе го покажат нивниот талент и способности. Во зависност од условите на училиштето може да се формираат секции како што се: (секција за сообраќајно моделарство, секција за млади фототехничари, секција за електроника, секција за ракетно моделарство, секција за градежно макетарство, секција за машинска техника и др.).

Спортските воннаставни (слободни) активности даваат широки можности за учениците здравствено и физички да напредуваат со помош на спортските активности надвор од редовната настава. Покрај редовната настава по физичко и здравствено воспитување, факултативната настава за спорт, надвор од редовната настава според интересот на учениците и условите за работа во училиштето потребно е да се формираат спортски секции во кои учениците ги задоволуваат

своите потреби за спортување. Оттука, се формира базата, започнува системот на училишниот спорт и малите олимписки игри. Во училиштето пожелно е да се формираат сите секции за кои постојат услови и интерес кај учениците, а за да се демонстрираат спортските вештини и знаења на учениците треба да се организираат натпревари во училиштето, на ниво на општина и регион. Секциите може да бидат од различни спортови (атлетика, гимнастика, кошарка, ракомет, одбојка, фудбал, ритмичко-спортска гимнастика, пинг-понг, тенис, бадминтон и др.)

Ученичките екскурзии се таков облик на воспитно–образовна работа преку која учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови. Ученичките екскурзии се реализираат надвор од училиштето.

Во "Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници" се вели дека „со реализирањето на екскурзиите се остваруваат две битни функции и тоа: воспитно–рекреативната и компензаторско–образовната."[39] Па според тоа, постојат повеќе видови на екскурзии, а за кој вид ќе се определат училиштата зависи од тоа каква функција треба да има екскурзијата и кои цели и задачи треба да се реализираат со неа. Екскурзиите може да бидат: наставни екскурзии, екскурзии со општ воспитно–образовен карактер, комбинирани ученички екскурзии и екскурзии за забава и рекреација.

Екскурзиите треба да се изведуваат според однапред изготвени програми и секое училиште потребно е да изготви план за истите што ќе се изведуваат во една учебна година. Со тој план би требало да се утврдат, целите и задачите на екскурзијата, времето на реализација, времетраењето, бројот и возраста на учениците, маршутата, одговорните наставници, што ќе се посети во текот на екскурзијата и финансиските средства потребни за нејзина реализација. Во организацијата на екскурзиите не треба да се заборави и улогата на родителите кои

[39] Ibid, стр.44.

преку советите на родителите можат да дадат голем придонес во организирањето на одделни видови екскурзии.

Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се развива и продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се проширувааат програмските основи, се продлабочуваат и збогатуваат знаењата. Придонесуваат да се развива натпреварувачкиот дух, зближување на учениците од разни средини и можност да се врши правилен избор на талентираните ученици. Тоа се активности во кои еден ученик или група ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат што подобри воспитно–образовни резултати. Според нивото на одржување можат да бидат: училишни, општински, регионални, државни и меѓународни. Училиштата ги организираат училишните натпревари и тие се организираат низ следните форми[40]:

- натпревари меѓу поединци во рамки на паралелката;
- натпревари меѓу екипи на ниво на одделение.

Училишните натпревари се организираат по сите наставни предмети, а организатори на натпреварите треба да бидат наставниците од активите на предметите. Најпогодна форма за подготвување на учениците на натпреварите и постигнување на подобри резултати се воннаставните активности.

Производствената и друга општествено корисна работа на учениците подразбира воннаставни (слободни) активности како што се: одржување и уредување на училишната зграда и дворот, одржување и уредување на непосредната околина на училиштето, одржување и уредување на културно-историските споменици, пошумување на непосредната околина, организирање на собирни акции итн.

[40] Ibid, стр.46.

## 3.1.2. Организација на вonнаставни активности во основно деветгодишно образование

Планот и програмата за деветолетките опфаќа воннаставни активности за учениците со што би се задоволиле нивните индивидуални интереси, а при тоа и развивање на способностите за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, дружење во слободно време итн. На ваков начин се создаваат можности за учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот во наставата, да се потврдуваат со своите знаења. Во деветолетките треба да се води постојана грижа за создавање просторни, кадровски и материјално-технички услови за збогатување и осмислување на содржините на воннаставни (слободни) активности на учениците, додека пак, поврзувањето на содржините во слободните активности со наставните програми зависи од интересот на учениците. Меѓутоа, без оглед на нивото на корелација со наставата, со воннаставни (слободни) активности се збогатува воспитно-образовната работа на училиштето. Во „ Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование" изработена од Бирото за развој на образование на Македонија се предвидува современ пристап во планирањето и реализацијата на воннаставните активности, што подразбира активно учество на учениците во повеќе фази: избор–селекција на тема; прибирање на податоци, нивна обработка и презентација на резултатите од активностите, како и залагање за нивна примена во пракса. За да не дојде до преголема оптовареност на учениците, се предвидува секој ученик да учествува во една активност.[41]

Во училиштето може да се формираат спортски друштва, литературни дружини, технички клубови, културно-уметнички друштва и друго. Учеството пак на вакви натпревари и успесите кои се постигнуваат се уште поголем стимул за учениците да ги развиваат своите предиспозиции, да напредуваат, но и потстрек за другите ученици активно да се вклучат во воннаставни (слободни) активности кои се организираат во училиштето.

[41] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образование, стр.100.

Вонnаставните (слободни) активности подетално се планираат со годишната програма на основното училиште. За таа намена Бирото за развој на образованието има изготвено програмски основи со кои се одредуваат задачите на одделни активности на учениците, нивната организација и други специфични карактеристики. Преку ученичките натпревари се презентираат знаења и способности не само на учениците, туку и на наставниците и училиштето. За да се утврди успешноста на учениците и училиштата, се организираат натпревари кои може да бидат на ниво на училиште, општина, град, држава или пак меѓународни училишни натпревари.

Општествено-корисната и хуманитарната работа на учениците најчесто се реализира во локалната средина. За таа цел се изготвуваат програми за заштита и чување на природата и околината, работни акции на учениците, се организираат ученички задруги со разновидна содржина и работа што ја водат учениците. Воннаставните (слободни) активности од ова подрачје подразбираат уредување на училишниот двор, помагање на други ученици кои имаат потреба од помош при учењето, помош на социјално загрозени и инвалидизирани лица, помош при елементарни непогоди и други активности што имаат пошироко општествено и хуманитарно значење.

За ученичките екскурзии подетелно е објаснето во делот којшто се однесува на организирање на воннаставните (слободни) активности во основното осумгодишно образование. Со ученичките екскурзии предвидено е проширување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, но воедно се изведуваат за рекреација и активен одмор. Бројот на екскурзиите во текот на учебната година, нивната цел и содржина, начинот на организирање и изведување се планира со годишната програма за работа и годишниот план за наставата во училиштето. Освен тоа, екскурзиите можат да бидат планирани и во рамките на одделни предмети и подрачја. Предвидено е во екскурзиите да им се даде поголема улога и значење на родителите и да се води грижа сите деца да бидат вклучени во нив , без оглед на социјалниот статус.

Училиштето во рамките на своите можности потребно е да се грижи за здравјето на учениците, што подразбира делумна грижа за исхраната на учениците, за хигиенските услови, спортските активности, излети во природа и др. Грижа за здравјето на учениците подразбира содржини и активности што се поврзани со здравјето на учениците. Во годишната програма на училиштето треба да се планираат активности за унапредување и зачувување на здравјето на учениците како што се: изградување на свест за заштита од опасности, штетното влијание на дрогата, алкохолот, цигарите, сексуално преносливите болести, како и други теми по избор на учениците коишто се однесуваат на унапредување на здравјето.

Посебен акцент при организацијата и реализацијата на воннаставните (слободни) активности се става на соработката на училиштето со локалната средина. Таа соработка се манифестира преку вклучување на училиштата во разни културни и образовни активности што се организираат во локалната средина. Покрај тоа што училиштето може самостојно да организира натпревари, може и да се вклучува во натпреварите и други активности што ги организира општината. Тие имаат особено значење во мотивацијата на учениците. Активностите и соработката со локалната средина кои се дел од програмата за работа на основното училиште се поддржуваат со соодветни финансиски средства, додека пак, содржините, видот и начинот на соработката со локалната средина се утврдуваат со програмата за работа на училиштето за секоја учебна година.

### 3.1.3. Организација на воннаставни активности во средно образование

Со планот и програмата за средно образование предвидено е покрај редовната настава, додатната, дополнителната и други форми на активности и организирање на воннаставни активности. Задолжителното работно време на наставниците во текот на работната недела опфаќа покрај редовната настава и реализирање на воннаставни активности во зависност од потребите и интересите на учениците. Училиштата за средно образование се должни да организираат воннаставни (слободни) активности

на учениците со цел проширување на знаењата на учениците од одделни наставни предмети, за развивање на нивниот општествен и културен живот и подигање нивото на техничка култура и психофизичка подготвеност, за поврзување на училиштето со општествената средина и за продлабочување на соработката меѓу наставниците и учениците, за развивање на способностите на учениците за самообразование и за поттикнување и задоволување на посебните интереси и склоности на учениците. Организацијата на воннаставните (слободни) активности треба да биде во зависност од желбите, потребите и интересите на учениците, условите со кои располагаат училиштата, како и можностите што ги дава окружувањето за реализирање на одредени воннаставни содржини. Воннаставните (слободни) активности се засноваат и се организираат врз принципот на слободно определување на учениците. При организација на ваквите активности улогата на наставникот е менторска, додека на учениците им се дава поголема можност за самостојно организирање на активностите кои они сакаат да се организираат. Со ваквата поставеност на работите, се продлабочува соработката помеѓу наставникот и учениците, се гради меѓусебната доверба и почит, се поттикнува иницијативноста и самостојноста на учениците.

За успешно организирање на воннаставните (слободни) активности потребно е да се утврдат просторно–техничките услови на училиштето и условите кои ги има во окружувањето на училиштето. Во зависност од овие расположливи услови, учениците заедно со предметните наставници треба да планираат содржини кои ќе се реализираат во текот на учебната година. Во училиштето пожелно е да се формираат сите секции за кои постојат услови и интерес кај учениците. Учениците се организираат во одредени групи каде секоја група реализира определена содржина на активности кои се тесно поврзани со одредени предмети од редовната настава. Ваквите активности се организираат во склоп на ученичките организации и друштва како и во други форми на здружување на учениците, како што се: научни групи за одделни предмети, разни секции, посебни самостојни организации во училиштето итн.

Покрај горенаведените организациски форми на воннаставните (слободни) активности за училиштата за средно стручно образование се организираат во форма на производна работа во училиштето и во други соодветни работилници каде за

определени дејности постојат услови за нивно реализирање, ученички задруги со различна производна и услужна дејност, ученички работни бригади што учествуваат во различни општествено-корисни акции и други организациски форми на воннаставни (слободни) активности кои се предвидени со статутот на училиштето.

За да се демонстрираат знаењата, способностите и вештините на учениците треба да се организираат натпревари во училиштето, на ниво на општина и регион. Преку овие натпревари не само што повеќе ќе ги стимулираат и ќе се анимираат учениците кои учествуваат, туку ќе влијаат и на останатите ученици според своите афинитети да се приклучат кон одредена група. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се развива и продлабочува интересот на учениците и се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и збогатуваат знаењата. Придонесуваат за развивање на колегијалноста и соработката меѓу учениците, чувството на одговорност и исполнителност на задачите. Тоа се активности во кои еден ученик или група на ученици имаат иста цел и со заеднички сили се трудат да ја реализираат односно се трудат да постигнат подобри воспитно–образовни резултати.

Воннаставните активности во средните училишта според содржината на активноста која се реализира може да бидат: слободни ученички активности со научно-истражувачки карактер, културно-уметнички слободни активности, слободни производно-технички активности и слободни спортски активности. Во делот на воннаставните активности во средните училишта предвидена е работа со надарените и талентираните ученици, организирање екскурзии од научен и рекреативен карактер, разни социјални активности и соработка со други училишта, стручни институции, МОН, БРО и др.

## 3.2. Задачи и цели на вонnаставните активности

Без реално согледување на целта на работното време не е можно правилно да се определат и да се операционализираат целите и задачите на воннаставните активности. Во согласност со тие односи егзистираат одредени потреби и интереси на детето–ученикот, што можат да се реализираат само во слободното време, преку меѓусебно поврзување и усогласување на тие потреби, интереси, желби и сл. Основна функција на воннаставната активност е да се обезбеди рамномерно ангажирање и афирмирање на творечките способности, ангажирање во заеднички акции и интеграција во пошироки општествени текови. Основно што се поставува во овие активности е дека со неговото функционално користење треба да се постигнат развојни цели и кога ќе се реализираат на детето му овозможуваат остварување на интересите и желбите.

Определувањето на местото, задачите и функцијата на воннаставните активности денес е важно општествено и педагошко – социолошко прашање. Тоа е значајно, пред се́ поради тоа што воннаставните активности во современите демократски односи стануваат се́ поактуелни и претставуваат важна педагошка дејност. Во „Основи за програмирање на воннаставната воспитно - образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници“ за целите и интересите за планирање и организирање на воннаставни активности се вели дека:

„Целите и интересите на воннаставните активности се насочени кон продуктивно ангажирање на личноста, ослободување на тензиите и емоционалните блокади, будење на вниманието и мотивацијата, активирање на учениците, информирање на учениците, структуирање и насочување на интересите на учениците, исполнување на времето со корисни активности, организирање корисен одмор и разонода и учење по пат на слободен избор.“[42]

[42] Основи за програмирање на воннаставната воспитно образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, Скопје: Педагошки завод на Македонија, 1998 стр.7.

### 3.2.1. Задачи на воннаставните активности во основно образование

Цел на организирање и реализирање на вакви активности е позитивно да се влијае врз создавањето на личноста на ученикот, да ги развива индивидуалните способности, да му се овозможи на ученикот да го работи она за што покажува одредени афинитети, а притоа да се развива во психофизички здрава личност, која многу полесно ќе се интегрира во општествениот живот. Од целта на воннаставните активности произлегуваат и одредени задачи кои се реализираат преку воннаставните активности. Во “Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност во основното училиште и на работата на стручните работници“ изготвена од Педагошки завод на Македонија, задачите на воннаставните активности во основното образование поделени се во две групи, односно задачи кои треба да се реализираат за учениците од одделенската настава и за учениците од предметната настава.[43]

Со оглед на возраста на учениците во одделенската настава, преку воннаставните активности треба да се поттикнува детската љубопитност и нивната креативност. Потребно е преку различните содржини на воннаставни активности и слободниот избор кој им е овозможен на учениците уште од најрана возраст да се насочат и ориентираат во одредено подрачје, да се стимулираат и воедно развиваат нивните способности, да се направи рана селекција и ориентација. Една од задачите на воннаставните активности во одделенската настава е постапно насочување кон самостојно извршување на активностите и создавање на навики за одговорност при изведувањето на определените воннаставни активности.

Кај учениците од предметна настава задачите на воннаставните активности пред се, се однесуваат на индивидуализацијата на наставата, учениците се поттикнуваат на критичко мислење, јавно изнесување на сопствени ставови, но и почитување на ставовите и мислењата на другите. Создавањето на чувство за колегијалност, како и почитување на резултатите и трудот на другите членови во групата е една од приоритетните задачи на воннаставните активности кај учениците од предметната настава, афирмирање на учениците во рамките на училиштето и пошироко. Во рамките на воннаставните активности, преку натпреварите коишто се

[43] Ibid,str.9.

организираат, учениците можат да се афирмираат во рамките на училиштето и пошироко.

### 3.2.2. Задачи на вонnаставните активности во средно образование

Во рамките на воспитно–образовната дејност на средните училишта, функционираат најразлични ученички секции, клубови, заедници, итн. Сите овие, работат според своите планови и програми кои се однапред изготвени и во зависност од содржините кои се реализираат се тесно поврзани со подрачјата на одредени предмети. Реализацијата на воннаставната програма подразбира обезбедување на неопходни просторно-технички услови во училиштето и материјални средства со цел да овозможат реализација на поширок спектар содржини и максимална индивидуализација во наставниот процес.

Усовршувањето на воспитно-образовниот систем подразбира пофлексибилна и поиздиференцирана дејност со разни категории на ученици меѓу кои спаѓаат надарените и талентираните ученици. Тука се мисли да се реализира настојувањето секој ученик во системот на воспитанието и образованието оптимално да ги развие своите способности за работа и понатамошно образование. Покрај опфаќањето и инволвирањето на поголем број ученици во воннаставните активности, акцентот треба да биде ставен на работата со надарените и талентираните ученици. Работата со надарените и талентираните ученици претставува важен сегмент на образовниот систем бидејќи тие претставуваат “мотор“ на напредокот на секое општество. Вложувањето во надарените и талентираните ученици денес претставува најрентабилна инвестиција. Методите и формите на работа треба да бидат флексибилни, да не бидат насочени кон давање на готови знаења туку кон оспособување за самостојно учење, самостојно совладување на материјалот и одредени вештини, користење на информации, развивање на способности за идентификација, дефинирање на проблеми, формирање методи, умеење и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија.

Па оттука, произлегуваат задачите на воннаставните активности кои треба да бидат насочени кон поттикнување и негување на ученичката љубопитост, сознајните

способности и креативности, самостојност во реализирањето на активностите, истрајност и исполнителност во реализацијата на зададените активности, развивање на морално-волевите квалитети на личноста на учениците, создавање навики за корисно поминување на слободното време. Преку реализирањето на вонаставните активности и постигнувањето на одредени резултати, да се формираат способности и потреби кај ученикот за позитивна општествена афирмација.

## 3.3. Значењето на организирање вонаставни активности

Организирањето на вонаставни активности се од исклучителна важност за хармоничниот развој на учениците. Приоритет на ваквите активности кои се одвиваат по завршеток на редовната настава е индивидуализација на наставата. Со ваквиот начин на организирањето на различни форми на активности, со различна содржина, овозможува на учениците во зависност од нивните интереси, потреби и афинитети да одберат активност преку која дополнително ќе ги развиваат своите потенцијали. Многу важен момент за учениците е тоа што изборот го прават сами, без наметнувања од страна на наставниците и сл. Индиректно, учениците своето слободно време активно го поминуваат со што се намалуваат шансите за нивно девијантно однесување. Со упразнувањето на вонаставни активности, вишокот енергија што ја имаат учениците позитивно ја канализираат развивајќи ги своите потенцијали. Оттука, можеме да кажеме дека организирањето на вонаставните активности во основните и средните училишта е значајно од повеќе аспекти, за кој ќе стане збор во понатамошниот текст.

### 3.3.1. Значењето на организирање вонаставни активности во основните и средните училишта

Ова подрачје на дејност на училиштето има широка основа како во поглед на неговата содржина, така и во поглед на богатството од форми и патишта за вклучување и ангажирање на учениците од сите возрасти во основното училиште и повозрасната училишна популација во средните училишта. Тоа е подрачје во кое

пред учениците се експонира вистинскиот живот во кој по завршувањето на основното училиште поактивно ќе се вклучат во средните училишта. Затоа, добро организираната воннаставна активност има суштинско место во воспитно-образовната дејност на основното и средното училиште. Притоа се поаѓа од сознанието дека основно училишната возраст е мошне значаен период од развојот за зголемување на разновидните склоности и интереси на учениците, за изградување на основите на моралната култура, за поттикнување на естетските вкусови и желби кои понатаму во средното училиште ќе продолжат да се развиваат и усовршуваат. Затоа до максимум треба да се искористат големите дидактички можности на воннаставните активности. Пропуштањето на периодот во основното образование за вклучување на младите во разновидни интересни и богати со доживувања активности, не може да се надокнади во подоцнежниот период од училишниот живот (средно образование) на детето што се нагласува и од страна на Педагошкиот завод на Македонија.[44]

Основна организациска форма на работа на слободните активности е часот, но овде тој ги нема дидактичките карактеристики како во наставата. Работата се одвива низ поизразени интеракциски односи, рамноправност, самоиницијатива, заедничка одговорност.

Во посебните основни и средни училишта воннаставните активности имаат превентивно-терапевтско значење во поглед на одржувањето на менталното здравје. Одредени категории деца со пречки во развојот, на пример: лесно ментално ретардираните понекогаш не можат да успеат кога учат одредена материја, па тој недостаток можат да го компензираат на планот на воннаставните ученички активности.

Дејностите на воннаставните ученички активности се подредени на индивидуалните потреби и интереси на учениците, поради што Петров тврди дека „потребно е наставниците добро да ги познаваат индивидуалните определувања и склоности на учениците, да направат избор на содржините и формите на работа во согласност со индивидуалните можности и способности на учениците, од една

[44] Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, Скопје: Педагошки завод на Македонија, 1998.

страна, како во согласност со условите и можностите на училиштето, од друга страна.“[45]

## 3.3.2. Значењето на организирање воннаставни активности по физичко воспитување во основните и средните училишта

Во програмата по физичко воспитување т.е. спорт и спортски активности во основните и средните училишта предвидени се воннаставни активности. Планирањето и организирањето на ваков вид активности претставува реална потреба. Со оглед на возраста на учениците и склоноста кон одредени девијантни појави, гледано од социолошки аспект, воннаставните спортски активности се вистинско ефикасно превентивно средство во борбата против алкохолизмот, пушењето и наркоманијата, но и развивање на колегијални односи, социјализирање, анулирање на одредени социјални разлики, развивање на солидарност и хуманост.

Редовното телесно вежбање, како и влегувањето во одреден систем на натпревари, придонесува правилно канализирање на вишокот енергија кај учениците и воедно корисно поминато слободно време на учениците. Самото тоа укажува на спецификата на воннаставните спортски активности или училишниот спорт кои се разликуваат од редовната настава по предметот физичко воспитување т.е спорт и спортски активности. Ако знаеме дека со редовното телесно вежбање и спортување позитивно влијаеме врз целокупниот психомоторен статус на ученикот, како и зачувување на здравјето и подобрување на квалитетот на живот, тогаш потребно е поголема масовност и инволвирање на учениците во воннаставните спортски активности. Во пракса, настојувањето да се опфатат поголем број ученици во училишниот спорт е преамбициозно и практично невозможно за реализирање, поради немањето на просторно–технички услови, немање доволно кадар, немотивирани наставници, немање интерес кај учениците за спортска активност кое најчесто е поврзано со лошите навики од основното училиште и сл.

---

[45] Петров, Р.,Ѓурчиновска, Л.,Станојковска-Трајковска,Н.,Рамо Н.,(2009), Домска воспитно-образовна работа со лица со пречки во развојот (Книга), Скопје:Филозофски факултет, Институт за дефектологија. стр.124

А.Трајкова истакнува дека „во 2004 година во Македонија од вкупниот број на ученици , околу 360 000, само 8000 ученици биле активно и континуирано вклучени во одредени спортски активности во училиштето што изнесува околу 2,3 %. Исто така, од вкупниот број на вработени наставници по физичко воспитување, само 5 % во Р.Македонија систематски и континуирано спроведувале вонанаставни активности.“[46]

Поради огромното значење на вонанаставните активности во формирањето психофизички здрава личност, а од резултатите кои ги презентирала А. Трајкова потребно е Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт, училиштето, директорот и наставникот заеднички да делуваат на полето на организирањето и реализацијата на вонанаставните спортски активности и развој на училишниот спорт, со што би се вклучиле повеќе ученици и корисно би го поминувале нивното слободно време. Во делот на организирање на вонанаставните активности, исто така, треба да се вклучат и други субјекти: локалната самоуправа, Сојузот на училишен спорт, родителите итн.

## 3.4. Воспитната работа во вонанаставните активности

Вонанаставните активности се оние активности кои училиштето ги планира и организира само во зависност од неговите можности, но и од потребите и интересите на учениците. Овие активности кои на учениците, многу често, им даваат многу повеќе од редовната настава поради самостојната работа на учениците, опфаќаат неколку подрачја: научни групи, секции, здруженија и клубови на ученици, јавна и општествено–корисна работа. Воспитната работа во вонанаставните активности зависи од низа фактори, како што се: општествената средина, развиеноста и педагошкиот рејтинг на училиштето, креативноста и квалитетот на наставниот кадар, раководството на училиштето, просторните и материјално–техничките услови на училиштето итн.[47]

[46] Трајкова,А. (2005), *Училишниот спорт – Значење и активност*, Скопје: Физичка култура, год.33, бр.2, стр.180 – 181.
[47] http://www.scribd.com/doc/39205231/6/VANNASTAVNE-AKTIVNOSTI, - "Okvirni nastavni plan i program",Vannastavne aktivnosti,(2009) str. 58-61.

Постојат голем број квалитетни модели кои можат да помогнат во ефикасната организација и реализација на воннаставните активности. Работата во една од овие секции, клубови или здруженија треба да започне со состанок на кој би се дискутирало за тоа што и како треба да се направи, кои норми да се почитуваат, кои се перспективите на таа активност, кои се целите. Потоа, потребно е да се соберат предлози со конкретни содржини и активности и да се одбере една која ќе се практикува. Доколку нешто не се одвива според предвиденото, наставникот треба со своите сугестии да ги насочи учениците т.е. да им понуди алтернатива и ако биде прифатена да се прејде на конкретизација на планот и договор за организација на активноста. После овој чекор следува проба, поточно демонстрација на заедничката активност. Учениците треба да се вклучат во сите фази на воннаставните активности, да не мора се да се решава со авторитетот на наставникот или со автократно водење, туку со договор и анализа на предложените алтернативи. Тука станува збор за демократски пристап во кој воспитната работа претставува заедничка активност на наставникот и учениците. Активностите нема да бидат ефикасни доколку учениците не се силно мотивирани. Искуствата стекнати преку овие активности на наставниците им помагаат во редовната настава, за поефикасно реализирање на наставниот час. Од друга страна, искуствата стекнати преку воннаставните активности на учениците имаат клучен фактор во понатамошната определба за професионална ориентација. За да се обезбеди успешност во организацијата и реализацијата на воннаставните активности треба да се обезбедат некои предуслови.

Презентацијата и анимацијата опфаќаат презентирање на одредени резултати, додека анимацијата делува на запознавање на публиката со изведувањето на некои активности и сл. Преку ова, се остварува лична афирмација на учесниците во самата активност, додека за оние кои се дел од публиката претставува културна анимација. Сето ова треба да биде така организирано и реализирано да претставува културен чин.

Стручноста и професионалноста се битни претпоставки за успешна организација и реализација на воннаставните активности, притоа, наставникот треба да биде доволно стручен за да ја води активноста, а учениците да се чувствуваат како професионалци. Често стручноста и професионалноста претставуваат сериозен

проблем кога треба да се организираат активности на поедини секции. Имено, се случувало еден наставник да има исклучително познавање и афинитети кон одредена активност и со години успешно ја водел. Со заминувањето на наставникот, активноста ја презел нестручен наставник и ја претвора во чиста спротивност од она што треба да биде. Наместо да ги мотивира учениците, да ги афирмира,станува досадно,се намалува бројот на членовите, се редат неуспеси, постанува обврска и сл.

Другиот аспект на професионалноста се однесува на учениците и нивното учество на различни училишни натпревари, иако се аматерски, за учениците изгледаат како прави професионални настапи. Во таа смисла пожелно е наставникот на воннаставната активност да го подигне ентузијазмот кај учениците и нивното тежнеење кон професионалност постојано го поддржува и стимулира.

Местото на реализација е важно за успех на воннаставните активности. Кога се работи за место каде треба да се изведуваат активностите потребно е да постои опрема, техника, простор, греење, да биде осветлено итн. Овие услови придонесуваат учениците да се чувствуваат сигурно и да бидат поуспешни и поефикасни во реализацијата на воннаставните активности. Презентирањето на резултатите се практикува да биде во училиштето. За да се одржи духот на училиштето, треба да има некој амблем или знаме на училиштето, да биде препознатливо по низа симболи кои го претставуваат училиштето. Треба да се обезбеди соодветен простор (хол, фискултурна сала и сл.) за да може да прими што е можно повеќе публика и истата да може тоа убаво да го следи и комотно да се чувствува.

Социјалната промоција е составен дел на делувањето и работата на сите воннаставни активности и подразбира јавно наградување и промовирање на успехот на учесниците во одредената активност. Учениците секогаш се подготвени да вложат максимални напори за да се прикажат во најдобро светло. Поради преголемиот емоционален набој се случува во пресудниот момент ученикот да потфрли и од социјална промоција сето тоа добие димензија на социјална деградација. За јавниот настап на учениците кои се бават со воннаставни активности да биде поддржан, потребно е наставниците да ги обучуваат учениците на активно, културно, и рационално учествување и пратење на активностите. Многу важно е учениците да

научат да го ценат и поддржуваат трудот на нивните врсници, нивната активност да ја доживеат како сопствен успех. За социјалната промоција на учесниците во вonнанставната активност да биде ефикасна потребно е да се направи рекламен материјал, со датум и место на кое ќе се одвива одредената активност или пак ќе се доделуваат награди. Ваквата промоција на учениците силно ќе ги мотивира учесниците во воннаставните активности, но исто така, позитивно ќе делува и врз другите ученици за нивно вклучување во воннаставните активности.

Афирмацијата на училиштето е исто така значајна, така што успехот на учениците во воннаставните активности се прикажува како успех на целото училиште. Воннаставните активности даваат шанса на учениците да го покажат својот талент, способности и колегијалност во работата. За трудот и успесите кои ги постигнуваат учениците, училиштето треба јавно да доделува признанија, награди, благодарници и сл., да ги афирмира поединците, групите и наставниците кои ги водат воннаставните активности. Јавното доделување на наградите и признанијата има голема мотивациона вредност и претставува своевидна социјална промоција.
Преку училишниот весник треба да се прикажуваат успесите на учениците од училиштето и преку него се запознаваат родителите и други надворешни субјекти кои соработуваат со училиштето. Воннаставните активности ја имаат таа репрезентативна димензија да ги прикажуваат посебните остварувања на училиштето, посебните успеси на учениците и нивна заедничка афирмација.

Масовноста подразбира практично сите ученици да имаат шанса да учествуваат во воннаставните активности на училиштето. Преку масовноста се огледа ефикасноста во организацијата и реализацијата на воннаставните активности. Во тој контекст, потребно е програмата на воннаставните активности да биде транспарентна, за да се опфатат што е можно поголем број на ученици. Учеството во воннаставните активности треба да биде либерално, во смисла да не се прифаќаат само ученици кои имаа талент за одредена активност, туку сите ученици кои покажуваат интерес за определената активност. На учениците треба да им се даде дознаење дека нивниот поединечен успех е успех на целиот тим, група или секција т.е дека неуспехот на целата група е и нивни личен неуспех.

## 3.5. Следење на воспитно - образовната работа во воннаставните подрачја од дејноста

Покрај планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности од суштинска важност е следењето на овој воспитно-образовен процес. Потребно е ова воспитно–образовно подрачје да се следи од повеќе аспекти со цел да се има сеопфатен преглед на успешноста во спроведувањето на ваквите активности, како што вели Миноски:

„Во рамките на ова подрачје непосредно се следи вкупната практична поставеност на ова подрачје во споредба со програмските барања; програмирањето на одделните воннаставни активности и нивното организирање; анимирањето и опфаќањето на учениците во слободните ученички активности; дидактичкиот квалитет во водењето на активностите; успесите на учениците во рамките на определени слободни и други воспитно–образовни активности; организирањето и изведувањето на производната и на другата општествено-корисна работа на учениците; програмско осмислување и организирање на ученичките екскурзии; откривањето и водењето на учениците кои се посебно талентирани во определни подрачја; резултатите што ги постигнува училиштето во ова подрачје од дејноста.“[48]

Посебно се следи во што се состои работата на педагошко-психолошката служба на училиштето, педагошката работа на раководниот кадар, воспитната работа на одделенските раководители, работата на стручните органи и тела во училиштето, како и перманентното усовршување на раководниот и наставниот кадар.

[48] Миноски, Ј. (1999), *Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните соработници*, Скопје: Педагошки завод, стр.60.

## 3.6. Унапредување на воннаставните подрачја од воспитно–образовната дејност на училиштето

Бројни и неисцрпни се задачите коишто можат да се програмираат заради унапредување на одделни воспитно-образовни содржини и активности што се остваруваат во рамките на воннаставните подрачја од дејноста. Како што вели Миноски, Ј. „можат да се поставуваат конкретни задачи чие реализирање ќе биде насочено кон остварување поголеми можности за помасовно вклучување на учениците во разновидни слободни активности, постојано збогатување на содржината на слободното време на учениците, усовршување на методиката на културно–воспитната работа со учениците.“[49]

Со континуирано и постепено внесување навики во организирањето и изведувањето на ученичките натпревари на сите нивоа, како и изнаоѓање нови облици, начини и средства за подобрување на психофизичката состојба и здравјето на учениците, постојано проширување и збогатување на содржините за општествено-корисна и производствена работа, поттикнување, одржување и зголемување на самоиницијативноста и самостојноста на учениците во содржинското и организационото осмислување на слободните воспитно–образовни активности несомнено ќе влијае на унапредувањето на воннаставното подрачје како еден значаен дел од воспитно-образовната работа на училиштето.

Слични задачи можат да се поставуваат и во поглед на збогатување на содржината и андрагошките облици за соработка на училиштето со родителите на учениците, со бројни субјекти од локалната и од пошироката средина, во отворањето на училиштето за задоволување на образовните и културните потреби на младите и на возрасните од средината во која што училиштето ја остварува својата воспитно–образовна дејност.

[49] Ibid, str. 61-62.

## 3.7. Законски одредби кои се однесуваат на планирање и реализирање на вонваставни активности

Покрај изведувањето на редовната настава, наставникот е должен да организира културни, спортски и други општествено-корисни и хумани активности во кои ќе бидат целосно инволвирани учениците. Според, Законот за Основно Образование на Македонија, во членот 23 од делот за воспитно–образовна дејност се одредува дека...“Воспитно–образовната дејност во основното училиште опфаќа настава што се организира и изведува според наставни планови и програми и вонваставни активности“...[50]

Во членот 5 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта, во делот за планирање и програмирање и услови за организирање на слободни активности е предвидено со Годишната програма за работа на училиштето да се опфати и планот и содржината на вонваставните активности кои подразбираат реализација на делови од наставниот план и наставните програми. Целта на реализирањето на вонваставни активности е утврдена со членот 3 во делот цел и задачи на вонваставните активности, каде се поставени целите на вонваставните активности, а тоа се:

...“ Проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите како и односи во природната и општествената средина, културно историски знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно–образовната работа на училиштето“...[51]

Вонваставните активности вклучуваат слободни ученички активности, секции, ученички натпревари, заедница на учениците, производствена и друга општествено-корисна работа и ученички екскурзии. Планирањето и организирањето на вонваставни активности, во нашата практика не се доволно застапени што се

---

[50] Закон за Основно образование, Службен Весник на Р.Македонија бр. 44/95 од 20.09.1995 година.

[51] Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта бр.10-4061/1 од 01.11.2010 година. Министерство за образование и наука на Република Македонија.

одразува негативно на воспитно-образовниот процес, а особено врз целокупниот психофизички развој на учениците.

Работата на наставниците покрај тоа што се оценува преку следење на наставата, следење на воспитно–образовната работа, следење на дидактичко–методскиот квалитет на наставните часови, квалитетот на проверување и оценување, исполнување на програмските обврски, се оценува и преку следење на воспитно–образовната работа во вонннаставните активности.

Со новите измени и дополнувања на Законот за основно и средно образование кои се однесуваат на наставниците како главни носители на воспитно–образовната дејност, во неколку сегменти се зголемува квалитетот и капацитетите на наставниците при реализацијата на наставата и воннаставните активности. Во "Упатството за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта" издадено од МОН и ДПИ, се вели дека „планирањето, организирањето и реализацијата на воннаставни активности ќе се вреднува бројчано т.е. наставникот ќе добива поени според следните критериуми:"[52]

- не планира и не реализира воннаставни активности 0 поени
- повремено планира и реализира воннаставни активности 2 поени
- планира и реализира воннаставни активности 4 поени

Во однос на следењето на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности предвидено е наставникот да добива поени според следните критериуми:[53]

- не следи 0 поени
- делумно следење 4 поени
- целосно следење 8 поени

[52] Упатството за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, МОН и Државен просветен инспекторат, стр.8
[53] Ibid, str.16

Во прилог на значајноста за планирањето и организирањето на воннаставни активности ќе бидат претставени резултати од некои истражувања кои се однесуваат токму на воннаставните активности.

## 3.8. Релевантни истражувања

Организирањето на воннаставните активности е од круцијално значење за развојот на учениците, во создавањето на пријатна атмосфера во училиштето која го промовира училишниот дух и општествената интеракција меѓу учениците. Ако се набљудува подлабоко, ќе се увиди дека воннаставните активности им помагаат на учениците многу повеќе на индивидуален план. Учениците стануваат поодговорни, поорганизирани, дисциплинирани, развиваат самодоверба и лидерски вештини, постигнуваат подобри резултати во учењето, имаат помалку проблеми со девијантните појави, помала веројатност дека ќе посегнат по цигарите, алкохолот и дрогата.

Во истражувањето кое го спровела **Mary Rombokas** од Универзитетот во Тенеси, со примерок од 292 ученици се дошло до сознание дека оние кои се инволвирани во воннаставните активности се на повисок интелектуален и општествен равој од оние што не се инволвирани во воннаставните активности.[54]

**Djozef Mahoni** правел истражување на 695 ученици и дошол до сознание дека оние деца кои активно учествувале во воннаставните активности помалку го напуштаат училиштето и немаат проблеми со законот, отколку оние кои не посетуваат воннаставни активности[55].

**Rik Gilman** од Универзитетот во Џорџија, направил истражување на 392 ученици и дошол до заклучок дека учениците кои учествуваат во воннаставните активности покажувале многу поголем интерес за училиште, отколку оние кои не

[54] **http://www.pedagog.org.yu/americka%20vannastava.php** веб страна на Педагошко Друштво Србије.
[55] **http://www.pedagog.org.yu/americka** - Generalizovan prikaz istraživanja vannastavnih aktivnosti sproveden u srednjoj školi Deltona na Floridi .

биле вклучени[56]. На основ на многубројните истражувања во врска со воннаставните активности и позитивните резултати кои се добиени, Linda Roxanne Woodard (Deltona High School, Florida) вели: ...”Кога училиштето понудува т.е планира и организира воннаставни активности, сите имаат добивка. Тие не само што го исполнуваат слободното време на учениците кое спротивно би водело кон девијантно однесување, туку им помага да ги развијат способностите, создаваат предизвик и ги збогатуваат искуствата“... [57]

Во државата Тексас 1995 година, донесен е закон со кој се наложувало за учениците доколку сакаат да учествуваат во воннаставните активности мора редовно да ја следат наставата. Била спроведена анкета од страна на 468 директори со која се испитувала сличност меѓу учениците кои положиле државен испит (TAAC), но при тоа редовно посетувале настава. Утврдено било дека учениците кои учествувале во воннаставните активности во поголем процент го положиле испитот од оние кои не посетувале. Исто така, било утврдено дека процентот на ученици кои го напуштиле училиштето е помал кај оние кои посетуваат воннаставни активности и повеќе ученици продолжиле да се занимаваат со спорт со воведување на ваквото правило.[58]

Оттука, произлегуваат и мотивите за ова истражување т.е. потребата да се дојде до сознанија за причините кои влијаат на планирањето и организирањето на воннаставни активности. Ова истражување ќе се обиде да даде одговор на следново:

Колку се планираат и организираат воннаставни активности по предметот физичко воспитување?

---

[56] **http://www.shsu.edu/~edu_elc/journal/Hambrickabs.htm**

[57] Roxanne, W. L. (1998), *Vannastavne aktivnosti u američkim školama,* Florida: Deltona High School.

[58] **http://www.pedagog.org.rs/americka%20vannastava.php** - Vannastavne aktivnosti u američkim školama.

## 4. Планирање и организирање во образованието

Планирањето и организирањето во образованието се мошне значајни функции кои ги извршуваат директорите, наставниците, стручните работници итн. Сите горенаведени субјекти за да бидат успешни во работата потребно е да ги планираат и организираат сите активности кои се во доменот на нивното работење, да ги стават на хартија сите идеи, планови, потреби и интереси, но и да ги организираат сите расположливи ресурси (човечки, просторно–технички, материјални и др.) во функција на успешно реализирање на поставените цели. Ваквиот начин на работа може да гарантира успех во работењето и основа за континуиран напредок.

### 4.1. Планирање во образованието

Од самите почетоци на постоењето на човековата заедница започнал процесот на насочување на активностите на членовите на тие заедници кон остварување на определени цели. Сите тие активности воделе кон воспоставување соодветен мисловен процес, кој, понатаму, бил наречен планирање.

Планирањето во воспитно-образовните институции треба да се разбере како претходна намера, замисла, идеја или проект, но и некаков редослед и систем од разновидни воспитно–образовни активности. Планот на воспитно–образовната работа на училиштето, поради доминантното место што го има наставата се нарекува наставен план. Иако, најчесто наставниот план содржи и други видови на воспитно–образовна работа, освен наставата. Постојат повеќе дефиниции за наставниот план, еве неколку од нив.

М. Баковљев пишува дека “Наставниот план е документ (во форма на табела) со кој се пропишува кои предмети ќе се изучуваат во одредено училиште, во кои одделенија/години, со колку часови неделно односно годишно. Исто така, наведени се и другите активности кои се реализираат надвор од редовната настава.“[59]

Ф. Јелавиќ пак пишува дека “Наставниот план го сфаќаме како една табела во која стои: кои предмети се учат, редоследот на учење на секој од предметите

[59] Bakovljev, M.(1984),*Didaktika,*Beograd:Naučna knjiga, str.22.

(кога се јавува, колку трае, кога престанува), времето (неделно, полугодишно и годишно) предвидено за секој предмет.“[60]

Од цитираните дефиниции произлегува дека планот се изработува во вид на табела во која се дадени наставните предмети, подрачјата и другите видови воспитно–образовни активности кои се застапени во одреден вид и степен на образование и тоа по одделенија/класови и со неделниот и годишниот фонд на часови. Во планот се дефинираат општите воспитно–образовни цели, основните принципи од кои се поаѓа во планирањето, програмирањето, организирањето и реализирањето на воспитно–образовната работа за соодветниот вид и степен на образование.

Исто така, треба да се детерминира структурата на воспитно–образовната дејност на одреден вид или степен на образование, а тоа значи кои се видови на воспитно–образовни активности се застапени во училиштето (настава по предмети, вежби, професионална пракса, воннаставни активности и слично). Со планот се одредува и статусот на одредени видови воспитно–образовна работа, со што се утврдува кои активности се задолжителни, изборни или факултативни поточно оставени на избор на учениците според нивните интереси и предиспозиции. Обемот на одделни активности е искажан преку временски показатели како што се неделен фонд на часови, годишен фонд на часови, семестри, полугодија, тромесечија итн. Покрај утврдувањето на временска рамка потребно е да се одреди редоследот на изучување т.е реализирање на предвидените активности како и временската ангажираност на учениците во текот на денот, неделата, месецот и годината. Планирањето, како свесна активност, се практикува во сите фази на менаџирање на воспитно-образовниот, на научно-истражувачкиот и на едукативниот систем.

Тие цели треба да се остварат на определено ниво, за определен временски рок, со определени и расположливи ресурси и со конкретни извршители.

Процесот на планирањето во сферата на воспитанието и образованието, на научно-истражувачката и на едукативната дејност, треба во себе да ги опфаќа следните подфункции:

[60] Јелавиќ, Ф. (1995), *Дидактичке основе наставе*, Загреб: Наклада Слап, стр.24.

- прогнозирање преку кое се предвидува идната организација на институциите, можниот начин на функционирање на училиштето, начините на остварување на дејноста на усовршувањето и на развојот;
- утврдување на целта или на целите преку што се поставуваат веројатните цели и задачи кои треба да се остварат во текот на утврдениот период;
- изработка на самите планови што подразбира составување документи според кои ќе се одвиваат натамошните активности на извршителите.[61]

Собирањето податоци (информации) се неопходни за започнување на какво и да е планирање. Доколку информациите се репрезентативни, на време добиени, точни, целосни и разбирливи, дотолку сме во можност да извршиме правилна процена и да донесеме квалитетна одлука. Проценката на ситуацијата (состојбата) е сложена, умствено–творечка работа (процес) во кои планерот (планерите):

- го расчленува текот на престојната задача на активности (делумни задачи);
- ги утврдува меѓусебните врски и односи на активностите;
- ги согледува сите фактори и елементи кои може да имаат влијание врз активностите;
- ги утврдува оптималните решенија за извршување на активностите (делумните задачи) и на акцијата како целина.[62]

## 4.2. Организација во образованието

Покрај останатите фактори од кои зависи современото менаџирање и ефикасноста на воспитно-образовниот процес на земјата, од непроценливо значење е организацијата на институциите кои се занимаваат со оваа суптилна дејност, формите на управувањето и ефикасноста на раководењето.

Организацијата е сеопфатен процес без кој неможе да се замисли ниту една дејност, потфат или развоен проект на човекот кој се стреми кон се поинтензивниот научно–технички и технолошки прогрес. Организацијата го осмислува развивањето

[61] Гравот, П., (1993), *Економика на едукацијата*, Париз: Економика, стр.209.
[62] Гоцевски,Т.,(2007), *Образовен менаџмент*, Битола: Киро Дандаро, стр. 240-241.

на производствените сили, го обезбедува поврзувањето на специјализираниот и раздробениот труд, во сложени целини обединува многу материјални, човечки, финансиски и други ресурси.

Гоцевски Т. теоријата на организацијата и управувањето со образованието и воспитанието ги сфаќа како систем на знаења, сознанија, постапки, препораки и идеи за зависноста, корелациите и односите, како на учесниците во остварувањето на воспитно–образовниот процес, така и на оние кои го обезбедуваат неговото непречено одвивање, па се до релизирањето на однапред поставените цели и на очекуваните резултати од воспитно–образовниот процес.[63]

Кога станува збор за научната организација на образованието, во литературата може да се сретнат три аспекти на разгледување на овој феномен: функционален аспект, структурен аспект и институционален аспект.

**Функционалниот** аспект на поимот организација на образованието покажува процес на подредување на деловите од системот на функционирање на системот како целина.

**Структурниот** аспект на организацијата ги означува знаците на препознавање, својствата и застапеноста на елементите на еден систем кој го определуваат неговото значење, интеракции и врски, како помеѓу неговите елементи така и со неговото окружување, бидејќи ниту еден систем неможе да делува изолирано, надвор од вкупната општествена стварност, најмалку тоа може да биде воспитно–образовниот и едукативниот систем.

**Институционалниот** аспект на организацијата на образованието покажува систем чие функционирање претпоставува остварување на однапред поставените цели.

[63] Ibid, стр.255.

## 4.3. Планирање и организација на воннаставни активности

Покрај редовната настава во училиштата потребно е пред почетокот на учебната година да се испланираат и останатите активности во училиштето меѓу кои се и воннаставните активности. Училиштето има слобода во однос на изборот и воведувањето на нови воннаставни активности и формирањето на различни секции, соодветно на карактеристиките на средината, интересите на учениците и можностите на училиштето. Воннаставните активности треба да се планираат и организираат така што ќе бидат опфатени поголем број на ученици без оглед на полот, возраста, социо - економскиот статус, религиозната определба, етничката припадност итн.

Планот и организацијата на воннаставните активности подразбира активно учество на учениците и тоа не смее да се претвори во продолжување на наставната работа и воедно да ги преоптерети учениците со содржини кои не се во интерес на учениците. Од посебно значење е во планот да се утврди местото, времето и датумот кога се изведуваат воннаставните активности за да можат учениците адекватно да се подготват, а со тоа и ефектите од овие активности да бидат поголеми. При планирањето и организирањето на воннаставните активности, во зависност од нивната содржина треба да се земе во предвид хомогеноста на групите во однос на возраста, полот итн.

Планот треба да опфати кои организациски форми на активности ќе бидат застапени, како и обезбедување на основните услови (објект, простор, технички средства, материјали и сл.) за нивна реализација. Треба да се земат во предвид сите предуслови за успешно организирање и реализирање на планираните воннаставни активности. Само на таков начин, ако се планираат и организираат воннаставните активности ќе можеме да кажеме дека се ефикасно реализирани.

Планот на воннаставни активности би требало да опфати:

- колку часови ќе бидат реализирани во рамките на воннаставните активности во текот на училишната година;

- кои области на воннаставни активности ќе бидат застапени во основното/ средното училиште? Нереално е да се очекува, да се посвети исто внимание на повеќе активности од различни области;
- денот, местото и времето на реализација на воннаставните активности е потребно однапред да се знае, за да учениците и наставниците знаат однапред за нивниот ангажман во текот на неделата или месецот. Со самото тоа, учениците може адекватно да се припремат за одредената активност со што се зголемува и ефикасноста на реализацијата. Навременото одредување на времето и местото на реализација има своја педагошка вредност и затоа треба однапред да се одреди во планот на почетокот од училишната година;
- името на наставникот кој е одговорен за одредената воннаставна активност треба да се одреди однапред според стручноста, компетенциите и афинитетите на наставникот.[64]

Програмата на воннаставните активности треба да содржи:

- видот на активноста во рамките на секоја област;
- кои треба да учествуваат во креирањето и реализирањето на активностите;
- кои организациски форми ќе бидат застапени;
- кои услови треба да ги обезбеди училиштето за да активностите може да бидат реализирани (објекти, места, опрема, средства, материјали и сл.).[65]

Во креирањето на планот и програмот за воннаставни активности неопходно е да се обезбеди учество на поширок круг на заинтересирани, пред се, учениците, нивните родители, стручен кадар од различен профил. Училиштето на почетокот на годината потребно е да преземе одредени чекори за да може да им се стават на располагање на учениците сите расположливи средства, а оние кои се неопходни, а не се обезбедени, училиштето со помош на локалната самоуправа или Министерството за Образование, како и други надворешни соработници ќе се потруди да ги обезбеди. Идеално е групите да бидат хомогени и членовите во

[64] http://www.scribd.com/doc/39205231/6/VANNASTAVNE-AKTIVNOSTI, - Okvirni nastavni plan i program,Vannastavne aktivnosti, str 60.
[65] Ibid,str. 60.

групите да бидат оптимално оптеретени што е основа за остварување на воспитно–образовниот ефект во овој дел на училишниот живот и работата. Со ова се постигнува уште еден ефект, а тоа е поврзување на воннаставните активности со наставата и воопшто со животот во потесната и поширокатa социјална средина.

## 5. Воннаставни активности во физичката култура

Воннаставните активности се важна компонента во воспитно-образовната работа во основното и средното училиште. Воннаставните активности не се новост, тие се изведувале под името “слободни активности“. Во овие активности постојат различни облици на воспитно–образовна работа, со кои се сака да се задоволат вистинските потреби на учениците, да се прошируваат и продлабочуваат знаењата, да се развиваат хумани односи меѓу учениците од различен пол како и зближување на учениците и наставниците. Во воннаставните активности потребно е да се вклучи секој ученик барем во една активност, при што изборот на активност е препуштен на желбите, интересите, можностите и потребите на учениците. Поради ограничените просторни, кадровски и технички услови, училиштата на учениците можат да им ги понудат оние активности кои реално можат да се организираат.

Училиштето треба да внимава на условите во кои ќе се изведуваат воннаставните активности, пред сé тука се мисли на просторните услови како и здравствено–хигиенските услови. Не треба да се бара раскош во поглед на условите, но сепак треба да задоволуваат одредени стандарди во однос на функционалноста, сигурноста и основните хигиенско–здравствени услови. Покрај тоа, училиштето треба да внимава на организацијата на работа, особено на синхронизирање на обврските на учениците во училиштето со воннаставните активности. Поточно не смее да се доведе во прашање извршувањето на редовните училишни обврски на учениците во училиштето, дали да се работи за изостаноци од наставата или некои други ситуации до кои доаѓа поради несинхронизирана работа.

Исто така, во систематската работа на секциите по физичко воспитување треба да се вклучат исклучиво здрави ученици врз основ на писмена здравствена белешка, бидејќи за време на натпреварите и напорите се поголеми и почести. Кога станува збор за рекреативни активности кои по правило имаат помал интензитет,

тогаш може да се вклучат сите ученици кои немаат значајни пречки и потешкотии во реализирањето на одредена активност.

За одредени активности се предвидуваат 70 часа годишно што значи околу два школски часа неделно. Меѓутоа тоа не значи за сите активности да се предвидуваат 70 училишни часа во текот на училишната година, бидејќи природата на некои спортски активности преферира во одреден временски период засилена работа и обратно. Притоа, треба да се води грижа да не се претера со интензитетот и зачестеноста на некои активности што би било контраиндицирано и штетно за здравјето на учениците.

## 5.1. Планирање на вонаставни активности по физичко воспитување

Планот и програмот на воннаставните активности по физичко воспитување содржи најразлични активности кои можат да се применат во училиштата и секое училиште во границите на своите кадровски, просторно–технички услови и интереси на учениците, да ги организира и ги реализира воннаставните активности на најдобар можен начин. Сите активности во училиштето, па така и воннаставните активности се планираат на почетокот на учебната година. Наставникот по физичко воспитување заедно со учениците заинтересирани за одредена спортска активност потребно е да го изработат планот и програмот за реализација на воннаставните активности по физичко воспитување и да го приложат до стручните тела на училиштето. Откако ќе се усвоји, се приклучува кон годишниот програм на училиштето за тековната учебна година.

Видот на активноста кој ќе се понуди на учениците ќе зависи од нивните интереси за одредени содржини (може врз база на спроведена анкета кај заинтересираните ученици), просторот и опремата во училиштето и надвор од него, окружувањето и неговата понуда за реализирање на одредени спортски активности, наставниот кадар и организациските можности за работа на училиштето (расположливо време, работа во смени, надворешни корисници–рекреативци на просторно–техничките услови на училиштето) и др. По утврдувањето на содржините

и условите со кои располага училиштето и окружувањето, потребно е на пригоден начин, на огласна табла да се запознаат сите ученици и нивните родители со целта, времето, местото и начинот на реализирање на вonнаставните активности во кои нивните деца учествуваат. На табелата 1 даден е пример на програма за воннаставни активности.[66]

**Табела 1**

| Месец | Датум | Активности | Одд/клас | Содржина | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| Септември | 1–15 | Формирање на групи | | | |
| | 16 –30 | Излет | | | |
| Октомври | 1–15 | Натпревар во одделение/клас | | | |
| | 16–31 | Меѓуодделенски/класни | | | |
| Ноември | 1-15 | Традиционални натпревари | | | |
| | 16–30 | Есенски крос | | | |
| Декември | 1–15 | Турнир во бадминтон | | | |
| | 16–31 | Турнир во пинг понг | | | |
| Јануари | 1–15 | Скијање,бордање. | | | |
| | 16–31 | Лизгалиште | | | |
| Февруари | 1–15 | Првенство на училиштето | | | |
| | 16 – 28 | Првенство на училиштето | | | |
| Март | 1–15 | Општински натпревари | | | |
| | 16–31 | Првенство на училиштето | | | |
| Април | 1–15 | Пролетен крос | | | |
| | 16–30 | Првенство на училиштето | | | |
| Мај | 1–15 | Планинарење | | | |
| | 16–31 | Обука на непливачи | | | |

## 5.2. Улогата на наставникот и учениците во планирање и организација на воннаставни активности по физичко воспитување

Поради нагласена потреба од воннаставни активности, улогата на наставникот во почеток како иницијатор и водач, а подоцна како ментор и соработник е многу важна. Секако дека треба да се земе во предвид трудот на наставникот и напорот при организирање на работното време во склоп на неговите годишни задолженија.

[66] Findak, V. I Stela, I. (1985), *Izvannastavne i izvanškolske aktivnosti u tjelesnoj i zdravstvenoj kulturi*, Zagreb: Školska knjiga, str.7.

Во помалите одделенија од основното училиште воннаставните активности по одредени спортски активности ги организира одделенскиот раководител во соработка со стручен кадар. Во повозрасните одделенија сите спортски активности ги реализира наставникот по физичко воспитување. Зависно од возраста и способностите на учениците во повозрасните одделенија од основното училиште, како и во средните училишта на учениците им се препушта дел од организацијата и реализацијата на воннаставните активности, и тоа во склоп на секциите за физичко воспитување. Во почетокот, од учениците не треба да се очекува премногу, но подоцна покрај стрпливата и систематска работа, како и помош од страна на наставникот постепено може да им се доверуваат задачи како што се: водење на записник, организација и помош на училишни натпревари, изготвување на рекламен материјал и сл. Ангажманот на учениците во организацијата и реализацијата на воннаставните активности ќе зависи пред сè од нивната способност, интерес и наклонетост кон таа работа.

Мерило за развиеноста на спортскиот живот во училиштето никако не смее да биде бројот на освоени пехари, туку како што велат Финдак и Стела добро организирана колективна работа на учениците во секциите по физичко воспитување, постојаната соработка меѓу наставникот и учениците, систематска работа на спортските секции и групи, бројот на опфатени ученици со различни спортски активности, уредно водена документација, степен на реализација на зацртаните спортски активности во годишната програма и др.[67]

---

[67] Findak, V. I Stela, I. (1985), *Izvannastavne i izvanškolske aktivnosti u tjelesnoj i zdravstvenoj kulturi*, Zagreb: Školska knjiga, str.9.

## 5.3. Соработка на училиштето со локалната заедница во реализација на вонаставните активности по физичко воспитување

Во реализација на содржините од вонаставните активности често училиштата соработуваат со локалната заедница. Целта на ваквата соработка е унапредување на воспитно–образовниот процес, потполно искористување на постоечките и создавање на подобри кадровски и материјални услови, поголема масовност, корисно поминато слободно време, како и максимално искористување на постоечките спортски објекти. Соработката во двата правци се гледа преку овозможувањето на максимални услови за реализација на различни спортски содржини од страна на локаланата заедница, а од друга страна помош за локалната заедница од страна на училиштата преку најразлични настапи и ангажмани на учениците, по повод нивните прослави и други свечености.

## 5.4. Евидентирање на вонаставните активности по физичко воспитување

Вообичаено е, но и потребно е секоја активност на ученикот да се следи и евидентира. За содржините на вонаставните активности потребно е да се води барем минимална документација во која се бележат активностите, учениците, успесите и неуспесите, како и забележување на напредокот и редовноста на учениците. Најосновните податоци кои мораат да се евидентираат за секоја активност се: име, време и место на одржување , бројот на учесници, содржината на активности и забелешки. Во делот за забелешки може да се стават разни предлози, кратки описи на одредени случувања или непредвидени случки. На ваквата документација може да се придодадат и разни цртежи, фотографии и сл. Ваквата документација може да се истакне за Денот на училиштето или други прослави кои се организираат во склоп на училиштето што би било идеална реклама за активностите кои се реализирале и што треба да се реализираат. Учениците кои биле инволвирани во тие активности ќе се чувствуваат горди и задоволни, а со тоа ќе

бидат стимулирани за во иднина уште повеќе да се истакнат. Покрај веќе инволвираните ученици би се пријавиле и нови ученици кои преку спортските активности би се афирмирале во училиштето, општината итн.

## 5.5. Материјални услови за планирање и организација на вонинаставните активности по физичко воспитување

За реализација на вонинаставните активности по физичко воспитување потребен е соодветен простор и техничка опрема. Кога станува збор за просторот, тогаш вонинаставните активности не треба да се реализираат исклучиво во училишните објекти, туку треба да се види можноста во окружувањето дали постојат услови за реализирање на одредени спортски активности, а по потреба може да се организираат и надвор од населеното место. Голема помош во реализирањето на вонинаставните активности може покрај локалната заедница, да дадат и спортските федерации и клубови кои би ги ставиле на располагање спортските објекти и опремата како што се: спортски игралишта, базени, лизгалишта, куглани, стрелани, гимнастички сали, полигони и сл. Придобивката за спортските клубови би била, препознавање на талентирани ученици т.е рана селекција, нивно прифаќање во спортските клубови со цел да се инволвираат во континуиран тренажен процес.

Табела 2 : Пример (материјални услови за воннаставни активности во училиштето).[68]

<table>
<tr><th colspan="5">Простор</th><th>Содржина</th><th>Опрема</th></tr>
<tr><td rowspan="17">Во училиште</td><td rowspan="4">затворен протор</td><td colspan="3">Сала за физичко воспитување</td><td>Вежбање на справи, спортски игри, танци,боречки спортови, атлетика и др.</td><td>Справи за вежбање, реквизити за спортски игри, магнетофон, душеци, топки и др.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Специјализирани затворени простории</td><td>Базен, лизгалиште, стрелана, куглана, пинг-понг и др.</td><td>Маси за пинг понг,пловки, стази,воздушни пушки, кугли, лизгалки и др.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Училница</td><td>Танци,корективна гимнастика,пинг-понг и др.</td><td>Палки, маси,душеци, цд плеер и др.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Останат простор (предворје, трим кабинет, ходници и сл.)</td><td>Танци,корективна гимнастика,пинг-понг,боречки спортови, стрелаштво и др.</td><td>Палки, маси,душеци, цд плеер, душеци, тегови, бокс, вреќи и др.</td></tr>
<tr><td rowspan="13">Отворен простор</td><td rowspan="12">Училишно вежбалиште</td><td rowspan="4">Атлетика</td><td>Патека (60-100м)</td><td>Трчање и поминување препреки</td><td rowspan="4">Стартни блокови, палици,стоперица, подвижни препреки, сталци, голем душек, ѓуле, прибор за рамнење песок и др.</td></tr>
<tr><td>Јама со песок</td><td>Скок во далечина</td></tr>
<tr><td>Душек за скок во вис</td><td>Скок во височина</td></tr>
<tr><td>Место за фрлање ѓуле</td><td>Фрлање ѓуле</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Полигони</td><td>Полигони препреки</td><td>Трчање преку препреки со различна намена</td><td>Препреки (подвижни и статични)</td></tr>
<tr><td>Вежбалници со справи</td><td>Вежбање на справи</td><td>Конструкција за справи за вежбање</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Игралишта за</td><td>Кошарка</td><td>Кошарка и баскет</td><td rowspan="4">Кошеви, мрежи, стативи и топки.</td></tr>
<tr><td>Одбојка</td><td>Одбојка и одбојка на песок</td></tr>
<tr><td>Ракомет</td><td>Игра ракомет</td></tr>
<tr><td>Фудбал</td><td>Фудбал и футсал</td></tr>
<tr><td colspan="2">Трим патека</td><td>Трчање на трим патеки</td><td>Елементи на трим – патеки</td></tr>
<tr><td colspan="2">Површини за рекреација</td><td>Мини голф, елементарни игри и др.</td><td>Опрема</td></tr>
<tr><td colspan="3">Сообраќаен полигон</td><td>Возење во сообраќајни ситуации и спретност</td><td>Велосипеди, ознаки, сигнализација и др.</td></tr>
</table>

[68] Findak, V. I Stela, I. (1985), *Izvannastavne i izvanškolske aktivnosti u tjelesnoj i zdravstvenoj kulturi*, Zagreb: Školska knjiga, str.15.

Табела 3:Пример (материјални услови за воннаставни активности надвор од училиштето).[69]

<table>
<tr><th colspan="4">Простор</th><th>Содржина</th><th>Опрема</th></tr>
<tr><td rowspan="11">Надвор од училиште</td><td rowspan="3">Во локалната заедница</td><td rowspan="2">Отворени простори</td><td>Спортски игралишта</td><td>Тенис, кошарка, одбојка, фудбал, ракомет и др.</td><td>Мрежи, кошеви, топки, рекети, стативи и др.</td></tr>
<tr><td>Детски игралишта</td><td>Слободна игра и разонода на децата</td><td>Песок, препреки, греди, вратила и др.</td></tr>
<tr><td>Затворен простор</td><td>Сала за физичко воспитување и спорт</td><td>Елементарни и спортски игри, корективна гимнастика, боречки спортови и др.</td><td>Различни справи, реквизити и друга опрема за наведените содржини.</td></tr>
<tr><td rowspan="8">Во спортските организации</td><td rowspan="7">Специјализирани отворени и затворени простор</td><td>Базен, пливалиште и сл.</td><td>Обука на непливачи, пливање и др.</td><td rowspan="4">Прибор за обука на пливање, лизгање, стрелање, рекети, мрежи итн.</td></tr>
<tr><td>Лизгалиште</td><td>Обука на лизгање, лизгање и др.</td></tr>
<tr><td>Стрелиште</td><td>Стрелање со воздушна пушка</td></tr>
<tr><td>Терени за тенис</td><td>Тенис и мини тенис</td></tr>
<tr><td>Веслачки клуб</td><td>Веслање и едрење</td><td>Кајаци и даски за едрење.</td></tr>
<tr><td>Трим – кабинет</td><td>Вежбање</td><td>Опрема за трим кабинет</td></tr>
<tr><td>Спортски сали</td><td>Ритмичко спортска гимнастика,танци, боречки спортови и др.</td><td>Справи за вежбање, цд плеер и др.</td></tr>
<tr><td>Во природа</td><td>Излетнички места, реки, шуми, езера, летувалишта, зимовалишта, скијашки терени, море и др.</td><td>Прошетки и излети, игри на вода, обука на непливачи, обука на нескијачи, бициклистички тури, логорување и др. Елементарни игри.</td><td>Опрема за скијање и санкање, кајаци, велосипеди, опрема за сигнализација и ориентација и др.</td></tr>
</table>

[69] Findak, V. I Stela, I. (1985), *Izvannastavne i izvanškolske aktivnosti u tjelesnoj i zdravstvenoj kulturi*, Zagreb: Školska knjiga, str. 16.

## 5.6. Потешкотии кои се јавуваат при реализацијата на воннаставните активности во основно и средно образование

Физичкото воспитание не се остварува само низ наставата по физичко воспитание, туку и низ други воннаставни активности. Во целост на организационите облици на физичко воспитание, спортот, спортските активности и рекреацијата на учениците, претставуваат доминантен облик на реализацијата на таквото барање. По однос на содржините кои се изведуваат тие можат да бидат: вежби за обликување на телото и движењата, атлетика, спортска гимнастика, ритмичко-спортска гимнастика, танци, спортски игри, излети, кросеви, логорувања, планинарења и сл. Во зависност од местото каде се изведуваат, воннаставните активности можеме да ги поделиме на активности кои се изведуваат во училиштето, на спортските терени во дворот на училиштето, на спортските терени надвор од училиштето и во природа.

Училишниот спорт е продукт на физичкото воспитание и претставува неделив дел од него. Научно е докажано дека врвни резултати во одредени спортови се постигнуваат ако се отпочне уште во раната возраст со континуиран тренажен процес. Симоновски А. вели дека „ако на училишниот спорт му се даде адекватно место во училишното физичко воспитание, му се обезбеди систематска подготовка и ако се поврзе со спортот надвор од училиштето, сигурно е, дека е на добар пат за постигнување на високи спортски резултати."[70]

Токму од овие причини, на учениците треба да им се понудат повеќе спортски активности за да можат учениците да се запознаат со повеќе спортски гранки, а со тоа да се определат за спортот за кој имаат најмногу афинитет и предиспозиции. Оттука, значаен сегмент што се издвојува во педагошко–дидактичката димензија при реализација на физичкото воспитание во основните и средните училишта се воннаставните активности кои се организирани преку

[70] Симоновски, А. (1997), "*Училишниот спорт во системот на натпреварите на "Малите олимпски игри на училишната младина*", Скопје: Физичка култура, стр. 176.

секциите за физичко воспитување односно спорт и спортски активности. Како дел од воннаставните активности се ученичките спортски натпревари. Преку нив се развива и продлабочува интересот на учениците, се збогатуваат и продлабочуваат знаењата и физичките вештини. Натпреварите, исто така, влијаат на зголемувањето на интересот кај учениците кон воннаставните активности, придонесуваат да се развива натпреварувачкиот дух, да се зближуваат учениците од разни средини, како и селекција на талентирани спортисти.

Досегашната пракса кажува дека во основните училишта, воннаставните активности повеќе функционираат отколку во средните училишта. Основните проблеми во реализацијата на воннаставните активности во средното образование се однесуваат на преоптовареноста на учениците со учење, поголемиот фонд на неделни часови, недоволните просторни услови, учење во две смени, голем број ученици кои живеат далеку од училиштето итн. Во ваква ситуација, учениците многу ретко се одлучуваат за посетување на воннаставните активности, иако изборот на активности е оставен токму на учениците за самите, во зависност од нивните интереси, потреби, желби и афинитети ги упразнуваат оние спортски активности кои ги сакаат. Покрај интересот на учениците, Миновски А., Созовска Е., и Перчинков Д. сметаат дека „значајни за реализација на воннаставните активности се материјално-техничките услови за работа. Опремата е застарена, нема основни средства и реквизити. Просторните услови се исто така оскудни. Училишните сали најчесто се зафатени со рекреативци од окружувањето или пак спортски школи и клубови. Поради ваквата оптовареност на училишните спортски сали, наставниците доколку планирале воннаставни активности немаат каде да ги спроведат. Надворешните училишни терени се исто така амортизирани, во голем дел не се во функција или пак многу училишта и немаат надворешни терени.“[71]

Суштинско за реализацијата на воннаставните активности се кадровските потенцијали. Воннаставното подрачје е со најголем педагошки стручен ризик, па затоа бара најстручен и квалитетен кадар. Затоа е потребно перманентно стручно усовршување на наставниот кадар во соработка со Факултетот за физичка култура.

---

[71] Миновски, А., Созовска, Е., и Перчинков, Д. (1997), *Материјално – технички услови за реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование*, Скопје: Физичка култура, бр. 1–2, стр.218.

Во делот на реализација на вонnаставните активности голема улога игра и соработката со локалната самоуправа која исто така може да помогне во делот на организацијата на вонnаставните активности. Имено, нивната помош може да биде во обезбедување на просторни услови, материјално–технички и други потребни дидактички услови. Ваквата соработка на училиштето и локалната соработка овозможува анимирање и да се стави во педагошка функција сé што може да понуди локалната самоуправа. Во делот на реализацијата на вонаставните активности секако може да помогнат и спортските федерации и клубови со своите просторни капацитети и нивната техничка опременост, а преку училишните натпревари да ги селектираат талентираните спортисти и веднаш да ги вклучат во континуираниот тренажен процес.

Од досега изнесеното може да се констатира дека реализацијата на вонnаставните активности е детерминирана од општествено–економски, просторно–технички, кадровски, материјални и организациони услови.

# II – Методологија на истражување

## 1. Дефинирање на проблемот и основни поими

### 1.1. Воннаставни активности по физичко воспитување

Анализирајќи ги наставните планови и програми на основното и средното насочено воспитание и образование, забележуваме сé поизразена тенденција на пренесување на наставните содржини во вонаставното време. Несомнено е дека веќе, и сега, преку предметот се поприма формата на широките активности, кои се одвиваат во вонаставното време и имаат тенденција на задоволување на ученичките потреби и интересирања. Покрај редовната настава, во училиштата се застапени вонаставни активности кои се изведуваат пред или по завршувањето на редовната настава. Вонаставните активности се организирани преку различни секции, здруженија и групи кои се во тесна врска со одделни предмети, а содржините и активностите кои се реализираат се тесно поврзани со подрачјето од соодветниот предмет.

Вонаставните активности по физичко воспитување претставуваат најразлични спортски активности или друг вид на активности (на пример танци, планинарење, елементарни игри и сл.) каде покрај интелектуалниот напор, учениците имаат и физички напор, а притоа ги развиваат своите физички способности, го подобруваат и одржуваат здравствениот статус на високо ниво, корисно го поминуваат своето слободно време, намелен е ризикот од девијантни појави, го развиваат натпреварувачкиот дух, го јакнат карактерот и вољата, развиваат чувство на колегијалност и солидарност, преку играта се социјализираат и анимираат во групата, училиштето, општината и пошироко. Оттука, може да се согледа потребата за редовно планирање и организирање на вонаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта. На подрачјето на физичкото воспитување, вонаставните активности на ученикот кои се одвиваат во слободното време, стануваат простор на креативно самопрепознавање и

созревање, пат до ученикот како творечки и слободен субјект. Антрополошки гледано, воннаставните активности по физичко воспитување се лична и општествена придобивка на секој поединец, така што творечки се продолжува во вид на самореализација која е доброволно избрана како вид на егзистенција.

Во услови кога на учениците за нивно полесно интегрирање во општествениот живот не им е доволно само посета на редовната настава, принудени се да посетуваат курсеви по информатика, странски јазици, фотографија, математика, литература, спортски школи и клубови итн. Сето ова, дополнително се одразува на буџетот на родителите, па со редовното планирање и организирање на воннаставните активности во училиштата би се намалиле материјалните трошоци на родителите, но би им се овозможило на сите ученици без разлика на нивната материјална ситуација да ги посетуваат оние воннаставни активности за кои покажуваат интерес и талент.

За редовното планирање и организирање на воннаставните активности и нивната успешна реализација, олеснителна околност има окружувањето на училиштето, техничката опременост на училиштето, просторните услови на училиштето, степенот на образование на родителите, мотивираноста на наставниците, како и некои традиционални, верски и етнички бариери.

## 1.2. Дефинирање на основни поими

Една од основните дефиниции за воннаставните активности произлегува од самото име на поимот, што значи дека тоа се активности коишто се реализираат надвор од редовната настава. Сепак, тоа не значи дека се неконтролирани активности, туку напротив нив ги организира наставникот и се во взаемна врска со редовната настава. Околу објаснувањето на поимот за воннаставни активности постојат повеќе дефинирања од различни автори, но сепак суштината на дефинирањето на воннаставните активности е идентична.

..."Вонноставните активности се посебен вид наставен процес, во кој воспитниот елемент има доминација над образовниот, при што се организираат во правец на развој на интересите, афинитетите и креативните способности на учениците."...[72]

Јанковиќ П. вели дека: ... "Воннаставните активности се повеќе од редовна настава, тоа се активности кои се темелат на слободната определба и внатрешната мотивација на учениците" ... или ... "Можноста за избор на активност е чекор до слободата на изразување во склад со можностите и афинитетите на учениците"...[73]

Дураковиќ М. за воннаставните активности вели: ..."Стимулација на креативноста и усвојување на нови знаења, вештини, навики, воедно оспособување за комуникација, интеракција и колаборација со останатите членови од групата-тимот "...[74]

Во нашето истражување под воннаставни активности подразбираме конкретно спортски активности кои се изведуваат надвор од редовната настава и имаат за цел развивање на моторичките способности, индивидуална спортска ориентација и селекција, поттикнување на можностите и интересите, можност за афирмирање во училиштето и пошироко, како и позитивно исполнување на слободното време на учениците.

---

[72] http://www.sedmamo.com/index.php?option=com_content&view=article&id=85&Itemid=104 - JU VII OSNOVNA ŠKOLA , Gojka Vukoviča br.11 88104 MOSTAR .

[73] Jankovič, T. (1988), *Vannastavne aktivnosti i učeničko stvaralaštvo*, Sombor: Učenicki fakultet.

[74] Durakovič, M. (1978), *Dodatni odgojno-obrazovni rad vežbanjem kreativnih sposobnosti nadarenih učenika*, Zagreb: Pedagoški rad, br.5-6.

## 2. Предмет на истражување

## Планирање и организирање на вонваставни активности по физичко воспитување

Основен предмет на ова истражување е планирањето и организирањето на вонваставните активности по предметот физичко воспитување. Планирањето на вонваставните активности претставува процес на насочување на учениците на активности кои имаат за задача остварување на определени цели. Организацијата на вонваставните активности претставува процес на сознанија, постапки, идеи за зависноста, корелации и односи меѓу наставниците и учениците, како учесници во остварување и реализирање на вонваставните активности.

Предметот на ова истражување е проучуван и следен од аспект на мислења, ставови и интерес на наставниците во основните и средните училишта по физичко воспитување т.е. спорт и спортски активности и учениците од основните и средните училишта, околу планирањето и организирањето на вонваставните активности по физичко воспитување. Со спроведувањето на ова истражување се дојде до одредени сознанија околу просторно–техничките услови на училиштата, мотивацијата на наставниците за планирање и организирање на вонваставни активности, интересот на учениците за посета на вонваставните активности, како и други надворешни или внатрешни фактори кои влијаат врз планирањето и организирањето на вонваставните активности по физичко воспитување. Покрај потребите на науката, пресудно влијание да биде избран за истражување овој проблем е личниот интерес и афинитет за ова подрачје, интерес за правилниот психофизички развој на учениците, можност за рана спортска ориентација, природна селекција, создавање на трајни навики за спортување, корисно исполнување на слободното време, можност за одбегнување на девијантните појави со кои се соочува младината итн.

Предметот на ова истражување е проучуван низ следните аспекти:

- просторно–технички услови;
- материјални средства;
- окружување на училиштето;
- спортски содржини;
- мотивација на наставниците;
- интересот на учениците.

Врз основа на добиените резултати од ова истражување се утврди дали се планираат и организираат вонннаставните активности по предметот физичко воспитување, кои активности се најмногу застапени односно за кои активности има најголем интерес кај учениците, мотивираноста на наставниците за планирање и организирање на вонннаставните активности и просторно-техничките услови на училиштата за реализација на ваков вид настава.

# 3. Цел и задачи на истражувањето

### *3.1. Цел на истражувањето:*

Истражувањето има цел да утврди дали и како се планираат и организираат воннаставните активности по предметот физичко воспитување во основните и средни училишта и кои се факторите кои влијаат врз нивната успешна реализација.

### *3.2. Задачи на истражувањето:*

Врз основа на целта на истражувањето дефинирани се следните задачи:

- да се утврди застапеноста на воннаставните активности по предметот физичко воспитување;
- да се испита начинот на организирањето воннаставни активности по предметот физичко воспитување;
- да се утврдат просторно-техничките услови на училиштата за планирање и организирање на воннаставни активности по предметот физичко воспитување;
- да се испита мотивацијата на наставникот за планирање и организирање на воннаставни активности по предметот физичко воспитување;
- да се утврди интересот на учениците за воннаставни активности по предметот физичко воспитување;
- да се утврди посетеноста на воннаставните активности од страна на учениците.

# 4. Хипотези на истражувањето

## 4.1. Општа хипотеза

Наставниците во основните и средните училишта доволно и соодветно ги планираат и организираат вонаставните активности по предметот физичко воспитување.

## 4.2. Посебни хипотези

1. Не постојат разлики во видот и застапеноста на спортските содржини на воннаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта;
2. Нема разлики меѓу основните и средните училишта во однос на посетеноста на спортските содржини кои се застапени на воннаставните активности по физичко воспитување;
3. Наставниците во основните и средните училишта сметаат дека воннаставните активности по физичко воспитување доволно често се организираат во текот на учебната година;
4. Учениците во основните и средните училишта сметаат дека воннаставните активности по физичко воспитување доволно често се организираат во текот на учебната година;
5. Наставниците и учениците во основните и средните училишта сметаат дека воннаставните активности по физичко воспитување најчесто се организираат и реализираат во просторот на училиштето;
6. Учениците преферираат воннаставните активности да се изведуваат во природа;
7. Наставниците високо ја оценуваат сопствената улога за посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување од страна на учениците;

8. Учениците високо ја оценуваат улогата на наставникот за нивната посетеност на вонаставните активности по физичко воспитување;
9. Интересот на учениците за посета на вонаставните активности по физичко воспитување зависи од различните спортски содржини;
10. Постои висок степен на мотивираност кај наставниците за планирање и организирање на вонаставни активности по физичко воспитување;
11. Планирањето и организирањето на вонаставни активности по физичко воспитување зависи од просторните услови на училиштето;
12. Окружувањето на училиштето ги задоволува потребите за планирање и организирање на вонаставни активности по физичко воспитување;
13. Техничката опременост на училиштето ги задоволува потребите за планирање и реализација на вонаставните активности по физичко воспитување;

## 5. Варијабли

Од предметот на истражување произлегуваат следните варијабли:

***Зависни варијабли:***

**1.** Ставовите, мислењата и интересот на наставниците и учениците за планирање и организација на вонnаставни активности по физичко воспитување;

***Независни варијабли:***

1. Видот на училиште (основни и средни училишта);
2. Просторно-техничките услови на училиштето;
3. Окружувањето на училиштето;
4. Изборот и разновидноста на спортските содржини.

# 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

**Методи:**

Во истражувањето доминира дескриптивниот метод со кој појавите се запознаваат какви се и колкави се, што значи се утврдува фактичката состојба на појавата онаква каква што е во реалноста.

**Техники:**

- *Анализа на содржина*

Предмет на содржинска анализа како конкретен извор на податоци се годишните програми за работа, подготовките за работа на наставниците, табеларните прикази на податоците добиени од анкетирањето спроведено во основните и средните училишта, разни белешки на наставниците, дневникот за работа, прашалникот во кој има прашања од отворен тип и прашања во кои се понудени повеќе одговори итн. Како инструмент се користеше потсетник за анализа на содржина, специјално конструиран за оваа намена.

- *Анкетирање*

Анкетата се спроведе анонимно, бидејќи на тој начин би се добиле пообјективни податоци. Изборот за анкетирање со прашалник произлезе од неговата економичност, како и можноста во исто време да се анкетираат поголем број испитаници, едноставната и лесна примена, како и лесното средување и обработка на податоците добиени од анкетирањето. Добиените резултати се обработија статистички и истите табеларно и графички се прикажани.

- *Скалирање*

За да се утврди степенот на присутност на некоја карактеристика во истражувањето користевме како техника скалирање со ликертова (сумативна) скала како истражувачки инструмент на оваа техника. Скалирањето се примени со цел да се испитаат ставовите, мислењата и интересите на наставниците и учениците во основните и средните училишта за појавата која е предмет на истражување.

**Инструменти:**

- *Евиденциони листи и потсетници за содржинска анализа*
- *Анкетен лист (кестионер)*

Анкетниот лист се примени на наставниците кои предаваат физичко воспитување во основните и средните училишта во Скопје, како и ученици од неколку основни и средни училишта, исто така, од Скопје. Анкетниот лист (кестионер) како инструмент на истражувањето, беше составен од прашања специјално формулирани за ова истражување на кое испитаниците (респондентите) писмено одговораа на прашањата што беа од отворен и затворен тип. Испитаниците имаа можност самостојно да го формулираат одговорот на прашањата од отворен тип и да избираат помеѓу понудените одговори кај прашањата од затворен тип. Исто така прашалникот беше едноставен за пополнување и прилагоден на појавата која се истражуваше.

- *Ликертова скала*

За да се утврди степенот на присутност на одредена карактеристика на појавата која се истражува, конструиравме ликертова (сумативна) скала за наставниците и учениците во основните и средните училишта. Тврдењата во ликертовата скала се однесуваа на планирањето, организирањето, интересот, посетеноста и условите за реализација на воннаставните активности по физичко воспитување. Со ликертовата скала не само што се утврди бројот на прифатените или одбиените тврдења, туку, се утврди и степенот на прифатеното или одбиеното тврдење. Степенот на согласување го означивме со броеви од 1 до 3, така што 1 означува – "не се согласувам", 2 – "делумно се согласувам" и 3 – "потполно се согласувам" На тој начин се добива информација не само за дирекцијата на тврдењето, туку и за екстремноста на тврдењето.

# 7. Примерок на истражување

Популацијата на истражувањето се наставниците по предметот физичко воспитување т.е спорт и спортски активности од основните и средните училишта и учениците од основните и средните училишта во Скопје. Вкупно примерокот го сочинуваа 100 наставници од основните и средните училишта, како и 180 ученици од основните и средните училишта во Скопје. Примерокот за анкетирање го сочинуваат 40 наставници од основните училишта и 60 наставници од средните училишта, додека примерокот на ученици го сочинуваа 90 ученици од средните училишта и 90 ученици од основните училишта. Примерокот на истражување има карактеристики на стратификуван примерок.

***Примерок на основни училишта:***

| Ред бр. | Училиште | Општина | Анкетирани ученици/наставници | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ "Владо Тасевски" | Карпош | / | 1 |
| 2. | ОУ "Војдан Чернодрински" | Карпош | / | 2 |
| 3. | ОУ "Христијан Тодоровски – Карпош" | Карпош | 34 | 1 |
| 4. | ОУ "Петар Поп Арсов" | Карпош | / | 1 |
| 5. | ОУ "Лазо Ангеловски" | Аеродром | / | 2 |
| 6. | ОУ "Блаже Конески" | Аеродром | / | 2 |
| 7. | ОУ "Браќа Миладиновци" | Аеродром | / | 2 |
| 8. | ОУ "Ѓорѓија Пулевски" | Аеродром | / | 2 |
| 9. | ОУ "Љубен Лапе" | Аеродром | / | 3 |
| 10. | ОУ "Кочо Рацин" | Центар | 22 | 2 |
| 11. | ОУ "Јохан Хајнрих Песталоци" | Центар | / | 1 |
| 12. | ОУ "Коле Неделковски" | Центар | / | 2 |
| 13. | ОУ "Димитар Миладинов" | Центар | / | 2 |
| 14. | ОУ "Гоце Делчев" | Центар | / | 1 |
| 15. | ОУ "Св. Кирил и Методиј" | Центар | / | 1 |
| 16. | ОУ "Партение Зографски" | Кисела Вода | / | 1 |
| 17. | ОУ "Кузман Јосифовски – Питу" | Кисела Вода | / | 1 |
| 18. | ОУ "Кирил Пејчиновиќ" | Кисела Вода | / | 2 |
| 19. | ОУ "Круме Кепески" | Кисела Вода | / | 2 |
| 20. | ОУ "Крум Тошев" | Гази Баба | 34 | 2 |
| 21. | ОУ "Стив Наумов" | Гази Баба | / | 2 |
| 22. | ОУ "Васил Главинов" | Чаир | / | 3 |
| 23. | ОУ "Браќа Рамиз и Хамид" | Шуто Оризари | / | 2 |

***Примерок на средни училишта:***

| Ред бр. | Училиште | Општина | Анкетирани ученици/наставници | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | СУГС "Лазар Танев" | Карпош | / | 3 |
| 2. | СГГУГС "Здравко Цветковски" | Карпош | / | 6 |
| 3. | СУГС "Никола Карев" | Карпош | / | 6 |
| 4. | СУГС "Ѓорѓи Димитров" | Карпош | / | 5 |
| 5. | СУГС "Орце Николов" | Карпош | 33 | 5 |
| 6. | Меѓународно училиште "НОВА" | Карпош | / | 3 |
| 7. | СУГС "Јосип Броз Тито" | Центар | / | 4 |
| 8. | СУГС " Раде Јовчевски - Корчагин" | Центар | / | 4 |
| 9. | ДУФК "Методи Митевски – Брицо" | Центар | / | 4 |
| 10. | СМУГС "Д-р Панче Караѓозов" | Центар | 26 | 2 |
| 11. | СУГС "Димитар Влахов" | Аеродром | / | 2 |
| 12. | СУГС "Марија Кири Склодовска | Аеродром | / | 4 |
| 13. | ПТТ "Владо Тасевски" | Аеродром | / | 1 |
| 14. | СЕПУГС "Васил Антевски Дрен" | Кисела Вода | / | 2 |
| 15. | СЕТУГС "Михајло Пупин" | Гази Баба | 31 | 1 |
| 16. | СУГС "Панче Арсовски" | Гази Баба | / | 3 |
| 17. | СУГС "8-ми Септември" | Гази Баба | / | 1 |
| 18. | СУГС "Цветан Димов" | Чаир | / | 3 |
| 19. | Приватно училиште "Јахја Кемал" | Бутел | / | 1 |

# 8. Статистичка обработка на податоците од истражувањето

Анализата на резултатите од анкетниот лист, најнапред започна со редигирање на кестионерот т.е. проверување на исправноста на прашањата и отстранување на евентуалните грешки. Во втората фаза, се изврши кодирање на кестионерот, негово класирање според ознаки, симболи и слично за да може скратено табеларно и графички да се прикаже. Во табелите се прикажани разликите и сличностите во одделни компоненти на планирањето и организирањето на воннаставните активности по предметот физичко воспитување. Исто така, тврдењата од тростепената ликертова скала, беа класифицирани според темите на кои се однесуваа заради нивна подобра обработка и интерпретација. Статистичката обработка на податоците се вршеше со помош на дистрибуција на фрекфенции, процент, рангирање и аритметичка средина.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето се спроведе во месеците септември и октомври 2011 година. За да се изведе истражувањето, претходно беше побарана дозвола од директорите на избраните училишта, преку објаснување на целта и потребите од ова истражување. Откако се доби дозвола, беа информирани наставниците по физичко воспитување за датумот на спроведување на истражувањето, како и за анонимноста на истражувањето.

Анкетирањето најчесто се изведуваше за време на часовите по физичко воспитување како за наставниците, така и за учениците. Во некои училишта се случуваше истото да се спроведе по часовите или за време на одморите. Беа посетени 23 основни и 19 средни училишта од неколку општини во Скопје, како што се општините: Карпош, Центар, Гази Баба, Аеродром, Кисела Вода, Чаир и Бутел.

Во ова истражување беа опфатени вкупно 100 наставници по физичко воспитување т.е. спорт и спортски активности, од кои 40 наставници беа од основните училишта и 60 наставници од средните училишта. Примерокот на ученици го сочинуваа вкупно 180 ученици од средните и основните училишта со подеднаков број испитаници.

Речиси во сите предвидени училишта беше спроведено истражувањето без било какви посериозни пречки. Наставниците и учениците беа расположени за соработка што беше услов за успешно да се спроведе собирањето на податоците потребни за ова истражување.

# III. Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

## 1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од наставниците и учениците во основните и средните училишта

Врз основа на добиените резултати од анкетниот лист и ликертовата скала се пристапи кон проверка на вистинитоста (точноста) на хипотезите од ова истражување.

*Хипотеза 1* - **"Не постојат разлики во видот и застапеноста на спортските содржини на вонаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта".**

Добиените резултати од истражувањето спроведено на наставниците од основните и средните училишта прикажани во **табела 1**, говорат дека најчесто наставниците организираат секции за спортските активности како што се фудбал, кошарка, одбојка и ракомет. Од табеларниот приказ може да се види дека процентот на испитаници кои се определиле за фудбал во основните (92,5 %) и средните училишта (90 %) е висок, исто така и за кошарката во основните училишта е 90 %, додека во средните училишта е 85 %. Висок процент на застапеност во основните (77,5 %) и средните училишта (76,6 %) има и одбојката како вонаставна спортска активност, но притоа треба да се напомене дека претежно овие секции ги посетуваат девојчињата, а фудбал и кошарка се посетени од машката популација, иако има училишта каде функционираат секции за женски фудбал и женска кошарка. Ракометот како активност која е доста застапена се разликува во основните училишта (37,5 %) и средните училишта (65 %). За оваа спортска активност може да се каже дека е подеднакво организирана за машката и женската популација. Според рангирањето кое е направено за најзастапени спортски содржини на вонаставните

активности по физичко воспитување во основните и средните училишта, резултатите се идентични, така што на прво место е фудбалот, на второ место кошарката, на трето место одбојката и на четврто место се наоѓа ракометот. Високата процентуална застапеност на фудбал, кошарка, одбојка и ракомет може да се оправда со фактот дека во основните и средните училишта има најдобри услови за планирање и организирање на овие спортски содржини. Покрај овие спортски активности, застапени на воннаставните активности по физичко воспитување се: пинг–понг, атлетика, гимнастика, аеробик, бадминтон, пливање и тенис. Спортските активности како што се: планинарење, ролери и велосипедизам застапени се многу ретко во основните училишта, додека според анкетираните наставници во средните училишта овие активности во средните училишта не се организираат. Процентуалната застапеност на спортските содржини како воннаставни активности по физичко воспитување може да се види во **табелата 1**.

**Табела 1- Резултати од наставниците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**1. Кои секции по физичко воспитување функционираат во училиштето каде работите ? (заокружи еден или повеќе одговори)**

| Спортски содржини | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | f | % | rang | N | f | % | rang | N | f | % | rang |
| Фудбал | 40 | 37 | 92,5 | 1 | 60 | 54 | 90 | 1 | 100 | 91 | 91 | 1 |
| Кошарка | 40 | 36 | 90 | 2 | 60 | 51 | 85 | 2 | 100 | 87 | 87 | 2 |
| Ракомет | 40 | 15 | 37,5 | 4 | 60 | 39 | 65 | 4 | 100 | 54 | 54 | 4 |
| Одбојка | 40 | 31 | 77,5 | 3 | 60 | 46 | 76.6 | 3 | 100 | 77 | 77 | 3 |
| Атлетика | 40 | 5 | 12,5 | 6 | 60 | 13 | 21.7 | 7 | 100 | 18 | 18 | 6 |
| Гимнастика | 40 | 1 | 2,5 | 12.5 | 60 | 6 | 10 | 11.5 | 100 | 7 | 7 | 12 |
| Пинг-понг | 40 | 7 | 17,5 | 5 | 60 | 32 | 53.3 | 5 | 100 | 39 | 39 | 5 |
| Ролери | 40 | 2 | 5 | 9 | 60 | 0 | 0 | 0 | 100 | 2 | 2 | 14 |
| Велосипедизам | 40 | 1 | 2,5 | 12.5 | 60 | 0 | 0 | 0 | 100 | 1 | 1 | 15,5 |
| Аеробик | 40 | 1 | 2,5 | 12.5 | 60 | 8 | 13.3 | 9.5 | 100 | 9 | 9 | 10 |
| Бадминтон | 40 | 2 | 5 | 9 | 60 | 8 | 13.3 | 9.5 | 100 | 10 | 10 | 9 |
| Пливање | 40 | 3 | 7,5 | 7 | 60 | 10 | 16.7 | 8 | 100 | 13 | 13 | 8 |
| Планинарење | 40 | 1 | 2,5 | 12.5 | 60 | 0 | 0 | 0 | 100 | 1 | 1 | 15,5 |
| Тенис | 40 | 2 | 5 | 9 | 60 | 6 | 10 | 11.5 | 100 | 8 | 8 | 11 |
| Фитнес | 40 | 0 | 0 | 0 | 60 | 15 | 25 | 6 | 100 | 15 | 15 | 7 |
| Куглање | 40 | 0 | 0 | 0 | 60 | 5 | 10 | 13 | 100 | 5 | 5 | 13 |

Високиот процент на застапеност на воннаставните спортски активности фудбал, кошарка, ракомет и одбојка во основните и средните училишта може да се оправда со тоа што покрај просторно – техничките услови со кои располагаат основните и средните училишта постои и голем интерес на учениците за овие спортски активности.

Интересот на учениците за одделни спортски активности прикажан е во **табела 2**, така што може да се види дека најголем интерес учениците пројавуваат за фудбал, кошарка, одбојка и ракомет, па оттаму и оправданоста на наставниците за планирање и организирање на ваквите воннаставни спортски активности.

**Табела 2- Резултати од наставниците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**4.За кои од понудените спортски активности има најмногу интерес кај учениците? (заокружи еден или повеќе од понудените одговори)**

| Спортски содржини | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | f | % | rang | N | f | % | rang | N | f | % | rang |
| Фудбал | 40 | 35 | 87,5 | 1 | 60 | 53 | 88,3 | 1 | 100 | 88 | 88 | 1 |
| Кошарка | 40 | 32 | 80 | 2 | 60 | 45 | 75 | 2 | 100 | 77 | 77 | 2 |
| Ракомет | 40 | 8 | 20 | 4 | 60 | 21 | 35 | 4 | 100 | 29 | 29 | 4 |
| Одбојка | 40 | 22 | 55 | 3 | 60 | 34 | 56,7 | 3 | 100 | 56 | 56 | 3 |
| Атлетика | 40 | 4 | 10 | 5 | 60 | 1 | 1,7 | 12,5 | 100 | 5 | 5 | 9 |
| Пинг-понг | 40 | 2 | 5 | 6 | 60 | 17 | 28,3 | 5 | 100 | 19 | 19 | 5 |
| Тенис | 40 | 2 | 5 | 6 | 60 | 4 | 6,7 | 8,5 | 100 | 6 | 6 | 8 |
| Бадминтон | 40 | 1 | 2,5 | 9 | 60 | 1 | 1,7 | 12,5 | 100 | 2 | 2 | 11,5 |
| Велосипедизам | 40 | 1 | 2,5 | 9 | 60 | 1 | 1,7 | 12,5 | 100 | 2 | 2 | 11,5 |
| Пливање | 40 | 2 | 5 | 6 | 60 | 6 | 10 | 7 | 100 | 8 | 8 | 7 |
| Гимнастика | 40 | 0 | 0 | 0 | 60 | 1 | 1,7 | 12,5 | 100 | 1 | 1 | 14 |
| Аеробик | 40 | 0 | 0 | 0 | 60 | 4 | 6,7 | 8,5 | 100 | 4 | 4 | 10 |
| Фитнес | 40 | 0 | 0 | 0 | 60 | 12 | 20 | 6 | 100 | 12 | 12 | 6 |
| Планинарење | 40 | 0 | 0 | 0 | 60 | 1 | 1,7 | 12,5 | 100 | 1 | 1 | 14 |
| Ролери | 40 | 0 | 0 | 0 | 60 | 1 | 1,7 | 12,5 | 100 | 1 | 1 | 14 |

За да се провери оваа хипотеза, на учениците во анкетниот лист поставено им беше прашање кое се однесува на планирањето и организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување со различна содржина. Резултатите добиени од учениците во основните училишта, прикажани во **табела 3,** укажуваат на тоа дека

делумно се организираат вонтнаставни активности со различна содржина. Имено, процентуално како што може да се види во **табела 3**, учениците во основните училишта сметаат дека најмногу се застапени спортските содржини како што е кошарка (96,3 %), потоа со голем процент е застапен фудбалот (92,7 %), одбојката (70,7 %) и ракометот (21,1 %), додека само мал процент анкетирани ученици одговориле дека се организираат и спортски активности како што се: велосипедизам (1,2 %), скијање (1,2 %), бадминтон (2,4 %), ролери (3,6 %), гимнастика (4,9 %), пливање (6,1 %), атлетика (9,7 %) итн.

Според резултатите добиени од анкетираните ученици во средните училишта не постои разлика во однос на најзастапените спортски содржини помеѓу основните и средните училишта. Според учениците во средните училишта кошарката е најзастапена. За овој одговор се определиле дури 84,4 % анкетирани ученици, а потоа редоследот е ист како и кај основните училишта, фудбал (67,7 %), одбојка (54,4 %) и ракомет (41,1 %). Како најмалку застапени спортски активности се: атлетика (1,1 %), куглање (1,1 %), велосипедизам (2,2 %), гимнастика (2,2 %) и планинарење (4,4 %). Интересно е да се напомене застапеноста на спортски активности кои се организираат во средните училишта, како што се: тенис, фитнес и аеробик, додека во основните училишта вакви активности воопшто не се организираат. Солиден процент на застапеност во основните и средните училишта има пинг–понгот, така што во основните училишта изнесува (15,8 %), а во средните училишта (27,7 %). Останатите спортски активности како што се: бадминтон, тенис, фитнес, аеробик, планинарење, куглање, пливање итн. се малку или воопшто не се застапени како вонтнаставни содржини по физичко воспитување. Причината може да биде немањето просторно-технички услови, материјални средства, незаинтересираност на учениците, но и немањето интерес и афинитети кај наставниците во основните и средните училишта за организирање на вакви спортски содржини и сл. Спортските активности кои се најпосетени и најомилени кај учениците се секогаш актуелните спортски игри кошарка, фудбал, ракомет и одбојка.

| Табела 3. Резултати добиени од учениците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето: | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Кои спортски содржини се застапени на вонннаставните активности по физичко воспитување? (заокружи еден или повеќе одговори) | | | | | | | | | | | | |
| Спортски содржини | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
| | N | f | % | rang | N | f | % | rang | N | F | % | rang |
| Фудбал | 82 | 76 | 92,7 | 2 | 90 | 61 | 67.7 | 2 | 172 | 137 | 79.6 | 2 |
| Кошарка | 82 | 79 | 96.3 | 1 | 90 | 76 | 84.4 | 1 | 172 | 155 | 90.1 | 1 |
| Ракомет | 82 | 19 | 21.1 | 4 | 90 | 37 | 41.1 | 4 | 172 | 56 | 32.5 | 4 |
| Одбојка | 82 | 58 | 70.7 | 3 | 90 | 49 | 54.4 | 3 | 172 | 107 | 62.2 | 3 |
| Атлетика | 82 | 8 | 9.7 | 6 | 90 | 1 | 1.1 | 13,5 | 172 | 9 | 5.2 | 9 |
| Гимнастика | 82 | 4 | 4.9 | 8 | 90 | 2 | 2.2 | 11,5 | 172 | 6 | 3.5 | 11 |
| Пинг-понг | 82 | 13 | 15.8 | 5 | 90 | 25 | 27.7 | 7 | 172 | 13 | 7.5 | 8 |
| Ролери | 82 | 3 | 3.6 | 9 | 90 | 0 | 0 | / | 172 | 3 | 1.7 | 13,5 |
| Велосипедизам | 82 | 1 | 1.2 | 11,5 | 90 | 2 | 2.2 | 11,5 | 172 | 3 | 1.7 | 13,5 |
| Скијање | 82 | 1 | 1.2 | 11,5 | 90 | 0 | 0 | / | 172 | 1 | 0.6 | 16,5 |
| Бадминтон | 82 | 2 | 2.4 | 10 | 90 | 0 | 0 | / | 172 | 2 | 1.2 | 15 |
| Пливање | 82 | 5 | 6.1 | 7 | 90 | 10 | 11.1 | 8 | 172 | 15 | 8.7 | 7 |
| Куглање | 82 | 0 | 0 | / | 90 | 1 | 1,1 | 13,5 | 172 | 1 | 0.6 | 16,5 |
| Тенис | 82 | 0 | 0 | / | 90 | 26 | 28,8 | 6 | 172 | 26 | 15.1 | 6 |
| Фитнес | 82 | 0 | 0 | / | 90 | 30 | 33,3 | 5 | 172 | 30 | 17.4 | 5 |
| Аеробик | 82 | 0 | 0 | / | 90 | 8 | 8,8 | 9 | 172 | 8 | 4.6 | 10 |
| Планинарење | 82 | 0 | 0 | / | 90 | 4 | 4,4 | 10 | 172 | 4 | 2.3 | 12 |

Според рангирањето кое е направено на резултатите добиени од учениците, најзастапени спортски активности на вонннаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта се кошарката, фудбалот, одбојката и ракометот. Иако постои мала разлика во однос на резултатите помеѓу наставниците и учениците во однос на рангирањето на кошарката и фудбалот, сепак може да се потврди првата хипотеза од ова истражување.

**Хипотеза 2 – “Нема разлики меѓу основните и средните училишта во однос на посетеноста на спортските содржини кои се застапени на воннаставните активности по физичко воспитување“.**

Верификацијата на втората хипотеза се врши врз основа на резултатите прикажани во **табела 4.** Добиените резултати во основните и средните училишта покажуваат дека најголема посетеност има на воннаставнните спортски активности фудбал, кошарка, одбојка и ракомет. Интересно е да се истакне дека во некои училишта има и секции за женски фудбал, додека интересот за одбојката е повеќе присутен кај женскиот пол. Процентот на оние ученици кои не посетуваат воннаставни активности по физичко воспитување не е мал така што кај анкетираните ученици во основните училишта изнесува 41,1 %, додека кај анкетираните ученици од средните училишта изнесува 31,1 %.

**Табела 4 – Резултати добиени од учениците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**2.Кои спортски активности ги посетувате по предметот физичко воспитување? (наведи една или повеќе активности)**

| Спортски содржини | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | f | % | rang | N | f | % | rang | N | F | % | rang |
| Фудбал | 90 | 23 | 25,5 | 1 | 90 | 27 | 30 | 1 | 180 | 50 | 27,7 | 1 |
| Кошарка | 90 | 22 | 24,4 | 2 | 90 | 22 | 24,4 | 2 | 180 | 44 | 24,4 | 2 |
| Ракомет | 90 | 11 | 12,2 | 4 | 90 | 9 | 10 | 5 | 180 | 20 | 11,1 | 4 |
| Одбојка | 90 | 17 | 18,8 | 3 | 90 | 10 | 11,1 | 4 | 180 | 27 | 15 | 3 |
| Атлетика | 90 | 2 | 2,2 | 5,5 | 90 | 0 | 0 | 0 | 180 | 2 | 1,1 | 9,5 |
| Ролери | 90 | 2 | 2,2 | 5,5 | 90 | 0 | 0 | 0 | 180 | 2 | 1,1 | 9,5 |
| Планинарење | 90 | 0 | 0 | 0 | 90 | 4 | 4,4 | 7 | 180 | 4 | 2,2 | 7 |
| Пливање | 90 | 0 | 0 | 0 | 90 | 3 | 3,3 | 8 | 180 | 3 | 1,6 | 8 |
| Пинг-понг | 90 | 0 | 0 | 0 | 90 | 13 | 14,4 | 3 | 180 | 13 | 7,2 | 5 |
| Аеробик | 90 | 0 | 0 | 0 | 90 | 1 | 1,1 | 9 | 180 | 1 | 0,5 | 11 |
| Фитнес | 90 | 0 | 0 | 0 | 90 | 7 | 7,7 | 6 | 180 | 7 | 3,8 | 6 |

Во основните училишта фудбал посетуваат 25,5 % од анкетираните ученици, кошарка посетуваат (24,4 %), одбојка (18,8 %), ракомет (12,2 %) итн. Речиси идентична посетеност на овие спортски игри има и во средните училишта што може да се види во **табела 4**. Дури 30 % од анкетираните ученици во средните училишта посетуваат фудбал додека кошарка посетуваат идентично како во основните училишта 24,4 % од анкетираните ученици, одбојка посетуваат 11,1 % од анкетираните ученици, а ракомет посетуваат 10 % анкетирани ученици во средните училишта.

Покрај спортските активности кои се организираат како воннаставни активности по физичко воспитување, учениците во основните училишта би сакале да се организираат секции за кошарка (жени), ракомет (машки), одбојка (машки), пливање, тенис, пинг-понг, куглање итн. Резултатите добиени на ова прашање прикажани се во **табела 5.** Најголем интерес за организирање на воннаставни активности кај учениците во основните училишта има за пливање, дури (40,5 %) и тенис (27,4 %). Во средните училишта, исто така, интересот за организирање на пливање како воннаставна активност е најголем (34,2 %) и за тенис (13,9 %) што е двојно помал процент во однос на оној во основните училишта. Сметаме дека треба да се истакне податокот од средните училишта, каде 35,4 % анкетирани ученици не навеле ниту една спортска активност, што може да се должи на нивната незаинтересираност за организирање на одредена спортска активност или пак спортската активност која би сакале да се организира веќе е застапена како воннаставна активност по физичко воспитување. Имаше и ученици кои ги навеле спортските содржини како што се џудо, спортско качување, рагби, голф, мечување, танци, карате, бокс, хокеј, стрелаштво, пилатес, но поради пониската застапеност, не ги третиравме како значајни.

Според добиените резултати од учениците во основните и средните училишта може да се констатира дека не постои значајна разлика во однос на посетеноста на спортските содржини застапени на воннаставните активности по физичко воспитување, со што се потврдува втората хипотеза.

| Табела 5 - Резултати добиени од учениците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето: | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Кои спортски активности би сакале да се организираат по физичко воспитување во рамките на вонннаставните активности? | | | | | | | | | | | | |
| Спортски содржини | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
| | N | f | % | rang | N | f | % | rang | N | f | % | rang |
| Кошарка(жени) | 84 | 8 | 9,5 | 5 | 79 | 5 | 6,3 | 5 | 163 | 13 | 7,9 | 4,5 |
| Ракомет(машки) | 84 | 4 | 4,8 | 8 | 79 | 0 | 0 | 0 | 163 | 4 | 2,4 | 10,5 |
| Ракомет(жени) | 84 | 0 | 0 | / | 79 | 3 | 3,8 | 7 | 163 | 3 | 1,8 | 14,5 |
| Одбојка(машки) | 84 | 5 | 5,9 | 6 | 79 | 0 | 0 | 0 | 163 | 5 | 3.1 | 8,5 |
| Атлетика | 84 | 2 | 2,4 | 13 | 79 | 0 | 0 | 0 | 163 | 2 | 1.2 | 18 |
| Гиманстика | 84 | 1 | 1,2 | 19 | 79 | 2 | 2,5 | 10 | 163 | 3 | 1,8 | 14,5 |
| Пинг-понг | 84 | 9 | 10,7 | 4 | 79 | 7 | 8,9 | 4 | 163 | 16 | 9.8 | 3 |
| Аеробик | 84 | 3 | 3,6 | 10 | 79 | 4 | 5,1 | 6 | 163 | 7 | 4.3 | 7 |
| Фитнес | 84 | 5 | 5,9 | 6 | 79 | 8 | 10,1 | 3 | 163 | 13 | 7.9 | 4,5 |
| Тенис | 84 | 23 | 27,4 | 2 | 79 | 11 | 13,9 | 2 | 163 | 34 | 20.8 | 2 |
| Бадминтон | 84 | 2 | 2,4 | 13 | 79 | 1 | 1,3 | 15 | 163 | 3 | 1,8 | 14,5 |
| Пливање | 84 | 34 | 40,5 | 1 | 79 | 27 | 34,2 | 1 | 163 | 61 | 37.4 | 1 |
| Шах | 84 | 3 | 3,6 | 10 | 79 | 0 | 0 | 0 | 163 | 3 | 1,8 | 14,5 |
| Планинарење | 84 | 4 | 4,8 | 8 | 79 | 1 | 1,3 | 15 | 163 | 5 | 3.1 | 8,5 |
| Куглање | 84 | 10 | 11,9 | 3 | 79 | 0 | 0 | 0 | 163 | 10 | 6.2 | 6 |
| Ролери | 84 | 2 | 2,4 | 13 | 79 | 1 | 1,3 | 15 | 163 | 3 | 1,8 | 14,5 |
| Велосипедизам | 84 | 3 | 3,6 | 10 | 79 | 1 | 1,3 | 15 | 163 | 4 | 2.4 | 10,5 |
| Скијање | 84 | 0 | 0 | / | 79 | 3 | 3,8 | 7 | 163 | 3 | 1,8 | 14,5 |

***Хипотеза 3*** **- "Наставниците во основните и средните училишта сметаат дека вонннаставните активности по физичко воспитување доволно често се организираат во текот на учебната година."**

Според резултатите добиени од истражувањето прикажани во **табела 6** може да се констатира дека најголем процент анкетирани наставници (41,02 %) во основните училишта организираат вонннаставни активности по физичко воспитување само еднаш во текот на работната недела. Во средните училишта најголем е процентот на оние наставници (41,1 %) кои организираат вонннаставни активности по физичко воспитување два пати во текот на работната недела. Интересно е да се

забележи дека вкупниот процент на организираност на вonнаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта во текот на работната недела покажува идентична вредност. Имено, од вкупниот број анкетирани наставници во основните и средните училишта 37,9 % од нив, организираат воннаставни активности еднаш или два пати во текот на работната недела. Ваквата речиси идентична ангажираност на наставниците во основните и средните училишта за организација на воннаставните активности во текот на работната недела пред се е резултат на слободното време на наставниците и учениците, бројот на наставници по физичко воспитување во училиштето кои организираат воннаставни спортски активности, слободниот училишен простор за реализација на спортските активности итн. Добиените резултати прикажани се во **табела 6**, додека резултатите кои се однесуваат за организирањето на воннаставните активности во текот на работната недела попрегледно се прикажани во **графиконот бр.1.**

Од резултатите може да се заклучи дека постои мала разлика во однос на организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување во текот на работната недела, односно во основните училишта овие активности се организираат еднаш неделно, а во средните училишта се организираат два пати неделно. Резултатите одат во прилог на третата хипотеза која гласи: “доволно често се организираат воннаставни активности по физичко воспитување во текот на учебната година“.

**Табела 6 – Резултати добиени од наставници во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**2.Колку често се организираат воннаставни активности по физичко воспитување? (наведи бројчано)**

| Периоди | | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | N | 1 | 2 | 3 | N | 1 | 2 | 3 | N |
| Неделно | f. | 16 | 13 | 5 | 39 | 20 | 23 | 4 | 56 | 36 | 36 | 9 | 95 |
| | % | 41,02 | 33,3 | 12,8 | | 35,7 | 41,1 | 7.1 | | 37.9 | 37.9 | 9.5 | |
| Месечно | f. | 3 | 1 | 1 | 39 | 0 | 7 | 2 | 56 | 3 | 8 | 3 | 95 |
| | % | 7,7 | 2,6 | 2,6 | | 0 | 12,5 | 3,6 | | 3.1 | 8.4 | 3.1 | |
| Годишно | f. | 0 | 0 | 0 | 39 | 0 | 0 | 0 | 56 | 0 | 0 | 0 | 95 |
| | % | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | |

**Графикон бр.1** – Приказ на резултати од наставниците за тоа колку често се организираат воннаставни активности по физичко воспитување во основните и средните училишта во текот на работната недела.




*Хипотеза 4* – **"Учениците во основните и средните училишта сметаат дека воннаставните активности по физичко воспитување доволно често се организираат во текот на учебната година."**

За да се потврди или отфрли оваа претпоставка, ги користиме резултатите од **табелата 7** кои се добиени од ученици во основните и средните училишта за тоа колку често се организираат воннаставните активности по физичко воспитување. Од 90 анкетирани ученици во основните училишта, 14 ученици не одговориле на ова прашање, додека останатите 76 ученици во основните училишта одговориле на следниов начин. Имено, во однос на зачестеноста на воннаставните активности во текот на работната недела, 14,5 % од анкетираните ученици одговориле дека воннаставни активности по физичко воспитување се организираат еднаш неделно, 44,7 % од анкетираните ученици одговориле двапати неделно и 26,3 % од анкетираните ученици одговориле трипати неделно. Во однос на месечната застапеност на воннаставните активности по физичко воспитување во основните училишта, 7,9 % анкетирани ученици одговориле еднаш месечно, додека 3,9 % од анкетираните ученици одговориле двапати месечно. Само 2,6 % од сите анкетирани ученици во основните училишта одговориле дека еднаш годишно се организираат воннаставни активности по физичко воспитување.

**Табела 7 - Резултати добиени од учениците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**1. Колку често се организираат воннаставни активности по физичко воспитување? (наведи бројчано)**

| Периоди | | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | N | 1 | 2 | 3 | N | 1 | 2 | 3 | N |
| Неделно | f. | 11 | 34 | 20 | 76 | 27 | 34 | 5 | 86 | 38 | 68 | 25 | 162 |
| | % | 14.5 | 44.7 | 26.3 | | 31,4 | 39,5 | 5,8 | | 23.4 | 41.9 | 15.4 | |
| Месечно | f. | 6 | 3 | 0 | 76 | 2 | 4 | 2 | 86 | 8 | 7 | 2 | 162 |
| | % | 7.9 | 3.9 | 0 | | 2,3 | 4,6 | 2,3 | | 4.9 | 4.3 | 1.2 | |
| Годишно | f. | 2 | 0 | 0 | 76 | 1 | 0 | 11 | 86 | 3 | 0 | 11 | 162 |
| | % | 2.6 | 0 | 0 | | 1,2 | 0 | 12,8 | | 1.8 | 0 | 6.8 | |

Во средните училишта од 90 анкетирани ученици, одговор дале 86 ученици. За одговорот дека воннаставните активности по физичко воспитување се изведуваат еднаш неделно се определиле 31,4 % анкетирани ученици, 39,5 % анкетирани ученици одговориле дека се изведуваат двапати неделно и само 5,8 % анкетирани ученици одговориле дека се изведуваат трипати неделно. Во однос на месечната застапеност на воннаставните активности по физичко воспитување, 2,3 % анкетирани ученици во средните училишта одговориле дека се организираат еднаш месечно, за двапати месечно 4,6 % анкетирани ученици и трипати месечно одговориле 2,3 % анкетирани ученици.

Што се однесува до годишната зачестеност на организирање на воннаставни активности 1,2 % анкетирани ученици одговориле дека се организираат еднаш годишно, додека 12,8 % анкетирани ученици сметаат дека воннаставните активности по физичко воспитување се организираат трипати годишно. Малиот процент на ученици од основните и средните училишта кои одговориле дека воннаставните активности по физичко воспитување се организираат еднаш или двапати во месецот или пак во текот на учебната година, може да се образложи со недоволна информираност на учениците, непрегледно истакнување на активностите од страна на наставниците, немање огласна табла во просторот на фискултурна сала, ученици кои посетуваат спортските активности што се организираат поретко во текот на

учебната година (планинарење, скијање, пливање, лизгање и сл.), како и можноста за несериозни одговори од страна на учениците.

Резултатите добиени од учениците во основните и средните училишта коишто се однесуваат на застапеноста на воннаставните активности по физичко воспитување во текот на работната недела сликовито се прикажани во **графикон бр.2.** Од графиконот може да се забележи процентуална разлика во однос на зачестеноста на овие активности во текот на работната недела, каде што 5,8 % ученици во средните училишта одговориле дека се организираат трипати неделно. Во основните училишта 26,3 % анкетирани ученици се определиле за истиот одговор. Како причина за ваквата процентуална разлика може да биде поголемиот фонд на часови во средните училишта, помало слободно време на учениците во средните училишта, одењето претежно во две смени во средните училишта и поради тоа немање на простор за реализација на воннаставните активности по физичко воспитување.

**Графикон бр.2** – Приказ на резултати од учениците во однос на прашањето колку често се организираат воннаставни активности по физичко воспитување во основните и средните училишта во текот на работната недела.




Најголем процент на ученици во основните и во средните училишта одговориле дека воннаставните активности по физичко воспитување се организираат двапати во текот на работната недела. Кај анкетираните ученици од основните училишта овој процент изнесува 44,7%, а во средните училишта 39,5 % или вкупно од сите 162 анкетирани ученици од основните и средните училишта, дури 41,9 % одговориле дека воннаставните активности по физичко воспитување се организираат двапати неделно.

Според добиените резултати може да се констатира дека воннаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта доволно често се организираат во текот на учебната година со што се потврдува четвртата хипотеза.

***Хипотеза 5*** - **"Наставниците и учениците во основните и средните училишта сметаат дека воннаставните активности по физичко воспитување најчесто се организираат и реализираат во просторот на училиштето."**

За потврда на оваа хипотеза јасно говорат резултатите прикажани во **табела 8,** каде што може да се види дека 97,4 % анкетирани наставници во основните училишта и 80 % анкетирани наставници во средните училишта воннаставните активности по физичко воспитување најчесто ги реализираат во училиштето. Опцијата "на друго место" во основните училишта не ја одбрал ниту еден наставник, а во средните училишта ја одбрале 15 % анкетирани наставници, при што навеле дека воннаставните активности по физичко воспитување ги реализираат во спортско–рекреативните центри и базени, како што се спортските активности аеробик, фитнес, пливањс, тенис, куглање и сл. Овие активности се изведуваат во вакви спортски центри бидејќи реално не постојат услови во поголемиот дел на училишта да се реализираат ваков тип на спортски активности. Само 2,02 % анкетирани наставници во основните и средните училишта најчесто наставата ја реализираат во природа или пак во окружувањето на училиштето, каде ги реализираат спортските активности како што се: ролери, тенис, велосипедизам, планинарење итн.

**Табела 8 – Резултати добиени од наставници во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**3.Каде најчесто ги реализирате планираните воннаставни активности по физичко воспитување?**

| Локации | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| во училиштето | 39 | 38 | 97,4 | 1 | 60 | 48 | 80 | 1 | 99 | 86 | 86.8 | 1 |
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| во окружувањето | 39 | 0 | 0 | 3,5 | 60 | 2 | 3,3 | 3 | 99 | 2 | 2.02 | 3,5 |
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| во природа | 39 | 1 | 2,6 | 2 | 60 | 1 | 1,7 | 4 | 99 | 2 | 2.02 | 3,5 |
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| на друго место | 39 | 0 | 0 | 3,5 | 60 | 9 | 15 | 2 | 99 | 9 | 9.09 | 2 |

Резултатите добиени од наставниците во основните и средните училишта одат во прилог на петтата хипотеза. Најчесто, воннаставните активности по физичко воспитување дека се организираат во училишниот простор може да се види од **графиконот бр. 3** така што јасно се воочува процентуалната разлика во однос на местата каде најчесто се организираат и реализираат воннаставните активности по физичко воспитување.

**Графикон бр. 3** – Процентуална разлика во одговорите на наставниците од основните и средните училишта за местото каде најчесто се организираат и реализираат воннаставните активности по физичко воспитување.




Резултатите добиени од учениците во основните и средните училишта кои треба да одат во прилог за потврда на петтата хипотеза прикажани се во **табела 9.** Покрај табеларниот приказ, сликовито може да се види од **графиконот бр.4** дека воннаставните активности по физичко воспитување најчесто се организираат во училиштата. Од 180 анкетирани ученици (90 ученици од основни и 90 ученици од средни училишта) 74,4 % одговориле дека воннаставните активности по физичко воспитување се изведуваат во склоп на училиштето од кои 83,3 % се ученици во основни училишта, а 65,5 % се ученици во средните училишта. Високот процент на реализација на воннаставните активности по физичко воспитување во просторот на училиштето може да се оправда со фактот дека за спортските активности (фудбал, кошарка, одбојка и ракомет) за кои има најголем интерес кај учениците, училиштата располагаат со просторни услови за реализација на овие спортски активности.

Според направената ранг листа во однос на тоа каде се изведуваат воннаставните активности по физичко воспитување на второ место е окружувањето со 18,8 % од вкупно анкетираните ученици во основните и средните училишта. На "друго место" дека се организираат и реализираат воннаставните активности одговориле 4,4 % од вкупниот број анкетирани ученици во основните и средните училишта. Од нив, само еден ученик прецизно посочил за кое друго место станува збор т.е. дека воннаставните спортски активности се организираат на кејот на реката Вардар. Само 2,2 % ученици во основните и средните училишта одговориле дека воннаставните активности се изведуваат во природа, без да ја наведат точната локација каде истите се реализираат.

**Табела 9 - Резултати добиени од учениците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**1.Каде најчесто се организираат воннаставните активности по физичко воспитување?**

| Локација | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| во училиштето | 90 | 75 | 83,3 | 1 | 90 | 59 | 65,5 | 1 | 180 | 134 | 74,4 | 1 |
| во окружувањето | 90 | 10 | 11,1 | 2 | 90 | 24 | 26,6 | 2 | 180 | 34 | 18,8 | 2 |
| во природа | 90 | 0 | 0 | 4 | 90 | 4 | 4,4 | 3 | 180 | 4 | 2,2 | 4 |
| на друго место | 90 | 5 | 5,5 | 3 | 90 | 3 | 3,3 | 4 | 180 | 8 | 4,4 | 3 |

**Графикон бр.4** - Процентуална разлика на одговорите на учениците од основните и средните училишта за местото каде најчесто се организираат и реализираат воннаставните активности по физичко воспитување.



Според добиените резултати од наставниците и учениците во основните и средните училишта најчесто вонаставните активности по физичко воспитување се организираат во училишниот простор со што се потврдува петтата хипотеза.

*Хипотеза 6* - **"Учениците преферираат вонаставните активности да се изведуваат во природа".**

Според одговорите на учениците во основните училишта кои се прикажани во **табела 10**, училиштето е рангирано на прво место како локација за изведување на вонаставните активности по физичко воспитување. Имено, од вкупно 90 анкетирани ученици 33,3 % би сакале овие активности да се изведуваат во училиштето, а 32,2 % анкетирани ученици природата ја рангирале на второ место за реализација на вонаставните активности по физичко воспитување. "На друго место" како алтернатива од понудените локации за изведување на вонаставните активности го рангирале на трето место, 17,7 % од анкетираните ученици. Голем дел од овие ученици го навеле и местото на изведување (им беше дадено можност да наведат), а тоа се модерни спортско–рекреативни објекти кои даваат можност за различни спортски активности. За опцијата окружување на училиштето се определиле 16,6 % анкетирани ученици.

**Табела 10 - Резултати добиени од учениците во основните и средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**4.Каде сакате да се изведуваат вонаставните активности по физичко воспитување?**

| Локација | Основни | | | | Средни | | | | Основни/средни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| во училиштето | 90 | 30 | 33,3 | 1 | 90 | 28 | 31,1 | 2 | 180 | 58 | 32,2 | 2 |
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| во окружувањето | 90 | 15 | 16,6 | 4 | 90 | 13 | 14,4 | 3 | 180 | 28 | 15,5 | 3 |
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| во природа | 90 | 29 | 32,2 | 2 | 90 | 40 | 44,4 | 1 | 180 | 69 | 38,3 | 1 |
| | N | f | % | R | N | f | % | R | N | f | % | R |
| на друго место | 90 | 16 | 17,7 | 3 | 90 | 9 | 10 | 4 | 180 | 25 | 13,8 | 4 |

За разлика од учениците во основните училишта, учениците во средните училишта и даваат приоритет на природата која е рангирана на прво место за изведување на вонnаставните активности по физичко воспитување. Од 90 анкетирани ученици во средните училишта, дури 44 % одговориле дека би сакале овие спортски активности да се изведуваат во природа, а 31,1 % ученици го рангирале училиштето на второ место. Според рангирањето кое е направено во зависност од процентуалната застапеност т.е. бројот на ученици кои избрале одредена локација на која би сакале да се изведуваат вонnаставните активности по физичко воспитување на трето место е окружувањето на училиштето со 14,4 % и на последното четврто место со 10 % избраност од анкетираните ученици во средните училишта е опцијата "на друго место" . Покрај можноста учениците да ја одберат оваа опција, имаа можност и да наведат точно за какво место се работи. Голем дел од учениците допишале во спортско–рекреативни центри кои нудат можност за реализирање на различни спортски содржини.

Што се однесува за вкупните резултати од истражувањето спроведено во основните и средните училишта кои сликовито се прикажани во **графикон бр.5,** од вкупно 180 анкетирани ученици, 38,3 % од нив ја избрале природата како место за реализација на спортските активности, за училиштето како идеално место за изведување на вонnаставните активности се определиле 32,2 % анкетирани ученици. Значително помал процент на анкетирани ученици ја избрале опцијата окружување на училиштето 15,5 % и "на друго место" 13,8 % анкетирани ученици.

**Графикон бр.5** - Процентуална разлика на резултатите од учениците во основните и средните училишта затоа каде сакаат најчесто да се организираат и реализираат вонnаставните активности по физичко воспитување.



Добиените резултати покажуваат мала разлика меѓу основните и средните училишта, во однос на местото каде што сакаат да се реализираат вонанаставните активности по физичко воспитување. Имено, учениците во основните училишта му даваат приоритет на училиштето (33 %) како идеално место за изведување на овие активности во однос на природата за која се определиле 32,2 % анкетирани ученици во основните училишта. Учениците во средните училишта на прво место ја рангирале природата за која се определиле 44,4 % анкетирани ученици, додека за училиштето како идеално место за реализација на вонаставните активности по физичко воспитување се определиле 32,2 % анкетирани ученици во средните училишта. Според резултатите можеме да заклучиме делумно потврдување на шестата хипотеза.

***Хипотеза 7* – "Наставниците високо ја оценуваат сопствената улога за посетеноста на вонаставните активности по физичко воспитување од страна на учениците".**

Наставникот дека има најголема улога за посетеноста на вонаставните активности од страна на учениците го потврдуваат и резултатите од истражувањето направено на наставниците во основните и средните училишта чии резултати се прикажани во **табелите 11 и 12.**

**Табела 11 – Резултати добиени од наставници во основните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**5. Според Вас што има најголемо значење за посета на вонаставните активности по физичко воспитување? (за Вашиот прв избор по значајност наведете 1, а за последниот 5 ).[75]**

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | N | X̄ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставник | f | 26 | 8 | 5 | 0 | 0 | 39 | 4,54 |
| | % | 66,6 | 20,5 | 12,8 | 0 | 0 | | |
| Техничка опременост | f | 0 | 11 | 24 | 4 | 0 | 39 | 3,17 |
| | % | 0 | 28,2 | 61,5 | 10,3 | 0 | | |
| Просторни услови | f | 12 | 18 | 6 | 3 | 0 | 39 | 4,00 |
| | % | 30,8 | 46,1 | 15,4 | 7,7 | 0 | | |
| Окружување | f | 0 | 1 | 2 | 33 | 3 | 39 | 2,02 |
| | % | 0 | 2,6 | 5,1 | 84,6 | 7,7 | | |
| Друго | f | 3 | 0 | 1 | 1 | 34 | 39 | 1,38 |
| | % | 7,7 | 0 | 2,6 | 2,6 | 87,2 | | |

[75] На скалата за рангирање, за првиот избор по значајност (број 1) дадени се 5 бода, за вториот 4 бода, за третиот 3 бода, за четвртиот 2 бода, за петтиот 1 бод.

Од вкупниот број анкетирани наставници дури 66,6 % сметаат дека наставникот има најважна улога за посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување. Не помалку важни ги оценуваат просторните услови и техничката опременост, но сепак според наставниците во основните училишта улогата на наставникот е од примарно значење. Откако е утврдено процентуално мислењето на наставниците за кој фактор е најзначаен, пресметана е аритметичка средина 4,54 која на прво место го издвојува наставникот, а потоа следат просторните услови со аритметичка средина 4,00, техничката опременост со аритметичка средина 3,17. Според резултатите добиени од наставниците во основните училишта и пресметаните аритметички средини за окружувањето на училиштето 2,02 и опцијата "друго" со аритметичка средина 1,38 можеме да констатираме дека овие фактори според наставниците немаат поголемо значење за посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување од страна на учениците. За изборот на опцијата "друго", на наставниците им беше дадена можност да наведат конкретно некој фактор за кој сметаат дека има голема улога врз посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување. Треба да се напомене, дека како фактор, некои наставници ги навеле родителите и директорот на училиштето, но сепак овој процент не се смета за значаен.

Во средните училишта, добиените резултати прикажани во **табела 12** се речиси идентични со оние од основните училишта. Како и во основните, така и во средните училишта, 69,6 % од анкетираните наставници сметаат дека улогата на наставникот е пресудна за посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување од страна на учениците. Тоа се потврдува и со аритметичката средина која изнесува 4,59. Вакво мислење делат наставниците во основните и средните училишта поради тоа што сметаат дека наставникот со неговата стручност, професионалност, љубов за определен спорт, успешност и сл. врз ученикот влијае позитивно и го мотивира за вклучување во некоја спортска секција. Според аритметичките средини на факторите кои имаат забележително значење врз посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување се просторните услови со ($\bar{X}$=3,61). Според мислењата на наставниците, техничката опременост, окружувањето и опцијата "друго" не се приоритетни фактори, за што говори и

вредноста на аритметичките средини. Треба да се напомене дека за опцијата "друго" наставниците наведувале повеќе фактори како што се: интерес на ученици, интерес на училиштето, финансиски средства и директор. Овој процент како во основните училишта, така и во средните училишта беше незначаен за посериозно да се третира.

**Табела 12 - Резултати добиени од наставници во средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**3. Според Вас што има најголемо значење за посета на вонннаставните активности по физичко воспитување? (за Вашиот прв избор по значајност наведете 1, а за последниот 5 ).[76]**

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | N | X̄ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставник | f | 39 | 9 | 6 | 2 | 0 | | |
| | % | 69,6 | 16,1 | 10,7 | 3,6 | 0 | 56 | 4.59 |
| Техничка опременост | f | 4 | 10 | 25 | 11 | 6 | | |
| | % | 7,1 | 17,8 | 44,6 | 19,6 | 10,7 | 56 | 2.91 |
| Просторни услови | f | 6 | 28 | 17 | 4 | 1 | | |
| | % | 10,7 | 50 | 30,3 | 7,1 | 1,8 | 56 | 3.61 |
| Окружување | f | 1 | 4 | 5 | 38 | 8 | | |
| | % | 1,8 | 7,1 | 8,9 | 67,8 | 14,3 | 56 | 2.14 |
| Друго | f | 5 | 4 | 3 | 2 | 42 | | |
| | % | 8,9 | 7,1 | 5,3 | 3,6 | 75 | 56 | 1.71 |

**Графикон бр. 6** – Приказ на резултати од наставниците во основните и средните училишта кои се однесуваат на факторите кои имаат најголемо значење за посета на вонннаставните активности по физичко воспитување.




[76] На скалата за рангирање, за првиот избор по значајност (број 1) дадени се 5 бода, за вториот 4 бода, за третиот 3 бода, за четвртиот 2 бода, за петтиот 1 бод.

Разликите во аритметичките средини помеѓу факторите кои имаат поголемо или помало значење за посетата на воннаставните активности по физичко воспитување можат да се видат во **графиконот бр. 6.** Добиените резултати од истражувањето ја потврдуваат седмата хипотеза дека наставниците високо ја оценуваат сопствената улога за посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување од страна на учениците.

***Хипотеза 8*** **– "Учениците високо ја оценуваат улогата на наставникот за нивната посетеност на воннаставните активности по физичко воспитување".**

За да се утврди како учениците ја оценуваат улогата на одделни фактори за посета на воннаставни активности по физичко воспитување, дадена е можност на учениците во анкетниот лист да ја степенуваат (од 1 до 6) значајноста на одделните фактори. **Во табелата 13,** прикажани се резултатите од основните училишта. Според добиените резултати, учениците во основните училишта највисоко го оценуваат наставникот чија улога има најголемо влијание за посетата на учениците на воннаставните активности по физичко воспитување. Дури 43,3 % од анкетираните ученици највисоко го оценуваат наставникот како фактор за нивната посета на воннаставните спортски активности. Тоа го потврдува и вредноста на аритметичката средина која изнесува 4,82. Исто така, висок процент на ученици 34,4 % највисоко ги оцениле личните афинитети како најзначајни за посета на овие активности, со вредност на аритметичка средина 4,14. Просторните услови како најзначаен фактор го сметаат 15,5 % од анкетираните ученици со вредност на аритметичката средниа 3,9. Незначителен процент на ученици 5,5 % највисоко го оцениле окружувањето на училиштето како најзначаен фактор. Сличен е процентот кој се однесува на техничката опременост, за која се определиле 3,3 % анкетирани ученици највисоко оценувајќи ја нејзината улога за посета на воннаставните активности. Треба да се напомене и тоа дека ниту еден од анкетираните ученици не се определил за изборот **"друго"** (им беше дадена можност под друго да наведат некој друг фактор за кои сметаат дека има значење), што може да значи дека клучните фактори биле дадени во прашалникот или пак незаинтересираност од страна на учениците да издвојат и

посочат некој друг фактор за кои сметаат дека има значење за нивната посета на воннаставните активности по физичко воспитување.

| **Табела 13 - Резултати добиени од учениците во основните училишта кои се однесуваат на прашањето:** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.Според Вас што има најголемо значење за посета на воннаставните активности по физичко воспитување? (за Вашиот прв избор по значајност наведете 1, а за последниот 6).[77]** | | | | | | | | | |
| | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **N** | **X̄** |
| **Наставник** | **f** | **39** | **21** | **14** | **7** | **9** | **0** | **90** | **4,82** |
| | **%** | **43,3** | **23,3** | **15,5** | **7,7** | **10** | **0** | | |
| **Техничка опременост** | **f** | **3** | **20** | **26** | **30** | **11** | **0** | **90** | **3,71** |
| | **%** | **3,3** | **22,2** | **28,8** | **33,3** | **12.2** | **0** | | |
| **Просторни услови** | **f** | **14** | **15** | **25** | **20** | **16** | **0** | **90** | **3,9** |
| | **%** | **15,5** | **16,6** | **27,7** | **22,2** | **17,8** | **0** | | |
| **Окружување** | **f** | **5** | **20** | **17** | **20** | **28** | **0** | **90** | **3,48** |
| | **%** | **5,5** | **22,2** | **18,8** | **22,2** | **31,1** | **0** | | |
| **Лични афинитети** | **f** | **31** | **13** | **7** | **16** | **23** | **0** | **90** | **4,14** |
| | **%** | **34,4** | **14,4** | **7,7** | **17,8** | **25,6** | **0** | | |
| **Друго** | **f** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **90** | **90** | **1** |
| | **%** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100** | | |

Резултатите добиени од истражувањето спроведено во средните училишта се прикажани во **табела 14**. Добиените резултати покажуваат дека учениците во средните училишта највисоко ја оценуваат улогата на наставникот за посета на воннаставните активности. Дури 34,4 % анкетирани ученици одговориле дека улогата на наставникот е клучна за нивната посетеност на воннаставните активности за што говори аритметичката средина која изнесува 4,53. Незначително помало значење им даваат на просторните услови што се гледа и од аритметичките средини кои изнесуваат 4,22 за просторните услови и 4,21 за техничката опременост на училиштето.

[77] На скалата за рангирање, за првиот избор по значајност (број 1) дадени се 6 бода, за вториот 5 бода, за третиот 4 бода, за четвртиот 3 бода, за петтиот 2 бода и за шестиот 1 бод.

За разлика од резултатите добиени од учениците во основните училишта каде на второ место по значајност се личните афинитети за посета на воннаставните активности по физичко воспитување, учениците во средните училишта не ги сврстуваат како приоритетни личните афинитети за посета на воннаставните активности. Интересно е да се напомене дека учениците во основните и средните училишта за најмалку значајно ја сметаат опцијата “друго“ каде имаа можност да наведат некој друг фактор кој не беше даден како опција, а тие да го сметаат за помалку или повеќе значаен за посетата на воннаставните активности по физичко воспитување. Резултатите добиени од истражувањето спроведено во средните училишта прегледно се прикажани во **табелата 14**. За појасно да се воочат разликите помеѓу основните и средните училишта, истите се прикажани во **графикон бр.** 7.

**Табела 14 - Резултати добиени од учениците во средните училишта кои се однесуваат на прашањето:**

**5. Според Вас што има најголемо значење за посета на воннаставните активности по физичко воспитување? (за Вашиот прв избор по значајност наведете 1, а за последниот избор 6).[78]**

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | N | X̄ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставник | f | 31 | 18 | 19 | 12 | 10 | 0 | 90 | 4,53 |
| | % | 34,4 | 20 | 21,1 | 13,3 | 11,1 | 0 | | |
| Техничка опременост | f | 9 | 31 | 24 | 22 | 4 | 0 | 90 | 4,21 |
| | % | 10 | 34,4 | 26,6 | 24,4 | 4,4 | 0 | | |
| Просторни услови | f | 14 | 20 | 33 | 18 | 5 | 0 | 90 | 4,22 |
| | % | 15,5 | 22,2 | 36,6 | 20 | 5,5 | 0 | | |
| Окружување | f | 5 | 16 | 8 | 24 | 37 | 0 | 90 | 3,2 |
| | % | 5,5 | 17,7 | 8,8 | 26,6 | 41,1 | 0 | | |
| Лични афинитети | f | 31 | 5 | 6 | 14 | 34 | 0 | 90 | 3,83 |
| | % | 34,4 | 5,5 | 6,6 | 15,5 | 37,7 | 0 | | |
| Друго | f | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90 | 90 | 1 |
| | % | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | | |

Според добиените резултати од учениците во основните и средните училишта, највисоко е оценета улогата на наставникот за посета на воннаставните активности по физичко воспитување со што осмата хипотеза се потврдува.

[78] На скалата за рангирање, за првиот избор по значајност (број 1) дадени се 6 бода, за вториот 5 бода, за третиот 4 бода, за четвртиот 3 бода, за петтиот 2 бода и за шестиот 1 бод.

**Графикон бр.** 7 - Приказ на резултати од учениците во основните и средните училишта кои се однесуваат на факторите кои имаат најголемо значење за посета на воннаставните активности по физичко воспитување.




*Хипотеза 9* - **"Интересот на учениците за посета на воннаставни активности по физичко воспитување зависи од спортските содржини кои се планираат и организираат во училиштето".**

Резултатите добиени од истражувањето во однос на деветата хипотеза се прикажани во **табела 15**. За наставниците од основните училишта е применета тростепена ликертова скала, при што за секое тврдења има понудено три одговори. Со тврдењето дека постои интерес за посета на воннаставните активности во основните училишта, потполно се согласиле 72,5 % од анкетираните наставници во основните училишта што се потврдува со резултатот од аритметичката средина кој изнесува 2,65 (на скала од 1 до 3). Делумно се согласиле 20% анкетирани наставници, додека со тврдењето "не постои интерес за посета на воннаставни активности" се согласиле 7,5 % анкетирани наставници во основните училишта.

| Табела 15 - Тврдења на наставници во основните училишта кои се однесуваат на интересот и посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување.[79] | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.1.** | **Тврдења кои се однесуваат на интересот и посетеноста од страна на учениците** | | **1** | **2** | **3** | **N** | **X̄** |
| **6.1.1.** | **Во Вашето училиште се изведуваат воннаставни активности по физичко** | f | 2 | 6 | 32 | 40 | 2.75 |
| | | % | 5 | 15 | 80 | | |
| **6.1.2.** | **Учениците имаат интерес за посета на воннаставни активности по физичко** | f | 3 | 8 | 29 | 40 | 2,65 |
| | | % | 7.5 | 20 | 72.5 | | |
| **6.1.3.** | **Посетеноста на учениците зависи од содржината на воннаставните активности по физичко воспитување** | f | 3 | 19 | 18 | 40 | 2,37 |
| | | % | 7.5 | 47.5 | 45 | | |
| **6.1.4.** | **Посетеноста на учениците зависи од местото на реализирање на воннаставните активности по физичко воспитување** | f | 7 | 22 | 11 | 40 | 1,27 |
| | | % | 17.5 | 55 | 27.5 | | |
| **6.1.5.** | **Посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување зависи од просторните услови на училиштето** | f | 4 | 26 | 10 | 40 | 2,15 |
| | | % | 10 | 65 | 25 | | |
| **6.1.6.** | **Посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување зависи од техничката опременост на училиштето** | f | 5 | 19 | 16 | 40 | 2,27 |
| | | % | 12.5 | 47.5 | 40 | | |
| **6.1.7.** | **Постои интерес кај учениците за воннаставните активности по физичко воспитување кои Вие ги организирате** | f | 0 | 13 | 27 | 40 | 2,67 |
| | | % | 0 | 32.5 | 67.5 | | |

Што се однесува на резултатите од средните училишта кои се прикажани во **табела 16,** потполно се согласиле 55 % анкетирани наставници во средните училишта, делумно се согласиле 38,3 % анкетирани наставници и дека воопшто не постои интерес за посета на овие активности се согласиле 6,7 % анкетирани наставници во средните училишта. Наставниците во средните училишта, како и оние од основните училишта се согласуваат со тврдењето дека учениците имаат интерес за посета на воннаставните активности за што покажува вредноста на аритметичката средина која изнесува 2,48.

[79] Во табелата 7, бројот 1 ја означува категоријата "воопшто не се согласувам 1" бројот 2 значи "делумно се согласувам" и бројот 3 "потполно се согласувам", f е бројот на фрекфенции, N е бројот на испитаници и X̄ е аритметичката средина.

**Табела 16 - Тврдења на наставниците во средните училишта кои се однесуваат на интересот и посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување.**[80]

| 6.1. | Тврдења кои се однесуваат на интересот и посетеноста од страна на учениците | | 1 | 2 | 3 | N | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.1.1. | Во Вашето училиште се изведуваат воннаставни активности по физичко воспитување | f | 1 | 18 | 41 | 60 | 2,05 |
| | | % | 1,7 | 30 | 68,3 | | |
| 6.1.2. | Учениците имаат интерес за посета на воннаставни активности по физичко воспитување | f | 4 | 23 | 33 | 60 | 2,48 |
| | | % | 6,7 | 38,3 | 55 | | |
| 6.1.3. | Посетеноста на учениците зависи од содржината на воннаставните активности по физичко воспитување | f | 0 | 27 | 33 | 60 | 2,55 |
| | | % | 0 | 45 | 55 | | |
| 6.1.4. | Посетеноста на учениците зависи од местото на реализирање на воннаставните активности по физичко воспитување | f | 6 | 28 | 26 | 60 | 2,33 |
| | | % | 10 | 46,7 | 43,3 | | |
| 6.1.5. | Посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување зависи од просторните услови на училиштето | f | 4 | 20 | 36 | 60 | 2,53 |
| | | % | 6,7 | 33,3 | 60 | | |
| 6.1.6. | Посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување зависи од техничката опременост на училиштето | f | 2 | 25 | 33 | 60 | 2,52 |
| | | % | 3,3 | 41,7 | 55 | | |
| 6.1.7. | Постои интерес кај учениците за воннаставните активности по физичко воспитување кои Вие ги организирате | f | 1 | 36 | 23 | 60 | 2,37 |
| | | % | 1,7 | 60 | 38,3 | | |

Добиените резултати од учениците во основните и средните училишта прикажани во **табелите 17 и 18** се во функција на деветата хипотеза, за истата да се потврди или отфрли. Од резултатите може да се забележи дека интересот на учениците е значително поголем за разлика од нивната посета на воннаставните активности по физичко воспитување. Имено, 70 % ученици во основните училишта имаат интерес за посета на овие активности, додека 45,5 % од анкетираните ученици посетуваат вакви активности. Делумно има интерес кај 22,2 % од вкупно

[80] Во табелата 7, бројот 1 ја означува категоријата "воопшто не се согласувам 1" бројот 2 значи "делумно се согласувам" и бројот 3 "потполно се согласувам", f е бројот на фрекфенции, N е бројот на испитаници и $\overline{X}$ е аритметичката средина.

анкетираните ученици. Воопшто не пројавиле интерес 7,7 % од вкупно анкетираните ученици, а 28,8 % анкетирани ученици во основните училишта воопшто не посетуваат воннаставни активности по физичко воспитување. Интересот на учениците за посета на воннаставните активности по физичко воспитување се потврдува со резултатот од аритметичката средина кој изнесува 2,62, додека вредноста на аритметичката средина која се однесува на посетеноста на учениците на ваквите активности изнесува 2,16.

**Табела 17 – Тврдења на ученици во основните училишта кои се однесуваат на интересот и посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување.**

| 8.2. | Тврдења кои се однесуваат на интересот и посетеноста на воннаставните активности (основни училишта) | | 1 | 2 | 3 | N | $\bar{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.2.1. | Наставникот по физичко воспитување редовно планира и организира воннаставни активности | f | 17 | 35 | 38 | 90 | 2,23 |
| | | % | 18,8 | 38,8 | 42,2 | | |
| 8.2.2. | Вие посетувате воннаствни активности по физичко воспитување | f | 26 | 23 | 41 | 90 | 2,16 |
| | | % | 28,8 | 25,5 | 45,5 | | |
| 8.2.3. | Имате интерес за посета на воннаставни активности по физичко воспитување | f | 7 | 20 | 63 | 90 | 2,62 |
| | | % | 7,7 | 22,2 | 70 | | |
| 8.2.4. | Има голем интерес кај соучениците за воннаставни активности по физичко воспитување | f | 7 | 55 | 28 | 90 | 2,23 |
| | | % | 7,7 | 61,1 | 31,1 | | |
| 8.2.5. | Застапени се различни содржини како воннаставни активности по физичко воспитување | f | 14 | 47 | 29 | 90 | 2,16 |
| | | % | 15,5 | 52,2 | 32,2 | | |
| 8.2.6. | Различните содржини би предизвикале поголема посетеност за воннаставни активности по физичко воспитување | f | 9 | 32 | 49 | 90 | 2,44 |
| | | % | 10 | 35,5 | 54,4 | | |
| 8.2.7. | Посетеноста на воннаставни активности зависи од Вашите афинитети кон одредени спортски содржини | f | 8 | 33 | 49 | 90 | 2,45 |
| | | % | 8,8 | 36,6 | 54,4 | | |

Во средните училишта состојбата кај учениците е следна: 38,9 % анкетирани ученици потполно се согласуваат со тврдењето дека имаат интерес за посета на воннаставните активности по физичко воспитување, делумно се согласиле 44,4 % анкетирани ученици, а воопшто не се согласиле со ваквото тврдење 16,6 % анкетирани ученици. Со оглед на аритметичката средина која изнесува 2,22 можеме да кажеме дека учениците во средните училишта делумно се согласуваат со ваквото тврдење. Интересно е да се прокоментира резултатот од тврдењето кој се однесува на нивната посета на воннаставните активности по физичко воспитување. Имено,

дури 42,2 % од анкетираните ученици во средните училишта не се согласуваат со тврдењето дека посетуваат воннаставни активности по физичко воспитување, делумно се согласиле 35,5 % анкетирани ученици и 22,2 % анкетирани ученици потполно се согласиле со тврдењето. Вредноста на аритметичката средина која изнесува 1,80 не го потврдува тврдењето.

**Табела 18 – Тврдења на ученици во средните училишта кои се однесуваат на интересот и посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување.**

| 8.2. | Тврдења кои се однесуваат на интересот и посетеноста на воннаставните активности (средни училишта) | | 1 | 2 | 3 | N | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.2.1. | Наставникот по физичко воспитување редовно планира и организира воннаставни активности | f | 11 | 50 | 29 | 90 | 2.20 |
| | | % | 12.2 | 55.5 | 32.2 | | |
| 8.2.2. | Вие посетувате воннаставни активности по физичко воспитување | f | 38 | 32 | 20 | 90 | 1.80 |
| | | % | 42.2 | 35.5 | 22.2 | | |
| 8.2.3. | Имате интерес за посета на воннаставни активности по физичко воспитување | f | 15 | 40 | 35 | 90 | 2.22 |
| | | % | 16.6 | 44.4 | 38.9 | | |
| 8.2.4. | Има голем интерес кај соучениците за воннаставни активности по физичко воспитување | f | 13 | 60 | 17 | 90 | 2.04 |
| | | % | 14.4 | 66.7 | 18.9 | | |
| 8.2.5. | Застапени се различни содржини како воннаставни активности по физичко воспитување | f | 15 | 43 | 32 | 90 | 2.19 |
| | | % | 16.7 | 47.8 | 35.6 | | |
| 8.2.6. | Различните содржини би предизвикале поголема посетеност за воннаставни активности по физичко | f | 8 | 21 | 61 | 90 | 2.59 |
| | | % | 8.9 | 23.3 | 67.8 | | |
| 8.2.7. | Посетеноста на воннаставни активности зависи од Вашите афинитети кон одредени спортски содржини | f | 8 | 22 | 60 | 90 | 2.58 |
| | | % | 8.8 | 24.4 | 66.7 | | |

Со тврдењето дека кај нивните соученици има голем интерес за посета на воннаставни активности по физичко воспитување се согласуваат 31,1 % од анкетираните ученици, додека 61,1 % делумно се согласуваат со ваквото тврдење. Преостанатите 7,7 % од учениците во основните училишта сметаат дека воопшто нема интерес кај соучениците за посета на спортските активности. Кај учениците од средните училишта помал е процентот на ученици 18,9 % кои се согласуваат со ова тврдење, делумно се согласиле значително поголем процент на ученици 66,7 %, а преостанатите 14,4 % сметаат дека воопшто нема интерес кај нивните соученици за

посета на ваков вид активности. Според добиената вредност на аритметичката средина можеме да констатираме делумно согласување на учениците во основните ($\bar{X}$=2.23) и средните училишта ($\bar{X}$=2.04) со ваквото тврдење.

Различните спортски содржини кои се реализираат во рамките на вонннаставните активности по физичко воспитување би предизвикале поголема посетеност на истите, со што се согласиле 54,4 % анкетирани ученици во основните училишта. Добиените резултати од средните училишта се уште повисоки така што процентот на ученици кои се согласува со ова тврдење изнесува 67,8 %. Заклучно со добиените резултати при пресметката на аритметичката средина која изнесува за основните училишта 2,44 и за средните училишта 2,59 може да се потврди дека учениците потполно се согласиле со ваквото тврдење.

Претпоставката дека интересот на учениците за посета на воннаставните активности зависи од спортски содржини кои се планираат и организираат во основните и средните училишта, може да се утврди или отфрли од резултатите прикажани во **табела 15 и 16.** (на стр. 114 и 115 )

Имено, од добиените резултати кои се однесуваат на наставниците во основните училишта може да се констатира дека најголем процент на наставници (47,5 %) делумно се согласиле со тврдењето дека интересот за посета на воннаставните активности по физичко воспитување зависи од спортските содржини кои се планираат и организираат на воннаставните активности по физичко воспитување. Процентот на анкетирани наставници (45 %) во основните училишта кои потполно се согласиле со ова тврдење е незначително помал во однос на оние анкетирани наставници кои делумно се согласиле со тврдењето. Само 7,5 % од анкетираните наставници во основните училишта не се согласиле со тврдењето.

Резултатите добиени од наставниците во средните училишта кои се прикажани во **табела 16** (на стр. 115) се разликуваат од оние резултати добиени во основните училишта. Најголемиот процент на анкетирани наставници (55 %) во средните училишта потполно се согласиле со тврдењето затоа дека интересот за посета на воннаставните активности зависи од спортските содржини кои се планираат и организираат по физичко воспитување. Висок процент од анкетираните наставници (45 %) во средните училишта делумно се согласиле, додека нема

анкетирани наставници во средните училишта кои не се согласиле со ваквото тврдење.

Добиените резултати од наставниците и учениците во основните и средните училишта, укажуваат на тоа дека интересот за посета на вonнаставни активности по физичко воспитување зависи од спортските содржини кои се планираат и организираат надвор од редовната настава, со што деветата хипотеза се потврдува.

*Хипотеза 10* - **" Постои висок степен на мотивираност кај наставниците за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување".**

Резултатите во основните училишта прикажани во **табела 19** покажуваат дека 45% анкетирани наставници се изјасниле дека се мотивирани за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување. Не е мал ниту процентот на оние наставници 35 % кои делумно се согласуваат со ова тврдење. Од вкупниот број анкетирани наставници во основните училишта, 20 % од нив, сметаат дека воопшто не се мотивирани за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување. Според аритметичката средина која изнесува 2,25 наставниците сметаат дека се мотивирани за планирање и организација на воннаставни активности по физичко воспитување.

Добиените резултати во средните училишта прикажани се во **табела 20**, каде што процентот на анкетирани наставници (40 %) кои потполно се согласуваат со тврдењето е нешто помал во однос на основните училишта. Делумно се согласиле 38,3 % анкетирани наставници, што има приближна вредност со процентот на наставници во основните училишта, (21,7 %) речиси идентично како во основните училишта, не се согласуваат со тврдењето дека се мотивирани за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување. Аритметичката средина е 2,18 што покажува помала вредност од основните училишта.

| Табела 19 - Тврдења на наставниците во основните училишта коишто се однесуваат на планирањето и организирањето на вонnаставните активности по физичко воспитување.[81] | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.2. | Тврдења коишто се однесуваат на планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување (основни училишта) | | 1 | 2 | 3 | N | $\overline{X}$ |
| 6.2.1. | Вие сте мотивирани за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување | f | 8 | 14 | 18 | 40 | 2,25 |
| | | % | 20 | 35 | 45 | | |
| 6.2.2. | Вие планирате и организирате воннаставни активности по физичко воспитување | f | 0 | 11 | 29 | 40 | 2,73 |
| | | % | 0 | 27.5 | 72.5 | | |
| 6.2.3. | Окружувањето на Вашето училиште има можности за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување | f | 2 | 23 | 15 | 40 | 2,33 |
| | | % | 5 | 57.5 | 37.5 | | |
| 6.2.4. | Планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување зависи од просторните услови | f | 2 | 20 | 18 | 40 | 2,40 |
| | | % | 5 | 50 | 45 | | |
| 6.2.5. | Планираните воннаставни активности ги реализирате во целост | f | 1 | 21 | 18 | 40 | 2,43 |
| | | % | 2.5 | 52.5 | 45 | | |
| 6.2.6. | Во планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување користите техничка опрема и други помагала | f | 0 | 11 | 29 | 40 | 2,73 |
| | | % | 0 | 27.5 | 72.5 | | |
| 6.2.7 | Планирате и организирате воннаставни активности по физичко воспитување со различна содржина | f | 2 | 11 | 27 | 40 | 2,63 |
| | | % | 5 | 27.5 | 67.5 | | |
| 6.2.8. | Организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување се изведува без било какви технички пречки | f | 5 | 18 | 17 | 40 | 2,30 |
| | | % | 12.5 | 45 | 42.5 | | |

[81] Во табелата 7, бројот 1 ја означува категоријата "воопшто не се согласувам 1" бројот 2 значи "делумно се согласувам" и бројот 3 "потполно се согласувам", f е бројот на фрекфенции, N е бројот на испитаници и $\overline{X}$ е аритметичката средина.

**Табела 20 - Тврдења на наставниците во средните училишта коишто се однесуваат на планирањето и организирањето на вонаставните активности по физичко воспитување.**[82]

| 6.2. | Тврдења коишто се однесуваат на планирањето и организирањето на вонаставни активности по физичко воспитување (средни училишта) | | 1 | 2 | 3 | N | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.2.1. | Вие сте мотивирани за планирање и организирање на вонаставни активности по физичко воспитување | f | 13 | 23 | 24 | 60 | 2,18 |
| | | % | 21,7 | 38,3 | 40 | | |
| 6.2.2. | Вие планирате и организирате вонаставни активности по физичко воспитување | f | 1 | 13 | 46 | 60 | 2,75 |
| | | % | 1,7 | 21,7 | 76,7 | | |
| 6.2.3. | Окружувањето на Вашето училиште има можности за планирање и организирање на вонаставни активности по физичко воспитување | f | 10 | 30 | 20 | 60 | 2,17 |
| | | % | 16,7 | 50 | 33,3 | | |
| 6.2.4. | Планирањето и организирањето на вонаставни активности по физичко воспитување зависи од просторните услови | f | 3 | 23 | 34 | 60 | 2,52 |
| | | % | 5 | 38,3 | 56,7 | | |
| 6.2.5. | Планираните вонаставни активности ги реализирате во целост | f | 4 | 23 | 33 | 60 | 2,48 |
| | | % | 6,7 | 38,3 | 55 | | |
| 6.2.6. | Во планирањето и организирањето на вонаставни активности по физичко воспитување користите техничка опрема и други помагала | f | 3 | 20 | 37 | 60 | 2,56 |
| | | % | 5 | 33,3 | 61,7 | | |
| 6.2.7 | Планирате и организирате вонаставни активности по физичко воспитување со различна содржина | f | 0 | 15 | 45 | 60 | 2,75 |
| | | % | 0 | 25 | 75 | | |
| 6.2.8. | Организирањето на вонаставните активности по физичко воспитување се изведува без било какви технички пречки | f | 11 | 32 | 17 | 60 | 2,10 |
| | | % | 18,3 | 53,3 | 28,3 | | |

Од спроведеното истражување и добиените резултати може да се констатира дека постои мотивираност кај поголемиот дел од наставниците во основните и средните училишта за планирање и организирање на вонаставни активности по физичко воспитување. Но, сепак таа мотивираност пред се́, се должи на

[82] Во табелата 7, бројот 1 ја означува категоријата "воопшто не се согласувам 1" бројот 2 значи "делумно се согласувам" и бројот 3 "потполно се согласувам", f е бројот на фрекфенции, N е бројот на испитаници и $\overline{X}$ е аритметичката средина.

задоволството и љубовта за работа на наставниците со младите, како и љубовта и афинитетите на наставниците спрема одредени спортски активности т.е спортови.

Според мислењата на наставниците во основните и средните училишта за што говорат добиените резултати од истражувањето коишто се однесуваат на мотивираноста на наставниците, може да се констатира потврдување на десетата хипотеза.

*Хипотеза 11* - **"Планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување зависи од просторните услови на училиштето."**

Во **табелите 15 и 16** (на стр.114 и 115) прикажани се резултатите на наставниците во основните и средните училишта и нивните мислења за тврдењето кое се однесува на посетеноста на воннаставните активности и нејзината зависност од просторните услови. За посетеноста на воннаставните активности и нејзината условеност од просторните услови во потполност се согласуваат 25 % од анкетираните наставници во основните училишта. Најголем е бројот на анкетирани наставници 65 % кои делумно се согласуваат, додека процентот на оние кои не придаваат важност на просторните услови како значајни за посета на воннаставни активности е 10 % анкетирани наставници. Со оглед на вредноста на аритметичката средина која изнесува 2,15 за ова тврдење може да се констатира дека делумно е прифатено од наставниците во основните училишта.

Во средните училишта резултатите се следни: 60 % анкетирани наставници во средните училишта се сложуваат дека во голема мера просторните услови се значајни за посета на овие активности за што говори и аритметичката средина која изнесува 2,53. Останатите 33,3 % анкетирани наставници во средните училишта делумно се согласуваат со ваквото тврдење. Процентот на анкетираните наставници кои не придаваат важност на просторните услови во однос на посетеноста на спортските активности е незначителен и изнесува 6,7 %. Мислењата на наставниците во средните училишта затоа дека планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување зависи од просторните услови може да се оправда со интересот на учениците во средните училишта за спортските содржини

тенис, пливање, фитнес, аеробик и сл. за кои воопшто или делумно нема услови во училиштата за нивна реализација.

Затоа колку планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување зависи од просторните услови говорат и резултатите прикажани во **табелите 19 и 20** (на стр. 120 и 121) кои се однесуваат на наставниците во основните и средните училишта. Во основните училишта 45 % анкетирани наставници потполно се согласуваат со тврдењето дека планирањето и организирањето на воннаставните активности зависи од просторните услови на училиштето. Делумно со ова тврдење се согласиле 50 %, а само 5 % анкетирани наставници сметаат дека просторните услови не се пресуден фактор за организирање на воннаставни активности по физичко воспитување. Со оглед на тоа што аритметичката средина изнесува 2,40 можеме да кажеме дека наставниците од основните училишта делумно се согласуваат со ваквото тврдење.

Во средните училишта 56,7 % наставници сметаат дека просторните услови во училиштето имаат големо значење во планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување, 38,3 % анкетирани наставници делумно се согласуваат со ова тврдење, а само 5 %, идентично како и во основните училишта, воопшто не се согласуваат дека просторните услови на училиштето имаат пресудно значење врз планирањето и организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување. Аритметичката средина изнесува 2,52, па може да констатира дека наставниците во средните училишта потполно се согласуваат со ваквото тврдење.

Иако може да се забележат мали разлики во однос на резултатите од наставниците во основните и средните училишта, може да констатираме делумно потврдување на единаесетата хипотеза.

**Хипотеза 12 - "Окружувањето на училиштето ги задоволува потребите за планирање и организирање на вonnаставни активности по физичко воспитување."**

Што се однесува до прашањето дали окружувањето на училиштето дава можности за планирање и организирање на воннаставни активности, резултатите на наставниците од основните и средните училишта се прикажани во **табела 19 и 20** (на стр. 120 и 121).

Според мислењето на наставниците во основните училишта, окружувањето на училиштата делумно ги задоволува потребите за реализација на планираните воннаставни активности по физичко воспитување. Имено, 57,5 % од анкетираните наставници во основните училишта делумно се сложиле со тврдењето дека окружувањето на училиштето дава можности за планирање и организирање на различни спортски содржини. Потполно се сложиле со ваквото тврдење 37,5 % од анкетираните наставници, додека само 5 % од анкетираните наставници не се сложиле со тврдењето за можностите кои ги дава окружувањето за планирање и организирање на воннаставни спортски активности. Аритметичката средина изнесува 2,33 со што делумно се потврдува согласувањето на наставниците со ваквото тврдење.

Резултатите од наставниците во средните училишта кои што се однесуваат на ова тврдење прикажани се во **табела 20.** Речиси идентични се мислењата на наставниците во основните и средните училишта за тоа дали окружувањето на училиштето овозможува планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување. Точно една половина од анкетираните наставници (50 %) делумно се сложиле со тврдењето дека окружувањето на училиштето дава можности за реализација на спортски активности. Потполно се сложиле со тврдењето 33,3 % анкетирани наставници, додека 16,7 % анкетирани наставници во средните училишта воопшти не се сложиле со ваквото тврдење.

Според добиените резултати и мислењата на наставниците во основните и средните училишта, затоа дали окружувањето на училиштето ги задоволува потребите за планирање и организирање на воннаставните активности по физичко воспитување делумно се потврдува дванаесетата хипотеза.

*Хипотеза 13* - **“Техничката опременост на училиштето ги задоволува потребите за планирање и реализација на вонаставните активности по физичко воспитување“.**

Од добиените резултати со истражувањето направено во основните и средните училишта, а кои се прикажани во **табела 19 и 20** (на стр. 120 и 121) може лесно да се констатира дека наставниците користат техничка опрема во реализацијата на овие активности. Затоа говори и високиот процент на согласување со тврдењето дека наставниците користат техничка опрема и други помагала во реализацијата на вонаставните активности. Во основните училишта овој процент изнесува 72,5 %, додека во средните училишта 61,7 %. Сите наставници во основните училишта делумно или потполно користат технички средства, а во средните училишта само 5% анкетирани наставници не користат техничка опрема при реализацијата на вонаставните активности по физичко воспитување. Користењето техничка опрема од страна на наставниците при реализација на вонаставните активности по физичко воспитување го потврдува и вредноста на аритметичките средини која за основните училишта изнесува 2,73 и за средните училишта изнесува 2,56.

За да се помогне во потврдување или отфрлање на тринаесетата хипотеза на наставниците во основните и средните училишта им е дадено тврдење со кое се тврди дека наставниците немаат технички пречки во организирањето на вонаставните активности по физичко воспитување. Најголем процент на наставници во основните и средните училишта делумно се согласува со ова тврдење. Процентот за основните училишта е 45 %, а за средните училишта изнесува 53,3%. Потполно се согласуваат со тврдењето т.е дека немаат било какви технички пречки при организацијата и реализацијата на вонаставните активности 42,5 % анкетирани наставници во основните училишта и 28,3 % анкетирани наставници во средните училишта. Аритметичките средини кои се однесуваат на ова тврдење се 2,30 и 2,10. Со тврдењето дека наставниците не се соочуваат со технички пречки при организацијата на вонаставните активности по физичко воспитување не се сложиле 12,5 % анкетирани наставници во основните училишта и 18,3 % анкетирани

наставници во средните училишта. Од ова може да се констатира дека наставниците во основните и средните училишта делумно немаат технички пречки при реализацијата на вонnаставните активности по физичко воспитување.

Според резултатите добиени од наставниците во основните и средните училишта кои се однесуваат на техничката опременост на училиштата можеме да заклучиме дека тринаесетата хипотеза делумно се потврдува.

## IV. Заклучни согледувања и предлози

Општата хипотеза дека наставниците доволно и соодветно ги планираат и организираат воннаставните активности по физичко воспитување во основните и средните училишта е потврдена со резултатите добиени од истражувањето спроведено во основните и средните училишта во Скопје. Иако одреден процент на наставници не се доволно мотивирани за организирање на вакви активности сепак истите ги планираат и организираат. Покрај индивидуалните интереси и афинитети на наставниците, значаен придонес за планирање и организирање на вакви активности имаат училишните лиги во одредени спортови и материјалната подршка на наставниците од страна на некои општини и Град Скопје за учество во овие натпревари.

Во однос на зачестеноста на планирањето и организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување можеме да констатираме дека вакви активности често се организираат во основните и средните училишта. Ваквата застапеност на воннаставни активности по физичко воспитување може да се оправда со иницијативата на одделението за спорт во Град Скопје и Здружението на училишен спорт на средни училишта на Скопје - ЗУССУС кои неколку години наназад организираат училишни лиги за повеќе екипни и индивидуални спортови со цел да се стимулира развој на училишниот спорт и позитивно влијание врз училишната популација. За редовното и континуирано планирање и организирање на воннаставни активности како и учество на натпреварите кои ги организира Градот Скопје и Здружението на училишен спорт на средни училишта на Скопје – ЗУССУС, истите со материјални награди ги мотивираат и стимулираат наставниците и најуспешните ученици и училишни екипи. Ваквиот модел за развој на училишниот спорт кој треба да претставува фундамент на врвниот спорт го имаат прифатено некои општини во Скопје, но не секаде општините дополнително материјално ги мотивираат наставниците и учениците со награди. Сепак, мислењето на наставниците и учениците е дека планирањето и организирањето на воннаставни активности по предметот физичко воспитување повеќе се должи на љубовта, интересот и афинитетите на наставниците и учениците за одредени спортови. За жал

во истите, многу малку или воопшто не се инволвирани менаџерите или менаџерските тимови на училиштата, родителите и други субјекти кои директно или индиректно би имале корист за училишната популација во што поголем број биде вклучена во ваквите спортски активности.

Колку е разновидна понудата на вонnаставните активности може да се воочи од резултатите добиени со истражувањето спроведено во основните и средните училишта. Од добиените резултати може да се констатира дека малку се застапени различни спортски содржини на вонnаставните активности по физичко воспитување. Претежно се организираат за ова поднебје, традиционалните спортски активности фудбал, кошарка, одбојка и ракомет, што воедно се и најпопуларни кај нас. Малата застапеност на тенисот, пливањето, гимнастиката, атлетиката, пинг-понгот, бадминтон итн. може да се аргументира со немањето на просторно–технички услови, немање соодветен кадар, немање доволен број наставници, непопуларноста на горенаведените спортови во нашата земја, но и потребата учениците од сопствен буџет да ги покриваат материјалните трошоци за реализација на некои спортски активности за кои реално нема услови да се изведуваат во училиштето. Исто така, една од причините е немањето на доволен интерес кај наставниците, но исто така, немање интерес кај учениците за организирање на вакви активности. Со оглед на тоа, што во последно време државата инвестира во развој на училишниот спорт и изградба и реконструкција на училишни фискултурни сали, сепак понудата на спортските содржини е сведена на мал број спортови. За да се збогати програмата со нови спортски содржини потребно е локалната самоуправа да организира почесто натпревари во одредени спортови кои не се толку популарни во нашата земја и финансиски да ги стимулира наставниците, но и најдобрите ученици во одредени спортови.

Наставниците и учениците во основните и средните училишта сметаат дека повеќе интерес за посета на вонnаставните активности по физичко воспитување би имало доколку се понудени различни спортски содржини. Со понудата на различни спортски содржини би се опфатиле и поголем број ученици кои имаат интерес, афинитет и потенцијал за тие спортски содржини. Со тоа би се овозможило и поголема индивидуалност и слобода во изборот на спортска активност. Лимитираноста за организирањето на различни спортски содржини може да се

оправда со немањето просторни услови за некои спортови, но и зафатеноста на училишните спортски сали кои се издаваат на рекреативци, на спортски школи и клубови, па така останува многу малку време за учениците да ги користат спортските сали и реквизити по редовната настава. Секако тука е факторот време како причина за организирање на помал број спортови. Покрај зафатеноста на училишните сали од страна на горенаведените субјекти, некои училишта одат во две смени, така да само учениците кои одат втора смена евентуално би можеле да ги користат фискултурните сали и терени по наставата. Бројот на наставници кои работи во едно училиште, исто така е лимитирачки фактор за да се планираат и организираат повеќе спортски активности. Поточно наставниците немаат доволно време и покрај нивната евентуална желба да организираат одредена спортска активност. Како причина може да биде нестручноста и непознавањето на наставниците на одредени спортови, па иако учениците имаат желба за некоја спортска активност, наставниците немаат познавање за определената спортска активност. Популарноста на спортовите кај нас, како што се фудбалот, кошарката, одбојката и ракометот исто така, влијаат врз организирањето на други спортови за кои нема доволно интерес од страна на учениците. За да се променат некои работи во правец на организирање различни спортски активности и опфаќање на што поголем број ученици, локалната самоуправа треба да изнајде начин за вклучување на компетентен стручен тим (дипломирани наставници по физичка култура кои немаат постојана работа) кој ќе работи под менторство на наставниците кои веќе работат во училиштата. Исто така, училиштата во соработка со локалната самоуправа треба да го редуцираат издавањето на училишните спортски сали на надворешни субјекти и во зависност од времето на наставниците и распоредот на часови на редовната настава, на наставниците да им биде дадена можност да ги користат термините по редовната настава кои најмногу ќе им одговараат на наставниците и учениците.

Наставникот е најважен фактор во однос на посетеноста на воннаставните активности по предметот физичко воспитување, така мислат учениците и наставниците во основните и средните училишта. Значи наставникот во зависност од неговите компетенции и афинитети ги организира учениците во одредени групи и секции. Со неговиот однос, работа и стручност ги привлекува учениците да бидат

дел од секциите и во што поголем број да ги посетуваат истите. За таа цел потребно е да се стимулираат, но и мотивираат наставниците за посета на разни семинари, курсеви, обуки и сл., кои се организираат од разни спортски федерации, спортски друштва и невладини организации. Преку вакви учества, наставниците перманентно ќе го збогатуваат своето знаење и ќе се специјализираат во одредени спортови, така што сето свое знаење ќе го пренесат на учениците за нивни правилен психофизички развој и навремена спортска селекција од која би имале корист ученикот, училиштето, локалната самоуправа и државата.

Воннаставните активности по предметот физичко воспитување најчесто се организираат и реализираат во училишниот простор. Ова го потврдуваат резултатите добиени и од наставниците и од учениците во основните и средните училишта. Реализацијата на ваквите активности во склоп на училиштата може да се објасни со фактот дека Владата на РМ, Град Скопје, Агенцијата за Спорт и Млади и МОН спроведоа проект за изградба на училишни спортски сали, реконструкција на постоечките сали, како и нивно опремување. Речиси сите училишта во Скопје каде што беше спроведено истражувањето располагаа со спортски сали и барем еден надворешен терен. Со создавањето на услови за реализација на одредени спортови, наставниците немаат потреба ваквите активности да ги организираат и реализираат надвор од училиштето, а притоа се заштедуваат материјални средства (не се оптоварува буџетот на училиштето или на родителите) и време.

Просторно–техничките услови во голема мера го лимитираат планирањето и организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување. Во зависност од овие услови, не можат да се реализираат голем број активности за кои има некаков интерес кај учениците или пак наставниците. За да се надмине овој проблем потребно е да се реши проблемот во врска со издавањето на училишните сали на рекреативци, спортски клубови и спортски школи. Треба да се зајакне и продлабочи соработката на училиштата со локалната самоуправа и други деловни субјекти кои имаат сопственост врз различни спортски објекти, да се најде заеднички интерес за да можат училиштата да ги користат нивните капацитети. Со преземање на вакви мерки и соработка со сите можни институции би се намалиле техничките пречки коишто се јавуваат при планирањето и организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување.

Мотивираноста на наставниците во основните и средните училишта за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување според добиените резултати е на задоволително ниво. Но, ова пред сѐ, се должи на желбата на наставниците за организирање на воннаставни активности по физичко воспитување и учество на натпревари преку кои се афирмираат наставниците и училиштето. Љубовта и афинитетите спрема одредени спортови причина се наставниците да планираат и организираат воннаставни активности по физичко воспитување. Од аспект на финансиската мотивираност, Град Скопје, Здружението на училишен спорт на средни училишта на Скопје - ЗУССУС и одредени општини ги мотивираат наставниците за организирање на вакви активности. Покрај наставниците, се наградуваат и најуспешните училишни екипи и ученици Наставникот за да биде максимално мотивиран потребно е да биде наградуван и истакнуван во училиштето од страна на директорот и менаџерскиот тим, да ужива одредени бенефиции, да биде вреднуван од МОН и другите образовни институции. Исто така, потребно е училиштата да изготвуваат училишни весници или билтени во кои ќе бидат истакнувани резултатите и успесите кои ги постигнуваат наставниците со своите ученици. Ваквата афирмација дополнително ќе ги стимулира наставниците за планирање и организација на воннаставни активности по физичко воспитување, но истовремено ќе предизвика и поголема заинтересираност кај учениците за вклучување во спортските активности.

## V. Користена литература:


1. Ангелоска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро.

2. Ангелоска-Галевска, Н. (2010), *Планирање на научното истражување*, Скопје: интерен материјал.

3. Атанасовски, А. (1990), *Методика на физичко воспитание*, Скопје:Просветно дело.

4. Анастасовски, А. (1980), *Некои согледувања и препораки за наставата по физичко воспитание,* Скопје:Физичка култура бр.4.

5. Antini, D. (1971), *Sport and physical education*, London: Kogan page,

6. Bakovljev, M. (1997*), Osnovi metodologije pedagoskih istrazivanja* Beograd:Naučna knjiga.

7. Bakovljev, M. (1984), *Didaktika*, Beograd:Naučna knjiga.

8. Banđur, V. i Potkonjak, N. (1999). *Metodologija pedagogije.* Beograd: Savez pedagoških društava Jugoslavije.

9. Баракоска, А. (2003), *Педагогија на слободно време*, Скопје: Доминант.

10. Берет, Д., Кол,Т. (2000), *Социо-pedagoški проекти,* Скопје*:* Водич за студенти.

11. Berkovič, L. (1983), *Povezanost i medjusebna uslovljenost fizičkog i drugih vidova vaspitanja*, Zbornik radova, Aranđelovac:SDPFKS.

12. Bokan, B. (1979), *Uticaj vannastavnih aktivnosti na poboljšanje motoričkih osobina i fizičkog razvoja učenika beogradskih škola*, Beograd: Fizička kultura, br.2.

13. Божовиќ, Р.( 1975), *Искушенија на слободното време*,Белград: Култура.

14. Božovič, R.(nepoznato), *Ka fenomenologiju takmičenja*, Novi Sad: Polja.

15. Brocič,Lj.,(1968), *Slobodno vreme i formiranje mlade ličnosti*, Beograd: Radnički univerzitet Đuro Salaj.

16. Bruce, L. (1961), *Comparative physical education*, New York, SU.

17. Bryman, A. (1993), *Quantity and Quality in Social Research*, London: Routledge.

18. Cohen, L., Manion, L.(1994), *Research Methods in Education* (4th ed), London: Routledge.

19. Creswell, J.W.(2003), Reserch Design: *Qualitative, Quantitative and Mixed Methods Approaches*, Thousand Oaks: Sage Publications.

20. Cenič, S., Dedič, F., Petrov,N. (2002), *Uvod u Pedagogiju*, Vranje:Aurora.

21. Durakovič, M. (1978), *Dodatni odgojno-obrazovni rad vežbanjem kreativnih sposobnosti nadarenih učenika*, Zagreb: Pedagoski rad, br.5-6.

22. Findak, V., Stela, I. (1985), *Izvannastavne i izvanškolske aktivnosti u tjelesnoj i zdravstvenoj kulturi*", Zagreb: Školska knjiga.

23. Findak, V. (1976), *Telesni odgoj u osnovnoj školi*, Zagreb.

24. Гоговска,Л. (1994), *Педагогија*, Скопје:Звезда.

25. Gojkov, A. (2000), *Daroviti - bibliogafij*a, Vrsac: Visa skola za obrazovanje vaspitača.

26. Gojkov, G. (2005). *Uvod u pedagošku metodologiju*. Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača.

27. Гоцевски, Т. (2002), *Политички и економски систем*, Скопје: Универзитет "Св. Кирил и Методиј".

28. Гоцевски, Т.(2004),*Економика на образованието*,Куманово:Македонска ризница.

29. Гоцевски,Т.,(2007), *Образовен менаџмент*, Битола: Киро Дандаро.

30. Гравот, П. (1993), *Економика на едукацијата*, Париз: Економика

31. Gud, V. (1995), *Metodi socijalnog istraživanja*, Pejčič B. (red), Zbornik Metodologija empiriskog naučnog istraživanja, Beograd: BIG.

32. Ѓорѓијовски, Б., Бојаџиоски, Д. (2003), *Теорија на организација,* Скопје: Економски факултет.

33. Ivovič,S., Žarkovič. (1977), *Igre za škole, sport i rekreaciju*, Beograd: Sportska knjiga.

34. Јанкоски, Д. (2002), *Организација на образованието,* Битола: Универзитет „ Св. Климент Охридски“ – Педагошки факултет.

35. Jankovič, T. (1988), *Vannastavne aktivnosti i učenicko stvaralaštvo*, Sombor: Učenički fakultet.

36. Jankovič, T. (1986), *Uloga vaspitača u samostalnim aktivnostima dece,* Novi Sad: Pedagoška stvarnost br.9-10.

37. Јелавиќ, Ф. (1995), *Дидактичке основе наставе*, Загреб: Наклада Слап.

38. Камберски, К. (ред), (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи),* Скопје: Филозофски факултет, Институт за педагогија.

39. Камберски, К. (1994), *Од буквар до Универзитет*, Скопје: Просветно дело.

40. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образование.

41. Копровски, Љ., Петровски, Б. (1986), *Педагогија*, Скопје: Просветно дело.

42. Koturovič Lj., Jeričevič, D. (1978), *Kineziterapija* (skripta),Beograd: Fakultet za fizičko vaspitanje Univerziteta u Beogradu.

43. Kragujevič, G. (1991), *Metodika fizičkog vaspitanja*, Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

44. Lekič, Đ. (1979), *Metodologija pedagoškog istraživanja i stvaralaštva*, Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

45. Leskošek, J. (1980), *Teorija fizičke kulture*, Beograd: NIPRO Partizan.

46. Миноски, Ј. (1999), *Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните соработници*, Скопје: Педагошки завод.

47. Миновски, А., Созовска, Е., и Перчинков, Д. (1997), *Материјално – технички услови за реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование*, Скопје: Физичка култура, бр. 1–2.

48.Митревски, Ѓ. (2002), *Физичко воспитание*, Скопје: Работнички Универзитет "Кочо Рацин".

49. Михајловски, Б. (2001), *Методика на наставата со основите на физичкото и здравственото образование и воспитание*, Скопје: Педагошки факултет "Св. Климент Охридски".

50. Мицковиќ, Н. (1991), Научно – истражувачката работа во областа на педагогијата денес, Скопје: Просветно дело бр.4.

51. Мицковиќ, Н. (1992), Современи текови на научно – истражувачката работа во педагогијата, Скопје: Редакција на списанието "Просветно дело".

52. Muzič, V. (1968), *Metodologija pedagoškog istraživanja*, Sarajevo: Zavod za izdanje uđbenike.

53. Mužič, V. (1979), *Metodologija pedagoškog istraživanja*, Sarajevo: IGKRO „Svjetlost" OOUR Zavod za uđbenike.

54. Muzič, V. (1999), *Uvod u metodologiju odgoja i obrazovanja.* Zagreb: Educa d.o.o.

55. *Наставна програма по спорт и спортски активности*, (2001), Скопје, Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието

56. Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, Скопје: Педагошки завод на Македонија, 1998.

57. Pataki, S.(1951),*Opča pedagogija*, Zagreb:Pedagoško-književni zbor.

58. Pedagoška enciklopedija I i II (1989), (red. Potkonjak, N. I Šimleša, P.), Beograd: Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.

59. Петров Р, (2000), *Домска воспитно - образовна работа со лица со пречки во развојот*,Скопје:Филозофски факултет, Институт за дефектологија.

60. Петроска Бешка, В. (1996), *Како се пишува извештај за спроведено емпириско истражување,* Скопје: Малинска.

61. Петроска Бешка, В. (1999), *Анкетирање - што, зошто, кој и како*, Скопје: Филозофски факултет.

62. Petrovič, D.,Stefanovič, V., (1981*), Problemi teorije i metodologije fizičke kulture*, Beograd: Fizička kultura.

63. План и програм за заедничките воспитно - образовни основи на насоченото средно образование, (1982), Републичка заедница за насочено образование и Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје.

64. Polič, F.(1980), *Fizička kultura u samoupravnom socijalističkom društvu*", Beograd: Fizička kultura.

65. Попова-Коскарева, Р. (2004), *Вовед во Педагогија*, Скопје: График.

66. Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта бр.10-4061/1 од 01.11.2010 година. Министерство за образование и наука на Република Македонија.

67. Reljič, J.(1974), *Planiranje nastave telesnog odgoja u srednjim školama*, Zagreb: Knjiga nastavnika.

68. Ristič, Ţ. (1995), *O istraživanju metodu i znanju.* Beograd: Insitut za pedagoška istraživanja.

69. Rot, N. (1995), *Osnovi socijalne pedagogije*, Pejčič,B.(red), *Zbornik Metodologija empiriskog naučnog istraživanja*, Beograd: BIG.

70. Roxanne, W. L. (1998), *Vannastavne aktivnosti u američkim školama,* Florida: Deltona High School.

71. Рудик П.А. (1976), *Психологически основи на физическото възпитание на децата от предучилищна възраст,* София, УИ "Климент Охридски".

72. Симоновски, А. (1997), "*Училишниот спорт во системот на натпреварите на "Малите олимпски игри на училишната младина*", Скопје: Физичка култура.

73. *Sportski leksikon*, (1984), Zagreb: Školska knjiga.

74. Средно образование, концепциски основи, образовни профили, наставни планови за III и IV степен на стручна подготовка, (1989), СИЗ за насоченото образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје.

75. Столяров, В.И., Сараф, М. Ј. (1982), *Эстетические проблемы в спорте*, Москва.: Гимнастические и спортивные.

76. Strauss, A.L. (1987), *Qualitative Analysis for Social Scientist*, Cambridge: Cambridge University Press.

77. Трајкова, А. (2005), *Училишниот спорт – Значење и активност*, Скопје: Физичка култура, год.33, бр.2.

78. Цениќ, С., Дедиќ, Ф., Петров, Н., (2002), *Uvod u pedagogiju*, Vranje: Aurora.

79. Đorđevič, B.(1979), *Individualizacija vaspitanja darovitih*, Beograd: Prosveta.

80. Đorđevič,J., Potkonjak,N., (1986), *Pedagogija*, Beograd: Naučna knjiga.

81. Упатството за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, МОН и Државен просветен инспекторат.

82. Vidrin, B.M. (1980), *Спорт в savremenom obshtestve*, Москва:Физический и спортивные.

83. Vilotijevič, M. (1993), *Organizacija i rukovođenje školom*, Beograd: Naučna knjiga.

84. Шуков, Ј. (2001), *Основи на кинезитерапијата*, Скопје: Факултет за физичка култура.

85. www.scribd.com/doc/39205231/6/VANNASTAVNE-AKTIVNOSTI, - "Okvirni nastavni plan i program",Vannastavne aktivnosti,(2009) str. 58-61.

86. www.pedagog.org.yu/americka%20vannastava.php, веб страна на Педагошко Друштво Србије.

87. www.pedagog.org.yu/americka - Generalizovan prikaz istraživanja vannastavnih aktivnosti sproveden u srednjoj školi Deltona na Floridi.

88. www.shsu.edu/~edu_elc/journal/Hambrickabs.htm.

89. www.pedagog.org.rs/americka%20vannastava.php - Vannastavne aktivnosti u američkim školama.

90. www.sedmamo.com/index.php?option=com_content&view=article&id=85&Itemid=104 - JU VII OSNOVNA ŠKOLA , Gojka Vukoviča br.11 88104 MOSTAR .

# VI. ПРИЛОЗИ

Име на проектот на истражување___________________________,
носител на проектот ___________________________. место __________, датум______ и време на анкетирањето_______. Прашалникот е спроведен во основното/средното училиште
________________________________________________________ .

## Прашалник за наставниците по физичко воспитување

**Почитувани,**

Со анкетниот лист би сакал да дојдам до одредени информации кои ќе ми овозможат успешно да го извршам ова истражување потребно за одбрана на магистерска тема. Анкетниот лист се состои од (разновидни) прашања кои бараат точни и искрени одговори. Покрај секое прашање дадено е дополнително објаснување како да го одговорите т.е. што се бара од Вас. Прашањата се однесуваат на планирањето и организирањето на воннаставните активности по предметот физичко воспитување во Вашето училиште. Анкетата е анонимна и од искреноста на Вашите одговори, ќе зависи успешноста на ова истражување. Времето предвидено за пополнување на анкетниот лист е 25 минути.

**1. Кои секции по физичко воспитување функционираат во училиштето каде работите? (заокружи еден или повеќе од понудените одговори)**

а) фудбал б) кошарка в) ракомет г) одбојка д) атлетика ѓ) гимнастика
е) пинг-понг ж) аеробик з) фитнес ѕ) тенис и) бадминтон ј) пливање
к) друго (наведи) _______________________.

**2. Каде најчесто ги реализирате планираните воннаставни активности по физичко воспитување?**

а) во училиштето в) во окружувањето на училиштето
б) во природа г) на друго место (наведи каде?)___________.

**3. Според Вас, што има најголемо значење за планирањето и организирањето на вонnаставните активности по физичко воспитување? (за Вашиот прв избор по значајност наведете 1, а за последниот избор 5)**

а) наставник_____ г) окружување_______

б) техничка опременост_____ д) друго____(наведи што?),______________

в) просторни услови_____

---

**4. Колку често организирате вонnаставни активности? (наведи бројчано)**

а) неделно ____________ . б) месечно__________. в) годишно_______.

**5. За кои од понудените активности или спортски дисциплини има најмногу интерес кај учениците? (заокружи еден или повеќе од понудените одговори)**

а) фудбал б) кошарка в) ракомет г) одбојка д) атлетика ѓ) гимнастика

е) пинг-понг ж) аеробик з) фитнес ѕ) тенис и) бадминтон ј) пливање

к) друго (наведи) ________________________.

**6. На скалата за процена заокружете го бројот што се совпаѓа со Вашиот став за секое понудено тврдење при што:**

**Воопшто не се согласувам 1**

**Делумно се согласувам 2**

**Потполно се согласувам 3**

| 6.1 | **Тврдења кои се однесуваат на интересот и посетеноста на вонннаставните активности по физичко воспитување од страна на учениците (за наставници)** | **Воопшто не се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Потполно се согласувам м** |
|---|---|---|---|---|
| **6.1.1.** | Во Вашето училиште се изведуваат воннаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| **6.1.2.** | Учениците имаат интерес за посета на воннаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| **6.1.3** | Посетеноста на учениците зависи од содржината на воннаставните активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| **6.1.4.** | Посетеноста на учениците зависи од местото на реализирање на воннаставните активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| **6.1.5.** | Посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување зависи од просторните услови на училиштето | 1 | 2 | 3 |
| **6.1.6.** | Посетеноста на воннаставните активности по физичко воспитување зависи од техничката опременост на училиштето | 1 | 2 | 3 |
| **6.1.7.** | Постои интерес кај учениците за воннаставните активности по физичко воспитување кои Вие ги организирате | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.** | **Тврдења кои што се однесуваат на планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување** | **Воопшто не се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Потполно се согласувам** |
| **6.2.1.** | Вие сте мотивирани за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.2.** | Вие планирате и организирате воннаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.3.** | Окружувањето на Вашето училиште има можности за планирање и организирање на воннаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.4.** | Планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување зависи од просторните услови | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.5.** | Планираните воннаставни активности ги реализирате во целост | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.6.** | Во планирањето и организирањето на воннаставни активности по физичко воспитување користите техничка опрема и други помагала | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.7** | Планирате и организирате воннаставни активности по физичко воспитување со различна содржина | 1 | 2 | 3 |
| **6.2.8.** | Организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување се изведува без било какви технички пречки | 1 | 2 | 3 |

Име на проектот на истражување_______________________________, место_____________, датум___________ и време на анкетирањето________, пол м/ж /одд/клас______, успех_________,прашалникот е спроведен во основното/средното училиште________________________.

# Прашалник за учениците

**Почитувани,**

Со анкетниот лист би сакал да дојдам до одредени информации кои ќе ми овозможат успешно да го извршам ова истражување потребно за одбрана на магистерска тема. Анкетниот лист се состои од (разновидни) прашања кои бараат точни и искрени одговори. Покрај секое прашање дадено е дополнително објаснување како да го одговорите т.е. што се бара од Вас. Прашањата се однесуваат на планирањето и организирањето на вонннаставните активности по предметот физичко воспитување во Вашето училиште. Анкетата е анонимна и од искреноста на Вашите одговори, ќе зависи успешноста на ова истражување. Времето предвидено за пополнување на анкетниот лист е 25 минути.

**1. Кои спортски содржини се застапени на вонннаставните активности по физичко? (заокружи еден или повеќе од понудените одговори)**

а) фудбал б) кошарка в) ракомет г) одбојка д) атлетика ѓ) гимнастика
е) пинг-понг ж) аеробик з) фитнес ѕ) тенис и) бадминтон ј) пливање
к) друго (наведи) ________________________.

**2. Колку често се организираат вонннаставни активности по физичко воспитување? (наведи бројчано)**

а) неделно ____________ . б) месечно__________. в) годишно_______.

**3. Каде најчесто се организираат вонннаставните активности по физичко воспитување?**

а) во училиштето в) во окружувањето на училиштето
б) во природа г) на друго место (наведи каде?)____________.

**4. Каде сакате да се изведуваат вонnаставните активности по физичко воспитување?**

а) во училиштето в) во окружувањето на училиштето

б) во природа г) на друго место (наведи каде?)___________.

**5. Според Вас, што има најголемо значење за планирањето и организирањето на воннаставните активности по физичко воспитување? (за Вашиот прв избор по значајност наведете 1, а за последниот избор 5)**

а) наставник_____ г) окружување_______

б) техничка опременост_____ д) лични афинитети

в) просторни услови_____ ѓ) друго____(наведи што?),_____________ .

---

**6. Кои спортски активности ги посетувате на воннаставните активности по физичко воспитување? (наведи една или повеќе активности).**

_______________________________________________________________

**5. Кои спортски активности би сакале да се организираат по физичко воспитување во рамките на воннаставните активности? (наведи една или повеќе активности)**

---

**8. На скалата за процена заокружете го бројот што се совпаѓа со Вашиот став за секое понудено тврдење при што:**

**Воопшто не се согласувам 1**

**Делумно се согласувам 2**

**Потполно се согласувам 3**

| **8.1.** | **Тврдења кои се однесуваат на условите за реализирање на воннаставни активности по физичко воспитување (за ученици)** | **Воопшто не се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Потполно се согласувам** |
|---|---|---|---|---|
| 8.1.1. | Вонnаставните активности по физичко воспитување се изведуваaat во училиштето | 1 | 2 | 3 |
| 8.1.2. | Често вонnаставните активности по изи~ко воспитување се реализираат во окружувањето на училиштето | 1 | 2 | 3 |
| 8.1.3. | Има доволно реквизити потребни за реализација на вонnаставните активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| 8.1.4. | Опременоста со реквизити влијае врз Вашата мотивација за посета на вонnаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| 8.1.5. | За реализација на вонnаставните активности по физичко воспитување има потреба од Ваши дополнителни материјални издатоци | 1 | 2 | 3 |
| **8.2.** | **Тврдења кои се однесуваат на интересот и посетеноста на вонnаставните активности по физичко воспитување** | **Воопшто не се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Потполно се согласувам** |
| 8.2.1. | Наставникот по физичко воспитување редовно планира и организира вонnаставни активности | 1 | 2 | 3 |
| 8.2.2. | Вие посетувате вонnаствни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| 8.2.3. | Имате интерес за посета на вонnаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| 8.2.4. | Има голем интерес кај соучениците за вонnаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| 8.2.5. | Застапени се различни содржини како вонnаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| 8.2.6. | Различните содржини би предизвикале поголема посетеност за вонnаставни активности по физичко воспитување | 1 | 2 | 3 |
| 8.2.7. | Посетеноста на вонnаставните активности зависи од Вашите афинитети кон одредени спортски содржини | 1 | 2 | 3 |